РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР

ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ ПО МИР И РАЗВОЈ

# КОНЦЕПТУАЛНА И КАУЗАЛНА ДЕТЕРМИНИРАНОСТ НА ХОРИЗОНТАЛНАТА НЕЕДНАКВОСТ И КОНФЛИКТИТЕ

-Магистерски труд-

Кандидат:
Насевски Давче

Ментор:
Проф.Д-р Лидија Георгиева

Мај 2016, Скопје

СОДРЖИНА

СКИЦА.....3
ВОВЕД.....19
1. КОНЦЕПТУАЛНА ДЕТЕРМИНИРАНОСТ НА ХОРИЗОНТАЛНИТЕ НЕЕДНАКВОСТИ.....24
1.1. Поим за хоризонтални нееднаквости.....24
1.1.1. Хоризонтална vs вертикална нееднаквост.....26
1.1.2. Мултидимензионалност на хоризонталната нееднаквост.....28
1.2. Меѓузависност и перзистентност на хоризонталните нееднаквости.....30
1.3. Хоризонталните нееднаквости како структурно насилство.....35
2. ЕМПИРИСКА ДЕТЕРМИНИРАНОСТ НА ХОРИЗОНТАЛНИТЕ НЕЕДНАКВОСТИ И КОНФЛИКТИТЕ.....40
2.1. Краток преглед на литературата за истражувањето на нексусот нееднаквост – конфликти.....40
2.2. Емпириски истражувања на хоризонталните нееднаквости и конфликтите.....48
2.2.1. Емпириски истражувања на Френсис Стјуарт и тимот соработници при Центарот за истражување на нееднаквоста, човековата безбедност и етницитетот (CRISE).....50
2.2.1.1. Истражувачки дизајн во студиите на случај на CRISE.....50
2.2.1.2. Избор на студии на случај.....54
2.2.1.3. Општи заклучоци за односот меѓу хоризонталните нееднаквости и конфликтите на CRISE.....55
2.2.2. Емпириски истражувања на Гудрун Озби од Институтот за меѓународни мировни истражувања во Осло.....65
2.2.2.1. Истражувачки студии за етницитетот, хоризонталните нееднаквости и граѓанскиот конфли.....66
2.2.2.2. Студија за ефектите на хоризонталните нееднаквости врз веројатноста од конфликт во зависност од политичките услови.....71

2.2.3. Емпириски истражувања на хоризонталните нееднаквости и етно-националните граѓански војни од Чедерман, Видман и Гледиш, при Институтот за меѓународни мировни истражувања во Осло.73
2.3. Недостатоци и предизвици на емпириските истражувања на хоризонталните нееднаквости и конфликтите.....81
3. ТРАНСМИСИОНИОТ МЕХАНИЗАМ ВО НЕКСУСОТ ХОРИЗОНТАЛНИ НЕЕДНАКВОСТИ – НАСИЛЕН КОНФЛИКТ.....85
3.1. Хоризонталните нееднаквости преку призмата на продолжениот социјален конфликт.....86
3.1.1. Нагласеност на комуналната содржина/етнокултурниот идентитет.....92
3.1.2. Обесправеност поради лишеност од основните човечки потреби.....96
3.1.3. Улогата на државата како катализатор на хоризонталните нееднаквости.....98
3.1.4. Наративите како комплементарен фактор на продолжениот социјален конфликт.....99
3.2. Хоризонталните нееднаквости од фактор на неправда до мобилизирачки фактор.....101
ЗАКЛУЧОК.....109
БИБЛИОГРАФИЈА.....113

## СКИЦА

### 1. Формулирање на проблемот на истражување

Во последните неколку декади, етнонационалните конфликти станаа доминантна форма на политичко насилство (Гур, 2005, Маршал, 2009, Валенстин и Соленберг, 2011).

Мноштвото граѓански војни во периодот по Втората светска војна се предводени во име на етнонационална автономија или како борба за независност. Овие мотиви се доминантни уште во бранот насилни граѓански војни во деветнаесеттиот и дваесеттиот век, како што се Балканските војни и распаѓањето на Отоманската и Хабсбуршката империја.

Но почнувајќи од 1950-тите години, бројот на етнички конфликти бележи пораст, достигнувајќи го својот врв во периодот 1993-1994 (Ериксон, 2003). Напоредно со овој тренд, се зголемува и интересот на владите, меѓународните организации и научната јавност за разбирање, разрешување и превенирање на овој вид конфликти.

Популаризацијата на обидот за објаснување на етничките конфликти по крајот на Студената војна придонесува кон зголемување на политичкото значење на етницитетот, именувајќи го растечкиот тренд како ефект на одмрзнување, по продолжениот период на авторитарно владеење, со кое историската омраза помеѓу етничките групи оживува, потхранета со спротивставени барања за самоопределување и политички суверенитет (Калахан, 1998). Напоредно, етничките конфликти добиваат класификација на безбедносен проблем во глобални рамки, оттука и етничкиот шовинизам и омраза се перцепираат како главна препрека за глобализирање на западниот модел на либерално општество, засновано на еднаквост и почитување на културните различности (Игнатиев, 1997).

Идентитетската основа на конфликтите станува поексплицитна по крајот на Студената војна во раните 1990-ти, со исчезнување на идеолошките разлики (Стјуарт, 2009). Според Центарот за системски мир, виртуелното изобилие на наизглед необјаснивите (и претходно невидливи) социјални идентитетски конфликти експлодираа на светската сцена, привлекувајќи го вниманието на јавноста и политиката.

Податоците за конфликтите покажуваат дека иако постои одредено опаѓање на вкупниот број на конфликти во средината на деведесеттите (Гледиш, Валенстин, Ериксон, Соленберг и Странд, 2000), процентот на конфликтите со етнички предзнак бележи пораст (Маршал, 2006).

Повеќето современи конфликти се карактеризираат со нејасна граница помеѓу внатрешните и надворешните извори и актери, вклучуваат бројни каузални фактори и динамики, кои се рефлектираат во променливите цели и актери, и најпосле – не постојат јасни точки на почеток и крај на конфликтот (Азар, 1990). Терминот „продолжен социјален (општествен) конфликт" истакнува дека изворите на овие конфликти лежат пред сé во (и преку) државите наместо помеѓу нив, со четири групи на променливи како предуслови за нивна трансформација во високи нивоа на интензитет. Две од нив се од значење за овој труд:

Прво, комуналната содржина (communal content) – најкорисната единица во анализата на продолжениот социјален конфликт е идентитетската група (расна, религиозна, етничка, културна и друго) и нејзината специфичност (големина, политичка мобилизација итн).

Второ, лишеноста од човечките потреби (deprivation of human needs) како подслоен извор на продолжениот социјален конфликт, неправдите кои произлегуваат од лишеноста од потребите и создаваат подлога за продолжениот социјален конфликт.

Разликите кои произлегуваат од нееднаквост можат да водат кон латентен социјален конфликт, кој се манифестира преку политичка борба за јавните ресурси.

Врската помеѓу нееднаквостите и конфликтот е комплексна и комплексно е поврзана со институционалните структури кои управуваат или ги забрзуваат потенцијалните конфликти (Извештај за светски развој, 2006).

Под одредени околности, нееднаквоста може да се поврзе со отворен социјален конфликт, кој еруптира во својата најдеструктивна форма: насилен конфликт и граѓанска војна.

Насилниот конфликт во современите мултиетнички и мултирелигиозни / мултикултурни општества, претставува еден од најзначајните проблеми во глобални рамки. Но наспроти популарната и често експлоатирана теза дека современите конфликти се случуваат по линија на цивилизациските расцепи, заменувајќи ги претходните идеолошки судири помеѓу капитализмот и комунизмот (Хантингтон, 1993), насилните конфликти во рамиките на мултиетничките општества не се

неодминливи, напротив, повеќето мултиетнички општества се мирољубиви (Ферон и Латин, 1996). Оттука прашањето што се поставува е: Зошто етничкиот конфликт се случува во одредени околности, а во други не?

За други, тоа претставува универзалната потреба за културна вкоренетост, нагласена во услови на глобализација и рапидни социјални промени (Бек, 1997).

Една поинаква теза за глобализацијата пак, се поврзува со ширењето на пазарите во земјите во развој и влијанието што тој процес го има врз зголемување на нееднаквоста и потенцијалот за конфликти, односно „во земјите во развој, пазарите имаат тенденција да ги збогатат етничките малцинства, додека демократијата претендира да му даде моќ на сиромашното, домородно мнозинско население, создавајќи запалива динамика...соочувајќи се со опасен проблем: класниот конфликт и етничкиот конфликт се поклопуваат на особен експлозивен начин. Богатите не се само богати, но и членови на омразена, надворешна етничка група" (Еми Чуа, 2004).

Во текот на 1990-тите, се појавуваат нови пристапи за проучување на етничките конфликти, се одржуваат специјализирани конференции и се издаваат нови трудови и списанија кои ја обработуваат оваа проблематика како што се *Journal of Peace Research, Journal of Conflict Resolution, Nationalism and Ethnic Politics,* итн.

И покрај обемните и разновидни емпириски и теоретски трудови и обиди статистички да се одреди односот помеѓу нееднаквоста и конфликтот, некомпатибилните заклучоци ги продолжуваат дилемите за постоењето, односно непостоењето на каузалната врска во овој нексус.

Дури и студиите кои користат иста база на податоци (како базата на податоци за нееднаквост на Дејнинџер и Сквир) доаѓаат до различни сознанија за односот помеѓу нееднаквоста и насилниот политички конфликт, граѓанската војна или комплексните хуманитарни интервенции.

Ова сугерира дека проценките на односот во статистичките студии се чувствителни на спецификацијата на моделот и/или варијациите на примерокот (Крамер, 2005). Студиите на случај сугерираат дека нееднаквоста помеѓу етничките групи или помеѓу региони, кои се именуваат како хоризонтална нееднаквост (horizontal inequality - Стјуарт, 2001) или категориска нееднаквост (categorical inequality - Тили, 1999), се значајни во објаснување на етничките конфликти (ethnic conflicts).

„Обичната" нееднаквост помеѓу богатите и сиромашните не е доволна да предизвика насилен конфликт. Она што е високо експлозивно е...хоризонталната

нееднаквост: кога моќта и ресурсите се нееднакво распределени помеѓу групите кои се исто така различни на други начини – на пример по расна припадност, религија или јазик. Таканаречените етнички конфликти се случуваат помеѓу групите кои се особени на еден или повеќе начини, кога една од нив чувствува дека е дискриминирана, или кога другата ужива привилегии за кои се плаши дека ќе ги изгуби (Анан, 1999).

Хоризонталните нееднаквости продуцираат неправди кои иако директно не се поврзани со конфликтот, ја забрзуваат мобилизацијата, што како последица ги зголемува шансите за побуна (Гур и Мур, 1997).

Овие нееднаквости можат да доведат до чувства на фрустрација и незадоволство кои можат да предизвикаат насилна групна мобилизација и конфликт по етнички, религиозни или регионални линии.

## 2. Цели и задачи на истражувањето

Основна цел на овој труд е да направи научна дескрипција и анализа и да истражи како и на кој начин нееднаквоста, поточно хоризонталната нееднаквост, разбрана преку нејзините економски, социјални и политички димензии влијае врз појава на конфликтите пошироко, односно врз појава на насилниот конфликт, во потесна смисла на зборот.

Во рамките на ова истражување се наметнуваат и неколку задачи:

- Да направи краток преглед на литературата за нексусот хоризонтална нееднаквост – конфликти;
- Да укаже на емпириските проблеми во истражувањето на каузалноста помеѓу хоризонталната нееднаквост и конфликтите;
- Да го концептуализира начинот на кој хоризонталната нееднаквост се трансформира во насилен конфликт.

## 3. Предмет на истражување

Нексусот помеѓу нееднаквоста и конфликтите е еден од најстарите прашања во политичката економија, привлекувајќи го вниманието на големите политички теоретичари на сите времиња: Аристотел, Платон, Макијавели, Токвил, Маркс, но и на многумина припадници на современата политичка наука, како што се Липсет, Дал, Хантингтон и др.

Повеќето традиционални студии на нееднаквоста и конфликтот се надоврзуваат на теоријата за релативна неправда (relative deprivation - Гур, 1970), според која, за разлика од апсолутната неправда која може да доведе до апатија и неактивност, споредбите со оние во општеството кои се во поповолна состојба може да резултира во насилство. Оваа теорија препознава различни видови насилство како реакции на фрустрациите кои произлегуваат од неисполнети очекувања, кои вообичаено се однесуваат на материјалната благосостојба.

Неодамнешни истражувања за граѓанските насилни конфликти разликуваат побуна поради алчност и побуна поради неправда: од една страна се рационалните теории кои се фокусираат на можноста за организирање побуна (алчност), а на друга страна се теориите за релативната неправда кои се фокусираат на мотивите на групите да ја променат својата положба.

Теоријата за релативна неправда (Тед Гур) веројатно е најистакнатата која ги поврзува неправдата со конфликтот, но исто така бележи мешавина од емпириски докази (Бруш, 1996; Обершал, 1978). Оваа теорија своевремено привлекува критика од Снајдер и Тили (1972) кои тврдат дека она што доведува до внатрешни конфликти и револуции не се неправдите, туку мобилизацијата базирана на можност, т.е. сметаат дека не постои некоја општа врска помеѓу колективното насилство и неправдата каква што би можело да се претпостави (Тили, 1978; Скокпол, 1979).

Серија на студии потоа ги предизвикуваат резултатите кои се однесуваат на доходовната нееднаквост, која вообичаено се поврзува со релативната неправда (на пример Виид, 1987).

Во теоријата постојат пет возможни релации помеѓу економската нееднаквост и политичкиот конфликт: позитивна, негативна, конвексна (инверзна У-форма), конкавна (У-форма) или нулта. Емпириската литература нуди примери за секоја одделно (Линбах, 1989).

До крајот на осумдесетите на минатиот век, дебатата продолжува, вклучувајќи ги сите возможни каузални интеракции, но и дебатата на тема алчност-неправда. Но, таа не треба да се разбере како „или-или" однос, туку клучно е да се разбере интеракцијата помеѓу неправдите и можностите (Шок, 1996).

Со завршувањето на Студената војна и новиот бран на конфликти, од кои повеќето имаат етнички предзнак, Гур (1993; 2000) ги проширува своите претходни истражувања на односите помеѓу етничките малцинства и дискриминацијата и неправдите наметнати од страна на државите.

Заедно со Хоровиц (1985), истражувајќи ги етничките групи во конфликт, доаѓаат до заклучок дека етничките неправди допринесуваат индиректно до колективно насилство преку етничка мобилизација.

Спротивно на ова, Колиер и Хофлер (2004) ги позиционираат своите тврдења спротивно на оние базирани на неправдите како причина за конфликт, следејќи ги своите рани критики на теоријата за релативна неправда на Гур. Според нив, „погрешната перцепција на неправдите може да биде вообичаена: сите општества може да имаат групи со прекумерни неправди. Во овој случај, како и во побуната базирана на алчност, мотивот нема да ја објасни појавата на побуна" (Колиер и Хофлер, 2004).

Како и тоа дека „нееднаквоста не влијае врз ризикот од конфликт...конфликтот не е причина за поделби, напротив, потребен е тие да се создадат" (Колиер, 2000).

Во друга влијателна студија која ги потенцира политичките и институционалните причини за граѓанскиот конфликт, Ферон и Латин (2003) презентираат заклучоци кои фрлаат сомнеж на етничките и политичките неправди како објаснувања за појава на конфликтите.

„Факторите кои ги прават овие неправди витални и манифестни се разликуваат од насилните до ненасилните случаи. *Ex ante* мерењата на нивоата на неправдите не се добри предвидувачи на трансформацијата на латентните неправди во манифестни.

Токму тие фактори кои ги трансформираат латентните неправди во насилни дејствија, треба да се сметаат за објаснувачки за насилството" (Латин, 2007).

Многумина од оние кои сметаат дека нееднаквоста е причина за политичко насилство, сметаат дека податоците за нееднаквоста се значително несовршени и дека тоа ја замаглува проценката за релевантноста на нееднаквоста во конфликтните модели.

Колиер и Хофлер (1998) забележуваат дека не постојат доволно податоци за воведување на дистрибутивните прашања во емпириските анализи.

Ферон и Латин (2003) заклучуваат дека сиромашниот квалитет на податоците за нееднаквоста расположливи за 108 земји, не дозволуваат да се оди предалеку од заклучокот дека не постојат изразени односи помеѓу нееднаквоста и појавата на граѓанска војна на меѓународно ниво.

И покрај негативните наоди, бројни истражувачи на нексусот помеѓу нееднаквоста и конфликтот сметаат дека е прерано да се отфрлаат неправдите и нееднаквоста во каузалната спрега со конфликтот.

Помеѓу поборниците дека економската нееднаквост води до насилен политички конфликт и нестабилност се и Мулер (1997) и Нафзигер и Аувинен (2002). Мулер прави меѓународна студија на 33 земји, укажувајќи на релација помеѓу нееднаквоста на доходите и бинарната променлива на стабилноста, наспроти нестабилноста на демократијата помеѓу 1960 и 1980 година.

Неодамнешната литература за економијата на конфликтот и/или комплексните хуманитарни интервенции се согласува дека нееднаквоста е силен предуслов за конфликт. Најважен пример претставуваат анализите на хуманитарните интервенции на Нафзигер и Аувинен (1997), кои индицираат дека високата нееднаквост на доходите (мерена преку Џини коефициентот) е поврзана со политичкиот конфликт и комплексните хуманитарни интервенции. Нафзигер и Аувинен (2002) користат мерење на нееднаквоста со Џини коефициентот, врз податоците на Дејнинџер и Сквир (1996), кои се широко прифатени како најрелевантни податоци за нееднаквоста.

Но, иако постои широка поддршка за овие тврдења, не произлегува дека неокласичната економија или економијата на не-ортодоксен развој продуцира заклучок според кој повисокиот Џини коефициент води кон поголема веројатност за вооружен конфликт или граѓанска војна (Крамер, 2003).

Врз основа на Нафзигер и Аувинен и нивните интерполации, Ферон и Латин (2003) заклучуваат дека без оглед дали во биваријантниот модел или во мултиваријантната равенка, проценките на Џини коефициентот не се доближуваат ниту до статистичко, ниту до суштинско значење.

Зимерман (1980) сумирајќи го прегледот на литературата за нееднаквоста, заклучува дека ограничената расположлива емпириска евиденција сугерира линеарно позитивна врска помеѓу социо-економската нееднаквост и политичкото насилство, но и

тоа дека податоците и методите во изборот на примероците ја минираат довербата во повеќето студии и ја подвлекуваат слабоста во потпирањето на меѓурегионалните, наместо во лонгитудиналните податоци.

Покрај критиката за недостигот на контролни варијабли и недоволната, односно некомплетна база на податоци, постои и друг проблем, концепциски проблем во одредување на каузалноста во нексусот помеѓу нееднаквоста и конфликтот.

Проминентни студии за граѓанската војна доаѓаат до консензус дека нееднаквоста не го зголемува ризикот од граѓанска војна (Колиер и Хофлер, 2004, Ферон и Латин, 2003, Хегр, Гисинџер и Гледиш). Но овој заклучок е оспоруван од бројни автори кои подвлекуваат дека горните студии го „занемаруваат групниот аспект на нееднаквоста" (Гудрун Озби, 2008, Френсис Стјуарт, 2009). Имено, граѓанските војни се групни конфликти, а не конфронтациии помеѓу индивидуи кои случајно војуваат меѓусебно (Дуклос, Естебан и Реј, 2004).

Претходните студии завземаат индивидуален пристап кон нееднаквоста (Дејнинџер и Сквир, 1996, УНУ/ВИДЕР и УНДП, 2000), концентрирајќи се исклучиво на нееднаквоста помеѓу индивидуите, иако се обидуваат да го објаснат групниот конфликт. Тоа би можело да објасни зошто многумина истражувачи не успеваат да најдат врска помеѓу нееднаквоста и граѓанската војна (Гудрун Озби, 2008). Повеќето внатрешни конфликти се организирани групни конфликти кои не се ниту исклучиво, ниту се пред сé индивидуален акт на насилство кон други индивидуи.

Друг проблем претставува исклучивиот фокус на нееднаквост на доходите, односно на економската нееднаквост. Оттука се поставува прашањето: Еднаквост на што? Шен (1992) потенцира дека нееднаквоста е многу повеќе од нееднаквост на доходите мерена со Џини индексот, фокусирајќи се на три различни категории на еднаквост: еднаквост на доход или други финансиски средства, еднаквост на благосостојба и еднаквост на права и слободи.

Стјуарт (2002) се согласува дека нееднаквоста се однесува на политички, економски и социјални димензии. По трагите на Хоровиц и Гур, Стјуарт го концептуализира поимот за хоризонтална нееднаквост како севкупност на политичките, економските, социјалните и културните димензии, на тој начин спротивставувајќи ја хоризонтална нееднаквост на вертикалната нееднаквост (нееднаквост помеѓу индивидуите), како причина за конфликт.

Хоризонталните нееднаквости се нееднаквости помеѓу групи на луѓе кои споделуваат заеднички идентитет, односно нееднаквост во економски, социјални и политички димензии или културен статус помеѓу културно дефинирани групи (Стјуарт, 2009).

Според Стјуарт, за релативната неправда да прерасне во насилен конфликт, неопходно е да постои објективна, но и субјективна база во хоризонталната нееднаквост, односно нееднаква распределба по регионални, религиски или етнички линии. Акцентот во овој контекст е дека насилството ќе израсне во колективна акција помеѓу натпреварувачки групи, мобилизирајќи ги луѓето околу колективниот идентитет. Нееднаквостите кои коинцидираат со етнички расцепи можат да ги засилат неправдите и кохезијата на групата и да ја помогнат мобилизацијата за конфликт (Гур, 2000, Маршед и Гејтс, 2005, Стјуарт, 2000).

Оттука, хоризонталната нееднаквост наместо да се именува како фактор на неправда, добива значење на мобилизирачки фактор.

Бидејќи и граѓанските војни се групни конфликти, централното прашање треба да биде зошто и како групите се мобилизираат? (Стјуарт, 2000)

Етничките, религиозните и културните разлики, сами по себе, ретко водат до конфликт. Во атмосфера на затегнати тензии кои се резултат на социо-политички конфликт, можат да обезбедат плодна почва за политичка експлоатација. Факторите кои можат да допринесат за поларизација на етничките и културните разлики вклучуваат: економска, социјална и политичка дислокација кои резултираат од нерамномерен развој, наследство од колонијалните граници, нелигитимни или слаби институции, присилна асимилација на малцинствата и аспирации за зголемена автономија од страна на територијално-концентрираните етнички групи (ДАЦ водич, 2001). Нерамномерниот економски раст и диспаритетите во дистрибуцијата на нејзините придобивки може да ги зголемат тензиите.

Алокацијата на ресурсите и привилегиите понекогаш стигнуваат само до оние групи кои го контролираат државниот апарат. Ова може да резултира во маргинализација на ранливите групи и занемарување на помалку динамичните региони. Овие нееднаквости се особено значајни кога се придружени со зголемена перцепција на диспаритет и недостиг на институции кои ќе одговорат на овие нееднаквости, како што вообичаено се случува во брзорастечките урбани популации (ДАЦ водич, 2001).

## 4. Дефинирање на основните поими на истражување

**Поим за конфликт** – се однесува на состојба во којашто најмалку два актери, или нивни претставници, се обидуваат да ги остварат своите спротивставени цели со онеспособување, директно или индиректно, на способноста на противникот за дејствување, односно со примена на физичка принуда или со уништување на сопственоста и вредносните симболи едни на други (Денис Сандол). Во поширока современа конотација, конфликтот се дефинира како перцепција за различните позиции во однос на проблемот помеѓу две или повеќе страни истовремено (Питер Валенстин).

**Поим за етнички групи** – се однесува на луѓе кои споделуваат особен и постојан колективен идентитет заснован на верувањето во заеднички предок, заедничка историја и културни особености (Гур).

**Поим за етнополитички групи** – се идентитетски групи чиј етницитет има политички последици, резултирајќи или во различен третман на членовите на групата или во политичка акција во име на интересите на групата (Гур). Концептот за етнополитичка група е конзистентен со конструктивистичкиот пристап, фокусирајќи го вниманието на променливите околности во кои етничкиот идентитет станува основа за колективна политичка мобилизација и акција.

**Поим за хоризонтална нееднаквост** – се однесува на нееднаквоста помеѓу луѓето кои споделуваат заеднички идентитет. Оваа нееднаквост има економски, социјални, политички и димензии на културен статус, при што секоја од нив содржи бројни елементи – некои од нив може да имаат одредено значење за луѓето во одредени општества, додека во други тоа да нема никакво значење. (Френсис Стјуарт, CRISE – Центар за истражување на нееднаквоста, човековата безбедност и етницитетот – при Универзитетот во Оксфорд)

***Поим за економска нееднаквост*** – вклучува нееднаквост во пристапот и сопственоста над средствата: финансиски, хумани и природни и социјални ресурси, како и нееднаквост во доходите, можностите за вработување, кои зависат од овие средства и од општите услови во стопанството.

***Поим за социјална нееднаквост*** – вклучува нееднаквост во пристапот до низа услуги, како што се образованието, здравствената заштита и домување, како и придобивки кои произлегуваат од образованието и здравствената заштита.

***Поим за политичка нееднаквост*** – вклучува нееднаквост во дистрибуцијата на политичките можности и моќ помеѓу групите, вклучувајќи ја контролата над армијата, владиниот кабинет, локалната и регионалната влада, парламентарното собрание, полицијата и претседателството. Исто така, вклучува нееднаквост на човечките способности да учествуваат политички и да ги изразуваат своите потреби.

***Поим за нееднаквост на културен статус*** – вклучува диспаритети во уважувањето и позицијата на јазикот, религијата, обичаите, нормите и практиките на различни групи.

**Поим за недржавен конфликт** – се однесува на употребата на сила помеѓу две организирани вооружени групи, од кои ниедна не е влада или држава, и која резултира со најмалку 25 жртви загинати во борба на годишно ниво (Програма на Упсала за конфликтни податоци).

**Поим за вооружен конфликт** – се однесува на спротивставена некомпатибилност која се однесува на владата/или територијата, каде што употребата на воена сила помеѓу две страни, од кои барем едната е владата на државата, резултира со најмалку 25 жртви загинати во борба на годишно ниво (Програма на Упсала за конфликтни податоци).

**Поим за меѓудржавен вооружен конфликт** – се однесува на вооружен конфликт помеѓу две или повеќе држави.

**Поим за екстрасистематски вооружен конфликт** – се однесува на вооружен конфликт помеѓу држава и недржавна група надвор од територијата на државата, од кои поголем дел се колонијалните војни (Смол и Сингер, 1982).

**Поим за внатрешен вооружен конфликт** – се однесува на вооружен конфликт помеѓу влада на држава и внатрешни опозициски групи без интервенција на други држави (Смол и Сингер, 1982).

**Поим за не-меѓудржавен конфликт** – се однесува на два вида конфликти: конфликт базиран на револуција/идеологија и конфликт базиран на идентитет/сецесија (Сингер и Хослти, 1996).

***Поим за конфликт базиран на револуција/идеологија*** – граѓански конфликт каде што еден од протагонистите е бунтовник или револуционерна група во рамки на признаените граници на државата.

***Поим за конфликт базиран на идентитет/сецесија*** – комплексни внатредржавни војни во поранешните колонијални држави, каде предизвикот доаѓа од

страна на културно дефинирани групи чии членови се идентификуваат меѓусебно и со групата врз основа на споделени расни, етнички, јазични, религиозни или слични карактеристики.

Терминот не-меѓудржавен конфликт не подразбира дека во конфликтот не се инволвирани држави или дека истиот не се прелева надвор од државните граници или не вовлекува други држави во конфликтот, единствено значи дека овој вид конфликти не претставуваат класични меѓудржавни војни (Рамсботам, Вудхаус и Мијал, 2005).

Дополнително Холсти ги разликува следните типови на не-меѓудржавни конфликти: деколонизирачки војни за национално ослободување, внатрешни војни базирани на идеолошки цели и државни-национални војни кои вклучуваат вооружен отпор од страна на етнички, јазични и/или религиозни групи, често со цел сецесија или одвојување на државата.

Терминот конфликт базиран на идентитет/сецесија се однесува на релативниот статус на заедниците или комуналните групи во однос на државата. Во зависност од природата на групата и контекстуалната состојба, вклучува борба за пристап, автономија, сецесија или контрола (Гур, 1995).

**Поим за етнонационален конфликт** – се однесува на борбата за одбрана и промоција на идентитетот на барање на етнолингвистички или етнорелигиозни заедници (Мичел, 1991), додека Ротман (1992) разликува внатредржавни конфликти базирани на интереси и комунални конфликти базирани на потреби.

**Поим за фракционен конфликт** – се однесува единствено на натпреварувачки интереси или борба за моќ на политички или криминални фракции. Оваа класификација коинцидира со категоријата на конфликти базирани на економска можност на Колиер и Хофлер (2001).

Терминот фракционен конфликт покрива *coups d'etat*, борба за моќ помеѓу елитите, криминални и воени диктаторства, каде што целта е да се узурпира, превземе или задржи државната моќ само заради натамошни економски и други интереси (Рамсботам, Вудхаус и Мијал, 2005).

## 5. Хипотетичка рамка

**Општа хипотеза**

Хоризонталната нееданквост, како нееднаквост на економски, социјални, политички и културно статусни димензии, помеѓу културно дефинирани групи е фактор кој придонесува за политичка мобилизација на натпреварувачките групи, кои се мобилизираат околу колективниот идентитет и во услови на објективна и субјективна (перцепирана) нееднаква распределба по етнички расцепи, може да ја засили кохезијата на групата и да прерасне во насилен конфликт.

***Поединечна хипотеза***

Хоризонталната економска нееднаквост влијае врз можноста од политичка мобилизација и ризикот од насилен конфликт.

Хоризонталната социјална нееднаквост влијае врз можноста од политичка мобилизација и ризикот од насилен конфликт.

## 6. Метод на истражување

За реализација на ова истражување потребно е да се применат соодветни методи, техники и инструменти кои ќе овозможат собирање, средување и анализа на податоците, како би биле во можност да дојдеме до нови сознанија за истражувачкото прашање заради проверка на поставената хипотеза и реализација на целта и задачите на овој труд.

### Методолошки пристап во истражувањето

Во ова истражување ќе се применат методот на дескрипција и на анализа на документи, односно квалитативна и компаративна анализа.

Дескриптивниот метод треба да овозможи научна дескрипција на предметот на истражување согласно теориската рамка на квантитативната и квалитативната литература за насилни конфликти.

Анализата на содржина ќе се примени како квалитативна и компаративна анализа на документи кои се однесуваат на хоризонталната и вертикална нееднаквост и конфликтите.

### Метод на анализа на документи

Со методот на анализа ќе се анализираат податоци од повеќе извори: извештаи од меѓународни институции надлежни во истражуваната проблематика, трудови и анализи спроведени од страна на научни институции и самостојни истражувачи, агенции и универзитети и други извори.

Посебен осврт ќе се направи врз следните документи:

1. Документи на CRISE (Центар за истражување на нееднаквоста, хуманата безбедност и етницитетот) при Универзитетот во Оксфорд;
2. Документи на ООН, ОЕЦД, СБ кои ја дефинираат зависноста и концептот на нееднаквоста и конфликтите;
3. Трудови и списанија кои ја обработуваат оваа проблематика како што се *Journal of Peace Research, Journal of Conflict Resolution, Nationalism and Ethnic Politics*, итн;

4. МАР – База на податоци за малцинства под ризик – единствена база за групна нееднаквост;
5. ДХС – Демографски и здравствени истражувања – истражувачки проект за 39 земји во развој во перидот 1986-2004, подготвен од УСАИД;
6. УНУ/ВИДЕР и УНДП – светска база на податоци за нееднаквост на доходите.

За анализа на документите ќе се користи дескриптивна и суштинска анализа на содржината која треба да покаже на кој начин нееднаквоста, односно хоризонталната нееднаквост, разбрана преку своите економски, социјални и политички димензии влијае врз можноста од појава на насилен политички конфликт.

**Компаративен метод**

Со компаративниот метод ќе се изврши споредување на анализите од меѓузависноста на конфликтната динамика во корелација со нееднаквоста кај различни научни истражувачи, универзитети и истражувачки центри.

## ВОВЕД

Втората половина на 20-тиот век е одбележана со етнонационални конфликти како доминантна форма на политичко насилство (Гур, 2005, Маршал, 2009, Валенстин и Соленберг, 2011). Трендот на забрзан пораст на етнополитичките конфликти започнува кратко по завршување на Втората светска војна и продолжува да се зголемува во осумдесетите години на минатиот век, достигнувајќи го својот врв во деведесетите години[1]. Трикратното зголемување на бројот на вооружени конфликти помеѓу 1946 година и крајот на Студената војна на почетокот на 90-тите, речиси во целост се должи на драматично зголемување на внатре-државните конфликти, кои сочинуваат повеќе од 95% од сите конфликти во тој период (Извештај за човеков развој, 2005).

Виртуелното изобилие на наизглед необјасниливите (и претходно невидливи) социјални конфликти на идентитети експлодираа на светската сцена привлекувајќи го вниманието на јавноста и политиката (Центар за системски мир).

Таканаречените „нови војни" се мобилизираат околу етнички, расни или религиозни идентитети, во смисла на етикетирање на барањата за политичка моќ (Калдор). Напоредно со овој тренд, се популаризира и обидот за објаснување на етничките конфликти, а со него и политичкото значење на етницитетот.

Во медиумскиот и политичкиот дискурс таквиот пораст се објаснува како „ефект на одмрзнување" – топење на „мразот" на авторитарното владеење сочувано за време на ривалството помеѓу супер силите, како резултат на кое „античката омраза" помеѓу етничките групи (Каплан, 1993) повторно оживува, потхранета со спротивставени барања за самоопределување и политички суверенитет (Калахан, 1998). На ова се надоврзува и Хантингтоновата теза за судирот на цивилизации како замена за истрошеното ривалство помеѓу истокот и западот, односно нивните

[1] Податоците на Валенстин, Гур и Маршал покажуваат дека бројот на вооружени конфликти растел постојано се до крајот на Студената војна, но потоа опаѓа. Спрема податоците на Универзитетот во Упсала користени од СИПРИ, во периодот 1989-96 има речиси постојано опаѓање на бројот на големи вооружени конфликти низ светот. Валенстин и Соленберг идентификуваат 47 вооружени конфликти во 1989, 55 во 1995 година која се смета за врв, но само 36 во 1998. Валенстин и соработниците во Проектот на Упсала за податоци за конфликт, забележуваат 226 вооружени конфликти од 1946 до 2002, од кои 116 се активни во периодот 1989-2002, 5 во 2002, 7 внатре-државни вооружени конфликти се забележани во 1989-2002, од кои само еден активен во 2002.

идеолошки архетипови, комунизмот и капитализмот.[2] Етничките конфликти на тој начин, стануваат почва за тестирање на новиот морал за промовирање на мир, стабилност и човекови права во целиот свет (Андреас Вимер).

По крајот на Студената војна вкупниот број на внатрешни конфликти опаѓа (неодамна е забележан пораст на недржавните конфликти), но расте бројот на внатрешните конфликти кои се интернационализираат (Извештај за човеков развој, 2014).[3]




а. Вклучува интернационализирани внатрешни конфликти

б. Вклучува екстрасистемски конфликти

(извор: УЦДП и ПРИО 2013; УЦДП 2013)

График 1. Тренд на внатрешни и недржавни вооружени конфликти на глобално ниво

[2] Притоа, запрепастувачко е што во дискурсот на популарната литература речиси отсуствува придонесот на академската литература која се занимава со овој феномен, а која се развива во изминатите декади во одговор на новонастанатите околности, како онаа на Гур, Русет, Бејтс, Кулиер и Хофлер, Елингсен, Ферон и Латин, Крамер, Хоровиц, Стјуарт и др.

[3] Повеќе аналитичари се согласни околу поделбата на современите не-меѓудржавни конфликти на конфликти засновани на револуција/идеологија и конфликти засновани на идентитет/сецесија (Сингер, Холсти) или нивни варијации (Мичел, Гур, Упсала). Останатите видови конфликти како меѓудржавните и деколонизаторските конфликти иако постојат како такви, нивното значење е или незначително (меѓудржавни) или веќе сосема отсуствува поради променетите историски услови (деколонизаторските конфликти). Типологијата на Сингер разликува уште еден вид на не-меѓудржавни конфликти, т.н. фракциони конфликти кои претставуваат конфликти засновани на натпреварувачки интереси или борби за власт на политички или криминални фракции.

Врвот на бранот етнополитички конфликти во почетокот на 1990-тите нема едноставно објаснување. Според Гур, „растот на протести и побуни од страна на идентитетските групи резултираат од специфични регионални врски на локални и меѓународни услови, вклучувајќи го колапсот на хегемонистичка контрола во посткомунистичките земји, успешните демократски транзиции во Латинска Америка и системскиот политички и економски неуспех во Африка".[4] Понатаму, „ерупцијата на етничките војни кои го привлекоа вниманието на истражувачите во раните 1990-ти, беше во суштина кулминација на долгорочен општ тренд на комунално-засновани растечки протести и побуни со почеток во 1950-тите и го достигнаа врвот веднаш по крајот на Студената војна...она што е позначајно е билансот помеѓу ескалацијата и деескалацијата: испитувањето на 59 вооружени конфликти во текот на 1998 година покажува дека деескалирачките конфликти ги надбројуваат ескалирачките во однос 23 спрема 7, додека преостанатите 29 не покажуваат краткорочен тренд."[5]

Треба да се нагласи дека категоријата на етничкиот конфликт која се наведува како најприсутна по завршувањето на Студената војна, единствено ја објаснува нагласеноста на етничката димензија на проблемите во сферата на конфликтот.[6]

Додека комуналните тензии се очигледно неопходна состојка на експлозивниот микс, самите не се доволни да предизвикаат насилство. Етничките, религиозните и културните разлики, сами по себе, ретко водат до конфликт, напротив повеќето мултиетнички и мултикултурни општества се мирољубиви (Ферон и Латин, 1996).

Прашањето е зошто етничките или религиозни конфликти се случуваат во одредени околности, а не во други? (Стјуарт). Факторите кои можат да допринесат за поларизација на етничките и културни разлики се однесуваат на: економска, социјална и политичка дислокација кои се резултат на нерамномерен развој, наследство од колонијалните граници, нелигитимни или слаби институции, присилна асимилација на малцинствата и аспирации за зголемена автономија од страна на територијално-концентрираните етнички групи (ДАЦ Водич, 2001).

---

[4] Ted Gurr: *Peoples verus States, Minorities at Risk in the New Century*, United States Institute of Peace, Washington, 2000, стр.56

[5] Ibid, стр.276

[6] Лидија Георгиева: *Творење на мирот*, Скопје, 2007, стр.140

Во рамките на теоријата на меѓународниот конфликт, истражувачите се согласни дека во заднината на овие вооружени конфликти не постои единствена причина, туку спрега помеѓу економските состојби, т.е. продолжена економска и политичка нееднаквост и екстремно кршење на човековите права како есенцијална комбинација од причини за конфликт. Една заедничка карактеристика е содржана во фактот дека, причините – од ексклузивните политики и максимизацијата на елитите до неадресираните општествени неправди – сите тие допринесуваат за општествена нерамнотежа (ХДР, 2014).

Повеќето современи конфликти се карактеризираат со нејасна граница помеѓу внатрешните и надворешните извори кои лежат пред сé внатре (и преку) државите отколку помеѓу нив, со четири групи на променливи кои се препознаваат како предуслови за нивна трансформација во повисоки нивоа на интензитет.[7]

Насилниот конфликт се должи пред сé на неуспехот на државата да ги превенира, задржи и реши овој вид конфликти. Факторите кои се значајни во овој однос се група на ризици и настани кои служат како катализатори. „Одредени ризични фактори се вкоренети во сиромаштијата и нееднаквоста, иако врските меѓу нив не се автоматски. Други може да се поврзат со неуспехот на институциите и недемократските политички структури, окупација или спротивставени барања за територија. Надворешни настани како економски шокови, регионални конфликти и промени во општеството кои креираат тензии помеѓу политичките елити можат да ги втурнат општествата во насилен конфликт."[8]

Многу земји се соочуваат со повторувачко насилство каде конфликтите не се изолирани настани туку течат и се повторуваат: 90% од граѓанските војни во последната декада се случиле во земји кои веќе имале граѓанска војна во последните 30 години (Извештај за светски развој, 2011).

---

[7] Прво, комуналната содржина – најкорисната единица во анализата на продолжениот социјален конфликт е идентитетската група (расна, религиозна, етничка, културна и др.) и нејзината специфичност (големина, политичка мобилизација итн.); второ, лишеноста од човечките потреби како подслоен извор на продолжениот социјален конфликт, неправдите кои произлегуваат од лишеноста од потребите и создаваат подлога за продолжен социјален конфликт; трето, улогата на државата како критичен фактор за задоволување или фрустрација на индивидуалните потреби и потребите на идентитетските групи; и четврто, меѓународната поврзаност, особено политичко-економските релации на економска зависност во рамки на меѓународниот економски систем.

[8] Извештај за човеков развој, 2005, стр.162

Политичкото насилство на почетокот на дваесет и првиот век е сè поприсутно, понасочено кон цивилите, вклучува нејасна дистинкција меѓу војна и криминал и се базира и служи за појава на раздвојувачки политики на идентитет – ова се карактеристиките на „новите војни“.[9]

Кога моќта и ресурсите се нееднакво распределени помеѓу групите кои се исто така различни и на други начини – на пример, по расна припадност, религија или јазик, овие нееднаквости можат да доведат до чувство на фрустрација и незадоволство кои можат да предизвикаат мобилизација и под одредени околности да резултираат со отворен социјален конфликт кој еруптира во својата најдеструктивна форма: насилен конфликт и граѓанска војна.

Таканаречените етнички конфликти се случуваат помеѓу групите кои се особени на еден или повеќе начини, кога една од нив чувствува дека е дискримирана или кога другата ужива привилегии за кои се плаши дека ќе ги загуби (Анан, 1999).

Алокацијата на ресурсите и привилегиите понекогаш стигнуваат само до оние групи кои го контролираат државниот апарат, што може да доведе до маргинализација на ранливите групи и помалку динамичните региони.

Нееднаквоста во пристапот до ресурсите и решенијата кои коинцидираат со културните разлики можат да станат мобилизирачко средство кое може да заврши во низа политички пресврти и немири (ХДР, 2014).

(Хоризонталните) нееднаквости се особено значајни кога се придружени со зголемена перцепција на диспаритет и недостиг на институции кои ќе одговорат на нив. Имено, хоризонталните нееднаквости не егзистираат во изолација, туку се во интеракција со пошироките политички процеси кои можат да генерираат насилен конфликт. Овие конфликти се основно мерило за длабоката обесправеност поради нееднаквата распределба на придобивките од развојот (Извештај за човеков развој, 2005).

[9] Mary Caldor: *New&Old Wars*, Stanford University Press, Cambridge, 2007, p.ix

# 1. КОНЦЕПТУАЛНА ДЕТЕРМИНИРАНОСТ НА ХОРИЗОНТАЛНИТЕ НЕЕДНАКВОСТИ

## 1.1. Поим за хоризонтални нееднаквости

Концептот на „хоризонтални нееднаквости" и неговите теоретски импликации врз етничките конфликти се за прв пат етаблирани од страна на економистот Френсис Стјуарт, од Центарот за истражување на нееднаквоста, човековата безбедност и етницитетот (CRISE) при Универзитетот во Оксфорд.

Во одговор на различните, често спротивставени резултати од истражувањата на феноменот на пораст на етничките конфликти по завршувањето на Студената војна, концептот на хоризонтални нееднаквости нуди синтетизиран пристап во разјаснување на нексусот нееднаквост-конфликти, интегрирајќи ги придобивките на одделните перспективи за појавата на современите конфликти (улогата на етницитетот, улогата на етничките елити, објаснувањата на теоријата за релативна депривација и теоријата на социјален идентитет).

Концептот „хоризонтална нееднаквост" се разликува од вообичаената дефиниција на нееднаквоста (под која најчесто се подразбира вертикална нееднаквост) по две основи: предметот на мерење (групи наспроти индивидуи) и опфатот на мерење (повеќе димензии наспроти една димензија). Накратко, хоризонталните нееднаквости (понатаму во текстот: ХН-ти) се нееднаквости помеѓу групи на идентитет,[10] односно помеѓу групи кои споделуваат заеднички идентитет или уште „системски нееднаквости помеѓу културно оформени групи" (Стјуарт).

Иако ХН-ти претставуваат нов концепт, во литературата за нееднаквоста, конфликтите и мобилизацијата во конфликтите во етнички хетерогените општества, постојат блиски концепти, посебно од аспект на мултидимензионалниот карактер.

„Категориската нееднаквост" на Чарлс Тили (1998) е една од примерите.[11]

[10] Arnim Langer and Frances Stewart: *Horizontal Inequalities and Violent Conflict: Conceptual and Empirical Linkages*, CRFD Working Paper No.14, Leuven, 2013, стр.3

[11] Според Тили, значајните нееднаквости помеѓу луѓето кореспондираат пред сé со категориските разлики, како што се: црни/бели, машки/женски, граѓани/странци, муслимани/евреи, итн., отколку со индивидуалните разлики во карактеристиките, склоностите, перформансите и др., односно, Тили ја истражува толеранцијата кон нееднаквоста помеѓу општествените категории во одржување на т.н.одржлива нееднаквост.

Прифаќајќи ја терминологијата на Тили, Крамер (2001) забележува „ако нееднаквоста е во форма на категориски парови (државјани vs имигранти, наемници vs капиталисти, земјоделски работници vs земјосопственици), тогаш она што го детерминира општественото (социјално) и политичко значење на нееднаквоста е во врските помеѓу луѓето, отколку во целокупноста на личните суштински разлики како што се вродената интелигенција или севкупните разлики во одликите или резултатите како што е доходот по жител.[12] Крамер сугерира, дека (историски) „етаблираните општествени релации кои лежат зад набљудуваните манифестации на нееднаквоста се позначајни за разбирање на последиците од нееднаквоста, отколку самите манифестации."[13] Последното нé упатува на мултидимензионалниот карактер на ХН-ти и особено, на проблемот на нејзината перзистентност, за што ќе стане збор подолу во трудот.

Концептот на „релативна депривација" на Тед Гур претставува друг пример.

Со проширувањето на својата теорија за релативна депривација врз реакциите на етничките групи кон неправдите и дискриминациите наметнати од државите, Гур индиректно ги поврзува различните видови на колективно насилство со неправдите преку етничката мобилизација. Така, „колку се поголеми колективните неповолности вис-а-вис другите групи, поголем е подстрекот за акција. Неповолноста подразбира општествено произлезени нееднаквости во материјалната благосостојба, политичкиот пристап или културниот статус во споредба со други општествени групи."[14]

Во линија со Гур, во семиналната студија на етничките групи во конфликт, Хоровиц (1985) го воведува концептот на „рангирани групи", кои се детерминирани од совпаѓањето на општествено-класните врски со етницитетот.

Ваквите врски се хиерархиски – постојат субординирани и суперординирани групи помеѓу кои мобилноста е ограничена со идентитетот.[15] Сепак, концептот на ХН-ти се разликува од оној за релативната депривација во тврдењето според кое, не

---

[12] Christopher Cramer: *Economic Inequalities and Civil Conflict*, Center for Development Policy and Research, Discussion Paper 1501, University of London, 2001, стр.12

[13] Ibid

[14] Ted Gurr: *Peoples verus States, Minorities at Risk in the New Century*, United States Institute of Peace, Washington, 2000, стр.71

[15] http://wikisum.com/w/Horowitz:_Ethnic_groups_in_conflict

само незадоволството на обесправените во содејство со останатите фактори е она што може да доведе до политичка нестабилност, туку и релативно привилигираните можат да бидат иницијатори на конфликт, како реакција на перцепирана неправедна дистрибуција или од стравување дека релативно обесправените можат да побараат промени во постоечката распределба на ресурсите и моќта во општеството.

Според концептот на ХН-ти, „релативно богатите како и релативно сиромашните можат да иницираат конфликт"[16], како што е значајна не само објективната, но и субјективната – перцепирана нееднаквост (Стјуарт, Лангер),[17] бидејќи, пред сé „луѓето превземаат дејства поради перцепираните неправди, отколку врз основа на измерените статистички нееднаквости за кои може и да не знаат."[18]

### 1.1.1. Хоризонтална vs вертикална нееднаквост

Една од основните критики на повеќето квантитативни истражувања на нееднаквоста и конфликтите (она на Колиер и Хофлер, 2004, Ферон и Латин, 2003, Хегр, Гисинџер и Гледиш, 2003, и др.) е занемарувањето на групниот аспект на нееднаквоста.

ХН-ти го носат називот „хоризонтални" како би се разликувале од вертикалната нееднаквост која подразбира нееднаквост помеѓу индивидуи или домаќинства.

Амарти Шен напоменува дека анализата на нееднаквоста мора во повеќето случаи да ги земе предвид групите наместо одделните индивидуи и да се фокусира на варијациите внатре во групата. Имено, етничките конфликти се групни конфликти, а не конфронтации помеѓу случајни индивидуи.

---

[16] Frances Stewart: *Horizontal Inequalities as a Cause of Conflict A Review of CRISE Findings*, World Development Report 2011, Background paper, 2010, стр.6

[17] Истражувањата спроведени од страна на Лангер и Смедс (2012) и оние на Лангер и Миками (2013) покажуваат дека перцепциите на нееднаквостите не секогаш се одраз на објективната стварност. Лангер и Миками (2013) укажуваат на постоење на големи разлики во перцепциите на социо-економските нееднаквости и измерените ХН-ти помеѓу етничките групи и на многу поточна перцепција на политичките нееднаквости, како и тоа дека перцепцијата на социо-економските нееднаквости е под влијание на перцепираните политички нееднаквости.

[18] Arnim Langer and Frances Stewart: *Horizontal Inequalities and Violent Conflict: Conceptual and Empirical Linkages*, CRFD Working Paper No.14, Leuven, 2013, стр.10

Фокусирајќи се на вертикалната нееднаквост во истражување на нексусот нееднаквост-конфликти, „мноштвото квантитативни студии во претходните 40 години не успеваат да утврдат било каква конзистентна врска помеѓу вертикалната нееднаквост и конфликтот, дури и се сомневаат дека цврста врска воопшто и постои."[19]

Според Крамер, нееднаквоста која индуцира конфликт не може да се редуцира на мерење на дистрибуција на доход на ниво на домаќинства, како што е Џини коефициентот[20], кој го именува како „вештачки надворешен знак на нееднаквост".

Дистрибуцијата на доход претставува вертикално мерење, кое ги зема во предвид сите во едно општество, од „врвот до дното" но она што е потребно за анализа на конфликтите е хоризонтално мерење на нееднаквоста помеѓу групите, дефинирани по регион/етницитет/класа/религија, согласно најсоодветниот вид на групна идентификација во одделно општество.[21]

Во поткрепа на ова тврдење, Крамер елаборира дека е можно да постојат значајни нееднаквости на локално (микро) ниво со истовремено измерени ниски вредности на Џини коефициентот на државно ниво. И обратно, можно е да постои висока вертикална нееднаквост во било која димензиија, а притоа да нема хоризонтална нееднаквост, доколку просечниот доход во сите групи е подеднаков, а дистрибуцијата во рамките на одделните групи е високо нееднаква. Високата внатре-групна вертикална нееднаквост може дури и да го намали потенцијалот за конфликт помеѓу групите при било кој степен на хоризонтална нееднаквост, бидејќи може да е потешко да се обезбеди групна кохезија при постоење на висока нееднаквост внатре во групата и членовите на елитата може да се идентификуваат повеќе со членовите на елитата од другите групи отколку со членовите од нивната група кои имаат пониски доходи.[22]

---

[19] Gudrun Ostby: *Horizontal Inequalities and Civil War, Do Ethnic Group Inequalities Influence the Risk of Domestic Armed Conflict?* International Peace Research Institute, Oslo (PRIO), 2003, стр.2

[20] Џини коефициентот претставува вообичаен начин на мерење на доходовната нееднаквост со вредности од 0 до 1 (или од 0 до 100), притоа индекс со вредност 0 подразбира егалитарна дистрибуција, т.е. перфектна еднаквост, додека индекс со вредност 1 (или 100) подразбира целосна концентрација, т.е. перфектна нееднаквост. Џини коефициентот е графички дефиниран како простор на концентрација помеѓу Лоренцовата крива и линијата на перфектна еднаквост.

[21] Frances Stewart: *Crisis Prevention: Tackling Horizontal Inequalities*, Oxford Devlopment Studies, Vol.28, No.3, Oxford, 2000, стр.253

[22] Ibid

### 1.1.2. Мултидимензионалност на хоризонталната нееднаквост

Втората концепциска забелешка на мерењето на нееднаквоста во литературата за нееднаквост-конфликти, покрај групниот аспект на нееднаквоста, се однесува на опфатот на мерење, односно мерење исклучиво на економската нееднаквост, преку нееднаквоста на доходи. Нееднаквоста во дистрибуцијата на доходот – вообичаената основа за мерење на нееднаквоста, е сумирана мерка на димензијата на доходите/вработувањата, но не успева да ги опфати, или пак само парцијално ги индицира останатите димензии.[23]

Забелешката за исклучивоста и недоволноста на ваквиот пристап во анализите на нееднаквоста е адресирана и од Шен кој поставувајќи го прашањето „Еднаквост на што?", укажува на три категории на еднаквост и тоа: еднаквост на доходи и други финансиски средства, еднаквост на благосостојба и еднакви права и слободи. Опфатот на реалната нееднаквост на можностите со која луѓето се соочуваат не може едноставно да се изведе од големината на нееднаквоста на доходите, бидејќи ние „не зависиме единствено од доходите, туку и од различни физички и општествени карактеристики кои се одразуваат на нашите животи и не прават она што сме" (Шен).

Исклученоста од општествените, политички и економски институции кои резултираат од комплексен и динамичен збир на процеси и релации кои ги спречуваат индивидуите или групите во пристапот до ресурсите, учеството во општеството или во остварување на нивните права (Беал и Пирон), ја сочинуваат општествената (социјална) исклученост[24], која „претендира да биде одлика на групите, отколку на индивидуите, кои можат да се разликуваат од другите во општеството според нивната култура, религија, боја, пол, национален или миграциски статус"[25] и др.

---

[23] Ibid

[24] Концептот на социјална (општествена исклученост) е многу близок на концептот на хоризонтална нееднаквост, за подетално види www.crise.ox.ac.uk. Всушност една од мерките за адресирање на хоризонталната нееднаквост во ХДР, 2014, претставува поширока вклученост (преку образовни и нормативни поместувања).

[25] Frances Stewart: *Social exclusion and conflict: analysis and policy implications*, 2004

Според Стјуарт, „ХН-ти поседуваат димензии на економски, социјален, политички и културен статус[26], од кои секоја одделно содржи мноштво елементи – од кои некои се значајни за луѓето во одредени општества, додека во други не."[27]

а) Економските нееднаквости се однесуваат на пристапот и сопственоста над средствата – финансиски, хумани, социјални, како и оние базирани на природните ресурси. Исто така ја опфаќаат нееднаквоста во доходите и можностите за вработување кои зависат од економските средства и општите економски услови.

б) Социјалните нееднаквости се однесуваат на нееднаков пристап до низа услуги, како што се образованието, здравството и домувањето.

в) Политичките нееднаквости вклучуваат нееднаква дистрибуција на политичките можности и политичката моќ помеѓу групите, вклучително контрола врз владата, парламентот и претседателството, армијата, полицијата, регионалната и локалната самоуправа.

г) Нееднаквост на културниот статус се однесува на разлики (диспаритети) во признавањето и различниот хиерархиски статус на културните норми, обичаите и практиките на различни групи.

Вака дефинирани, четирите категории се значајни за секое општество, но елементите кои се релевантни во секој поединечен случај зависат од природата на општеството, политичкиот систем, неговата економска и социјална структура (Стјуарт). Така, во стопанствата кои се зависни од природни ресурси, контролата врз ресурсите е потенцијален извор на натпревар меѓу различните групи. Земјата како ресурс е исто така од многу посуштинско значење во рурално-ориентираните стопанства во развој отколку во урбаните средини, додека одредени извори на средства како што е вработувањето, може да се смета за подеднакво значајно во сите општества.

Но разбирањето на мултидимензионалниот карактер на ХН-ти е посебно значајно за разбирање на нивната меѓузависност и перзистентност, кои се неизоставна алка во објаснувањето на каузалната спрега на ХН-ти и конфликтите.

---

[26] Во своите понови трудови Стјуарт ја додава културната димензија на останатите.

[27] Frances Stewart: *Horizontal Inequalities as a Cause of Conflict A Review of CRISE Findings*, World Development Report 2011 Background paper, 2010, стр.1

## 1.2. Меѓузависност и перзистентност на хоризонталните нееднаквости

Мултидимензионалноста на ХН-ти и особено, нивната меѓузависност, е од суштинско значење за разбирање на нивната перзистентност низ времето и меѓу-генерациската поврзаност.

Меѓузависноста и перзистентноста на различните нееднаквости (економска, социјална, политичка и културна) е типична не само за ХН-ти, туку и за вертикалната нееднаквост - онаму каде што се присутни високи вредности на Џини коефициентот.

Истражувајќи ја преносната (перзистентна) и повеќегенерациска социо-економска нееднаквост во историски контекст, Тили ја потврдува нееднаквоста како општествено генерирана категорија, каде „нееднаквостите не се резултат единствено на разликите во способностите, талентот и мотивацијата, туку резултат на институции и општествени релации кои се стратешки обликувани од страна на индивидуи и групи за одржување на нивната натамошна предност."

Формите на групната дискриминација кои се преклопуваат со т.н. категоријални разлики (Тили), имаат клучна улога во појавата и континуитетот на (категоријалната) нееднаквост. Оттука, како резултат на континуитетите кои се пропратени со лимитираниот избор на мноштвото луѓе во промена на идентитетите, може да допринесе нееднаквоста помеѓу групите да стане извор на фрустрација и неправда и причина за социјална нестабилност, како што е внатрешниот конфликт.[28]

Етничките групи претставуваат адекватен пример на групи со ограничена мобилност, каде нееднаквиот пристап до социо-економските ресурси и пошироко, дополнително ја намалуваат благосостојбата на индивидуата над реалната позиција, поради зависноста на личното вреднување со она на групата во целост. Доколку границите помеѓу групите се отворени и флуидни, ХН-ти не би имале смисла, бидејќи и самата припадност кон групата би била релативизирана.

Спротивно на ова, „комбинацијата на умерена нееднаквост и висока мобилност во сиромашните слоеви овозможува виртуелно сите семејства да ја избегнат релативната депривација барем понекогаш" (Данкан).

---

[28] Gudrun Ostby: *Horizontal Inequalities and Civil War – Do Ethnic Group Inequalities Influence the Risk of Domestic Armed Conflict?*, International Peace Research Institute, Oslo (PRIO), 2003, стр.22

Токму поради ограничената мобилност помеѓу етничките групи, групната нееднаквост може да биде повеќе штетна за индивидуалната благосостојба отколку сличната нееднаквост помеѓу хомогената популација, бидејќи луѓето во обесправените групи се чувствуваат како заробени во нивните состојби, особено онаму каде што постои перзистентност преку генерациите.[29]

За перзистентноста на ХН-ти, освен ограничената мобилност, клучна улога има и карактерот на меѓузависност на одделните димензии на нееднаквост и нивната каузална поврзаност преку своевидниот „ефект на прелевање".

Секоја од димензиите е значајна сама по себе, но исто така игра инструментална улога во постигнување на другите димензии на нееднаквост.

Контролата врз економските средства примарно претставува средство за обезбедување на доход, но исто така и цел. Истото се однесува и на политичката моќ.

Почетната предност вообичаено води кон долгорочна кумулативна предност, како што доходите и образованието им овозможуваат на привилигираните групи да ја задржат предноста и во иднина. Аналогно, групната неправда има тенденција да се репродуцира и во иднина.

Предоминантноста на економската нееднаквост во објаснувањето на внатрешните конфликти го поставува доходот како извор на останатите нееднаквости, но само во контекст на останатите димензии и историските околности. Тоа допринесува за поголема длабочина во објаснувањето, но помала потврда во моќта на предвидување или воопштување во различните контексти; исто така допринесува за појаснување на значењето на различните видови нееднаквост.[30]

Поаѓајќи од доходот како излезна компонента, а од политичката и социјалната нееднаквост како причини за доходовната нееднаквост, можат да се идентификуваат пет фактори во објаснување на перзистентноста на ХН-ти [31], и тоа:

[29] Frances Stewart&Arnim Langer: *Horizontal Inequalities: Explaining Persistence and Change, Horizontal Inequalities and Conflict: Understanding Group Violence in Multiethnic Societies*, Palgrave Macmillan, 2010, стр.56

[30] Christopher Cramer: *Economic Inequalities and Civil Conflict*, CDPR Discussion Paper 1501, University of London, стр.18

[31] Frances Stewart&Arnim Langer: *Horizontal Inequalities: Explaining Persistence and Change, Horizontal Inequalities and Conflict: Understanding Group Violence in Multiethnic Societies*, Palgrave Macmillan, 2010, стр.59-61

1. **Кумулативните сили** – сиромаштијата/богатството оневозможуваат /овозможуваат акумулација на средства за во иднина, т.е. повисоките доходи овозможуваат поголем заштеден износ[32] кај побогатите индивидуи/групи.

Освен кумулативот на финансиските средства/капитал, ваков механизам е присутен и кај човечкиот капитал[33], каде што постои директно меѓугенерациско влијание во однесувањето. Така, еден од основните детерминанти за степенот на образованието на децата е она на родителите, односно на мајката (Берман, Кинг и Хил).

Имперфектноста на пазарите на капитал[34] дополнително ја ограничуваат мобилноста на индивидуите/групата и дејствуваат како повратна кумулативна спрега врз перзистентноста на сиромаштијата.

2. **Интеракциите помеѓу повратот од различните видови капитал** врз видовите на капитал кои индивидуата/групата ги поседува е вториот фактор кој ја објаснува перзистентноста на нееднаквостите. Економскиот/финансискиот, човечкиот и социјалниот капитал и овде го следат „ефектот на прелевање". Тоа значи, дека повратот на одреден вид на капитал зависи не само од акумулацијата на тој вид капитал, туку и од акумулацијата на другите видови капитал. Односно, човечкиот капитал води кон поголема заработувачка што овозможува поголема акумулација; финансискиот капитал од друга страна е попродуктивен доколку е пропратен со соодветен човечки капитал, но и човечкиот капитал може попродуктивно да се употреби доколку е поткрепен со финансиски капитал; најпосле и финансискиот и

[32] Кај посиромашните слоеви најзначајниот дел од расположливиот доход се употребува за обезбедување на нужната егзистенција, а помал кај богатите слоеви од населението, кои за потрошувачка користат релативно (процентуално) помал дел од расположливиот доход (ова е т.н. маргинална склоност кон потрошувачка). Обратна е состојбата кај маргиналната склоност кон штедење, која е поголема кај населението со повисок доход. (види подетално: Таки Фити: Кејнзијанската економска филозофија, МАНУ, Скопје, 2011, стр.43-45)

[33] Збир на знаења, навики, општествени и лични карактеристики вградени во способноста да произведат економска вредност, но и знаења, талент, вештини, способности, искуство, интелигенција, тренинг, мудрост и друго кои ги поседува индивидуата. (извор: https://en.wikipedia.org/wiki/Human_capital)

[34] За надминување на проблемот со недостиг на заштеди за потребите на образованието и излегување од „маѓепсаниот круг на сиромаштијата", потребни се кредитни средства кои на пазарот на капитал се недостапни без соодветен залог, односно капитал.

човечкиот капитал можат подобро да се искористат во присуство на социјален капитал[35], односно при постоење на мрежа од општествени односи.

3. **Постојаноста на асиметриите во социјалниот капитал** допринесуваат за нееднаков поврат кон другите видови капитал, механизам кој е присутен исто така на индивидуално ниво, но е уште поизразен помеѓу групите. Станува збор за т.н. ефект на „соседство" кој влијае на одржување на контактите, односите и трансакциите претежно внатре во групата. На тој начин, социјалниот капитал добива форма на средство на заложништво (Могуес и Картер), кое влијае на одржување и влошување на нееднаквоста. Поголемата економска нееднаквост резултира, кога како резултат на зголемена поларизација, оние во првенствено ниските нивоа на благосостојба и социјален ранг се оневозможени успешно да инвестираат во групите кои уживаат благосостојба.[36] Групната припадност, односно етницитетот добива својство на екстерналии[37] во производството на човечки капитал (Борјас). Емпириски се потврдува дека „етничкиот капитал игра главна улога во меѓугенерациската мобилност. Пазарот на вештини и труд на новата генерација зависи не само од искуството на пазарот на вештини и труд на нивните родители, туку и од пазарното искуство на просечните вештини и труд на етничката група во генерацијата на родителите...како резултат, етничките разлики на пазарот на вештини и труд можат да продолжат и по неколку генерации."[38]

4. Четвртата причина за перзистентноста на ХН-ти ја сочинува **отворената (или прикриена) дискриминација** или едноставно фаворизирање од членовите надвор од групата во пристапот до различните видови на капитал. Во заднината на ова објаснување се честите негативни стереотипи кои самите себе се потврдуваат во

---

[35] Од мноштвото дефиниции на „социјалниот капитал", во овој контекст би ја издвоиле онаа на Пјер Бордју (Pierre Bourdieu) како „намерна конструкција на социјализација заради создавање на ресурси", односно, како механизам за создавање и репродукција на нееднаквост. На сличен начин, концептот на Нан Лин (Nan Lin) на социјалниот капитал гледа како на „инвестиција во општествени односи со очекуван поврат на пазарот". (извор: https://en.wikipedia.org/wiki/Social_capital)

[36] Tewodaj Mogues & Michael R.Carter: *Social Capital and the Reproduction of Inequality in Socially Polarized Economies*, 2004, стр.24

[37] Пазарен неуспех

[38] George J.Borjas: *Ethnic Capital and Intergenerational Mobility*, The Quarterly Journal of Economics, Vol.107, No.1, 1992, стр.149/150

практиката и во околности кои не соодветствуваат со нив, но се резултат на дискриминација по основ на наследени културни карактеристики од минатото.

Варијациите на повратот врз финансискиот капитал од страна на другите видови капитал е илустриран на График бр.2.




График 2. Варијации на поврат на финансискиот капитал согласно групната дискриминација[39]

5. **Политичката нееднаквост** е петтата причина која што дејствува како засилувач на социо-економските нееднаквости, преку пристрасна распределба на јавните ресурси и дискриминација во јавната потрошувачка, што воедно претставува и еден од изворите на ХН-ти.

Политичката нееднаквост е во спрега со социо-економската нееднаквост, односно, социо-економската обеспраеност вообичаено подразбира и недостиг на политичка моќ, и обратно. Исклучокот го потврдува правилото.[40] Последното е потврда дека ХН-ти не секогаш произлегуваат од одлуките на политичките актери и нееднаквата распределба на политичката моќ *per se*, колку од склопот на економските сили и механизмите кои тие ги продуцираат.

[39] Frances Stewart&Arnim Langer: *Horizontal Inequalities: Explaining Persistence and Change, Horizontal Inequalities and Conflict: Understanding Group Violence in Multiethnic Societies*, Palgrave Macmillan, 2010, стр.61

[40] Стјуарт наведува примери (Бразил, Северна Ирска) каде владата на привилегираната (мнозинска) група превзема политички мерки за подобрување на состојбата на обесправената група, кои се често недоволни да ја елиминираат вградената нееднаквост во општествените односи.

### 1.3. Хоризонталните нееднаквости како структурно насилство

По дефиниција, структурното насилство претставува состојба кога одредени групи, класи, пол, националности итн., имаат подобар (привилигиран) пристап до добрата, ресурсите и/или можностите во споредба со други групи, класи, пол, националност итн., и кога ваквата нееднаква предност е вградена во самиот социјален, политички и економски систем во општеството, државата и/или светот (Галтунг).

Во контекст на концептот на ХН-ти, структурното насилство може да се дефинира како „состојба во која на членовите на една етничка или друг вид... група, им е оневозможен пристап до политички, социјални, економски и други ресурси, кои се вообичаено на располагање и предводење од страна на доминантната група."[41]

Извештајот за човеков развој за 2014 потврдува дека групната дискриминација и исклученост егзистираат преку повеќе димензии – политичка партиципација, здравствена нега, лична безбедност и образование итн., и „генерираат хронични и преклопувачки ранливости за малцинствата и другите исклучени групи, ограничувајќи ги нивните можности и нивниот потенцијал во поширокото општество."[42] Со други зборови, „таму каде што општествените и правни институции, структурите на моќта, политичкиот простор или традиции и социокултурни норми не им служат подеднакво на сите членови на општеството и кај што формираат структурни бариери за одредени луѓе и групи во практикувањето на нивните права и избори – допринесуваат за раст на структурните ранливости. Структурните ранливости често се манифестираат преку длабоки нееднаквости...и се поврзуваат со хоризонтални или групни нееднаквости кои се темелат на социјално препознатливи и конструирани групни припаѓања."[43]

Притоа, заедничката култура, односно заедничкиот идентитет е она што претставува „лепило" за групата, оттука и фундаментален фактор во врамување на социо-економските и политичките нееднаквости, бидејќи ХН-ти претставуваат нееднаквости помеѓу групи на идентитет, но и бидејќи перцепираната (субјективна)

[41] Dennis J.D. Sandole: *Extending the reach of Basic Human Needs: a comprehensive theory for the twenty-first century, Conflict resolution and human needs in theory and practice*, Routledge, 2013

[42] Human Development Report 2014 - *Sustaining Human Progress: Reducing Vulnerabilities and Building Resilience*, стр.55

[43] Ibid, стр.70

колективна неправда, а не само објективната (мерливата) неправда е она што е важно за концептот на ХН-ти (Стјуарт, Лангер) и за фасилитација и мобилизација на групата во конфликт (подолу во трудот).

Но, структурното насилство може да егзистира и независно од перцепциите на обесправените или општествено маргинализирани групи. Доколку групите не ги перципираат постоечките социо-економски и политички нееднаквости како нефер или неправедни, и острите објективни ХН-ти нема да испровоцираат конфликт[44] (пр. Бразил[45]).

Еднаш штом структурното насилство премине во културно[46], се претпоставува перцепцијата на истото од страна на обесправената група.[47] Начинот на кој практиките и обичаите на одредена културна група се препознаваат како посебни, во и од страна на државата, влијаат на односот помеѓу културата и групната мобилизација и конфликтот (Лангер, Браун).

Културното насилство произлегува и продуцира друг вид на насилство (Галтунг). Од една страна културното насилство го засилува структурното и директното насилство, а од друга страна, културните норми кои се споделуваат во групата, се менуваат под влијание на директното и структурно насилство.

Но, структурно насилство може да постои и во околности кога нема нееднаквост на културниот статус, односно кога отсуствува културна дискриминација и исклученост, но сепак постојат вистински или перцепирани разлики во јавноста во поглед на статусот и признавањето на различните културни групи.

---

[44] Graham K. Brown & Arnim Langer: *Horizontal inequalities and conflict: a critical review and research agenda*, Routledge, London, 2010, стр.30

[45] Бразил има длабока нееднаквост на Афро-Бразилците, иако социјалната дискриминација е забранета со закон и политичкиот систем нуди можности за мобилизација на Афро-бразилска агенда. Отсуството на конфликт се должи на слабиот (флуиден) колективен идентитет, отсуството на расна сегрегација и охрабрувањето на мобилноста помеѓу расните категории, што севкупно ја оневозможува појавата на широко етнички-етаблирано движење со заедничка визија и цел (подетално: T.Gurr: *Peoples verus States, Minorities at Risk in the New Century*, United States Institute of Peace, Washington, 2000, стр. 100-104).

[46] Културното насилство го нагласува начинот на кој чинот на директно насилство и фактот на структурно насилство се легитимизираат како прифатливи во општеството (за подетално види: Johan Galtung: *Cultural violence,* Journal of Peace Research, Vol.27, No.3. 1990). Истото не треба да се поистоветува со „културната нееднаквост" како димензија на концептот на хоризонталните нееднаквости.

[47] Dennis J.D. Sandole: *Capturing the complexity of conflict – Dealing with violent ethnic conflicts of the post-cold war era*, New York, 1999, стр.139

Дури, „официјалната реторика за културната вклученост може да се користи како маска за другите видови нееднаквост – ова претставува „темната страна" на еднаквоста на културниот статус."[48]

Кога членовите на групата го перцепираат структурното насилство како такво, односно станат свесни за неговото постоење, тоа може да поприми една од двете форми: релативна депривација (Гур) и/или нерамнотежа во низот (Галтунг).[49]

Гур ја дефинира релативната депривација како перцепирано несовпаѓање помеѓу вредносните очекувања и вредносните можности, оттука, колку е поголемо отстапувањето помеѓу вредносните очекувања и вредносните можности, толку е поголема релативната депривација; колку е поголем интензитетот и обемот на релативната депривација меѓу членовите на одреден колективитет, поголем е потенцијалот на колективното насилство, вклучително и политичкото насилство (Гур, 1970). Дефиницијата на Стјуарт за ХН-ти како системски нееднаквости помеѓу културно оформени групи, ја пресликува перспективата на Галтунг за структурната неправда. Нерамнотежата во низот на Галтунг се однесува на несовпаѓањето вдолж различните индикатори на социоекономското или друго мерење. Перцепцијата на нерамнотежата во низот се јавува како резултат на дискрепанцата помеѓу себе-восприемањето и односот од другите во системот. Во шемата на Галтунг, актерот кој најверојатно ќе одговори насилно на перцепираниот извор на нерамнотежа не е актерот кој се наоѓа на дното на сите индикатори, туку оној кој претставува мешавина меѓу статусот на дното и статусот на врвот (пр.актерот е рангиран високо на одредена социо-економска димензија како што е образованието, но е ниско спрема други, како што се класа, професија, раса, социјален статус, итн.). Соодветно, „етничката група може да искуси нерамнотежа во низот, ако на пример е привилигирана економски, но истовремено е во недостиг на политичко влијание и може да прибегне кон насилство со цел да ја подобри политичката состојба и да постигне рамнотежа во низот."[50]

---

[48] Arnim Langer&Graham K.Brown: *Cultural Status Inequalities: An Important Dimension of Group Mobilization, Horizontal Inequalities and Conflict: Understanding Group Violence in Multiethnic Societies*, Palgrave Macmillan, 2010, стр.45

[49] Dennis J.D. Sandole: *Extending the reach of Basic Human Needs: a comprehensive theory for the twenty-first century, Conflict resolution and human needs in theory and practice*, Routledge, 2013

[50] Gudrun Ostby: *Horizontal Inequalities and Political Violence, A dissertation for the degree of PhD*, Department of Political Science, University of Oslo, 2010

Во литературата одредени автори подвлекуваат четири извори на ХН-ти,[51] и тоа:

1. **Дискриминација во јавната потрошувачка и оданочувањето** - дискриминацијата во алокацијата на вработувањата во јавниот сектор е особено чувствително прашање во општествата во кои овие вработувања истовремено претставуваат и основен пат за личен напредок. Рестрикциите во пристапот – во полицијата и војската, граѓанскиот сервис и повисоката политичка служба имаат два вида ефекти кои се особен товар за малцинствата...: во сиромашните земји јавниот сектор претставува основен извор на професионално вработување, дискриминаторските бариери за вработување на малцинствата ги ограничува економските можности на индивидуите во групата и овозможува одржување на материјалната неповолност.[52] Во оваа смисла, илустративен е примерот на влијанието на постколонијалната дискриминација врз Хутите во Бурунди.

2. **Висока нееднаквост над средствата** – аграрните општества со висока нееднаквост (Непал, Гвателмала, Ел Салвадор, Зимбабве и др.) бележат голем степен на нееднаква сопственост врз економските средства (сопственост над земјата, капиталот, доходите и др.). „Нееднаквоста над сопственоста над земјата и ограниченото намалување на сиромаштијата поврзано со економскиот раст во високо нееднаквите општества обезбедува плодна почва за бунт, особено кога одземениот имот припаѓа на посебни групи кои се поделени според касти, етнички или религиозни линии."[53] Од аспект на инклузивноста на факторите на ХН-ти и нивната меѓузависност, индикативен е примерот со Брегот на слоновата коска.[54]

---

[51] Syed Mansoob Murshed & Mohammed Zulfan Tadjoeddin: *Revisiting the Greed and Grievance Explanations for Violent Internal Conflict*, PRIO, стр.13,14

[52] Ted Gurr: *Peoples verus States, Minorities at Risk in the New Century*, United States Institute of Peace, Washington, 2000, стр.125

[53] John Bray, Leiv Lunde and S.Mansoob Murshed, Nepal: *Economic Drivers of the Maoist Insurgency, The Political Economy of Armed Conflict, Beyond Greed and Grievance*, International Peace Academy, London, 2003

[54] Насилниот конфликт во Брегот на слоновата коска во 2002 е повеќеслоен: со поларизирана економска и земјосопственичка структура на релација север-југ, која се преклопува со религиозни расцепи, со колонијално наследство на земја зависник од извоз на исклучително земјоделски производи, со негативни реперкусии од примената на стабилизационите програми на ММФ (со која се приватизира носителот на извозниот сектор и се напушта државниот механизам на стабилизација наспроти светските цени со кој им бил овозможен на фармерите одреден гарантиран износ на откуп). Земјата се соочува со економска криза која дополнително ги поларизира социо-економските диспаритети и ги мобилизира етничките елементи кои ја внесуваат земјата во насилен конфликт. (за подетално, види кај Susan Willet:

3. **Лошо управување со стопанството и рецесии** - долгорочните неповолни стопански политики и лошото управување на економиите, исто така влијаат врз неправилна распределба на јавните добра и услуги, кои во придружба на слаби институции претставуваат конфликтен микс и се неотпорни на резултирачките економски шокови и социјални притисоци и оттука, на можните конфликти.

Политиките на ММФ не само што го зголемуваат надолниот тек на кризите, туку и делумно се одговорни за нивното настанување.[55] Мноштво истражувања укажуваат дека политиките на либерализација на трговијата генерираат висока цена на прилагодување во најмалку развиените земји[56] (Милановиќ 2005, Стиглиц 2003, УНКТАД 2004 и др.).

4. **Неправди кои се поврзани со закупнини/ренти од природни ресурси** - во одредени услови, природните ресурси, односно системот на закупнина врз основа на ресурсите, можат да продуцираат неправда и конфликт (Нигерија) или да промовираат сецесиони тенденции во даден регион (Индонезија). Историскиот контекст на ХН-ти, т.е. колонијалното наследство и пост-колонијалните економски и развојни политики, имаат дополнително влијание врз појавата и перзистентноста на нееднаквоста.[57]

---

*Trading with Security:Trade Liberalisation and Conflict, "Whose Peace? Critical Perspectives on the Political Economy of Peacebuilding"* и Arnim Langer: *Horizontal Inequalities and Conflict in Three Regions, "Horizontal Inequalities and Conflict, Understanding Group Violence in Multiethnic Societies"*).

[55] Joseph E.Stiglitz: *Globalization and Its Discontents*, London, 2003, p.89

[56] Во текот на три декади до 2004 година, 87 % од конфликтите во светот се одвиваат во земјите со слаб развој (UNCTAD 2004), кои се предмет на програмите за структурно прилагодување на ММФ, од кои 36% во земјите со најслаб развој. Подолго од две децении, повеќето земји со најмал развој се подложени на програмите за структурно прилагодување на ММФ. Економиите се отвораат за меѓународниот пазар, зголемувајќи ја ранливоста на надворешните шокови, истовремено, кратењата во јавната потрошувачка ги еродираат јавните услуги и социјалната безбедносна мрежа и на тој начин го загрозуваат капацитетот на државата во балансирањето на домашната економија и обезбедување на социјалниот мир.

[57] Се сугерира дека колонијализмот во Африка ги исцртува границите во склад со каприцот на тогашните европски владетели на африканско тло, на една конференција во Берлин во 1885 година, вештачки продлабочувајќи ги границите помеѓу државите (Пакенхам, 1991), но и внесувајќи дихотомија во дотогаш флуидните и преклопувачки идентитети. Еклатантен пример во потврда на овој став е положбата на Хуту и Тутси во Руанда. Белгискиот колонијален режим ќе допринесе за дистинкција на двата дотогаш флуидни идентитети во категорична институционална поделба помеѓу нив – систематски привилегирајќи ги Тутсите преку програми за образование и вработување, како и преку дискриминаторски политики кои инсистираат на етничко етикетирање - режимот создава јаз кој системски се храни од воспоставените диспаритети и во пост-колонијалниот период и последователно, завршува во насилен конфликт.

# 2. ЕМПИРИСКА ДЕТЕРМИНИРАНОСТ НА ХОРИЗОНТАЛНИТЕ НЕЕДНАКВОСТИ И КОНФЛИКТИТЕ

## 2.1. Краток преглед на литературата за истражувањето на нексусот нееднаквост – конфликти

Нексусот нееднаквост – конфликти е еден од најстарите прашања во политичката економија, привлекувајќи го вниманието уште на големите политички теоретичари на сите времиња, од Аристотел и Платон до Макијавели, Токвил, Маркс но и на многумина припадници на современата политичка наука, како што се: Липсет, Дал, Хантингтон и др. За Аристотел, „нееднаквоста секаде е причина за револуција...и секогаш желбата за еднаквост е онаа која прераснува во бунт."[58] Нееднаквоста е и причина и последица на нестабилноста (Стиглиц, 2012). Поаѓајќи од експлоатацијата како извор на класната борба, Марксистичката теорија го нагласува потенцијалот на насилство кој произлегува од економската нееднаквост. За разлика од Маркс, Зигмунд Фројд ја развива формулацијата на односот фрустрација – агресија, врз основа на што подоцна се развива општата хипотеза според која, фрустрацијата секогаш води до некој облик на агресија, односно секоја агресија се заснова на фрустрација (Долард, 1939).

Агресијата е помеѓу клучните поими во теоријата на политичкиот конфликт.

Во една влијателна студија од 1962 година, Дејвис ја применува хипотезата за односот фрустрација-агресија врз политичкиот конфликт, односно врз настанокот на револуциите, што подоцна ќе послужи како образец за развивање на теоријата за релативна депривација. Комбинирајќи ги перспективите на Токвил (за социо-економско подобрување) и онаа на Маркс (за состојбата на влошување), Дејвис заклучува дека „револуциите најверојатно е да се случат откако по продолжен социо-економски развој, настапи нагло влошување на состојбата"[59], односно, револуциите се мотивирани од фрустрации кои резултираат од појава на нетолерантен јаз помеѓу очекуваното (посакувано) задоволување на потребите и актуелното (стварно) задоволување на потребите, јаз кој ги мобилизира луѓето да се вклучат во конфликт.

[58] Aristotle: *Politics*, 350 B.C.

[59] James C.Davies: *Toward a Theory of Revolution*, American Sociological Review, Vol.27, No.1, 1962, стр.6

Понатаму, Дејвис додава дека „мора да постои здружување на силите помеѓу незадоволните, фрустрирани луѓе кои се разликуваат во степенот на објективно, стварно богатство и статус.“[60]

Уште од Аристотел, теоретичарите веруваат дека политичкото незадоволство и неговите последици – протестот, нестабилноста, насилството, револуцијата – зависат не само од апсолутното ниво на економската благосостојба, туку и од дистрибуцијата на богатството.[61]

Еден од најстарите меѓународни истражувања на односот нееднаквост - конфликти е изведен од Русет (1964), кој утврдува умерена позитивна врска на овој нексус. Парвин (1973) доаѓа до речиси спротивни резултати врз основа на испитувањата на 26 западни земји, наоѓајќи дека „е разумно да се претпостави за било кое ниво на доход по жител, дека постои оптимално ниво на нееднаквост, последователно, над тоа оптимално ниво нето ефектот од натамошна редистрибуција на доходот кон поголема или помала еднаквост, може да имплицира зголемување, а не намалување на политичкиот немир.“[62]

Во обид да ги разреши контрадикциите помеѓу позитивните и негативните формулации на односот нееднаквост-конфликти, Најџел (1974) предлага конкавна (инверзна У-форма) врска според која, политичкото насилство се случува најчесто при средни нивоа на економска нееднаквост, додека најретко при многу ниски или многу високи нивоа. Според Најџел, со зголемување на неправдите кои резултираат од споредби, се намалува тенденцијата за споредување со нивото на економската нееднаквост. Пред Најџел и Дејвис предлага курвилинеарна интерпретација на нексусот нееднаквост-конфликти, но дијаметрално спротивна на неговата, односно конвексна (У-форма) врска, според која политичкото насилство се случува најчесто при многу ниски или многу високи нивоа на економска нееднаквост и најретко при средни нивоа.

Сигелман и Симпсон (1977), а подоцна и Виид (1981) доаѓаат до сознанија кои ја релативизираат врската помеѓу економската нееднаквост и конфликтите.

---

[60] Ibid

[61] J.Nagel: *Inequality and discontent: A non-linear hypothesis*, World Politics, Vol.26, 1974

[62] Manoucher Parvin: *Economic Determinants of Political Unrest: An Econometric Approach*, Journal of Conflict Resolution 17, 1973, стр.281

Во своите истражувања, врз основа на расположливите податоци за индивидуалната доходовна нееднаквост, заклучуваат дека покритична детерминанта на политичкото насилство е целосното ниво на социетална состојба, отколку доходовната нееднаквост. Оттука „веројатноста за насилство може да зависи не само од начинот на кој богатството е дистрибуирано, туку и од обемот на богатство расположливо за дистрибуција“[63], додека Виид (1981) открива дека посилна е врската помеѓу средниот доход и колективното насилство, отколку доходовната нееднаквост и колективното насилство, т.е. не наоѓа позначајна поврзаност помеѓу последните.

Теоретичарите на структурната перспектива ги поврзуваат различните видови на нееднаквост со структурните дисбаланси во општеството, како што е нееднаквата распределба на доходите и земјата како ресурс (Робинсон, Русет, Мулер и Селигсон).

Теоријата за релативна депривација на Тед Гур е веројатно најистакнатата теорија која ги поврзува неправдата со конфликтот, препознавајќи различни видови насилство како реакции на фрустрациите кои произлегуваат од неисполнетите очекувања, кои пак вообичаено се однесуваат на материјалната благосостојба.

Дефинирајќи ја релативната депривација како „перцепирана дискрепанца помеѓу вредносните очекувања и вредносните можности“[64], Гур заклучува дека „колку е поголема неправдата која една индивидуа ја перцепира во споредба со очекувањата, толку поголемо е незадоволството, пораширено и поинтензивно е незадоволството помеѓу членовите на општеството, и толку поверојатен и пожесток е граѓанскиот конфликт.“[65]

Со завршување на Студената војна и новиот бран на конфликти, Гур ги проширува своите претходни истражувања за релативна депривација на односите помеѓу етничките малцинства од една страна и социоекономските и политички неправди и дискриминација наметнати од страна на државите, од друга страна.

Истражувајќи ги етничките групи во конфликт, Гур доаѓа до заклучок дека етничките неправди допринесуваат индиректно до колективно насилство преку етничка мобилизација: „Колку е понеповолна положбата која им е наметната на луѓето

[63] Sigelman&Simpson: *A Cross-National Test of the Linkage Between Economic Inequality and Political Violence*, Journal of Conflict Resolution 21, 1977, стр.109

[64] Ted Gurr: *Why Men Rebel*, Princeton University Press, Princeton, 1970, стр.37

[65] Ibid, стр.596

и колку е поголемо нивното чувство за неправда, толку е полесно за лидерите на групата да ги убедат во ползата од колективна акција. Отпорот кон нови дискриминаторни политики, гнев поради државната репресија и надежи за надоместување на неправдите од минатото, како што е загубата на колективна автономија, се помеѓу претходниците на одржлива политичка акција од страна на етнополитичките групи."[66]

Резултатите на Гур се во согласност со семиналната студија на етничките групи во конфликт изработена од Хоровиц, според кој „етничките конфликти произлегуваат од согласноста на групите за заедничко вредносно значење за потврдените разлики помеѓу групите"[67] како и поради фактот дека етницитетот многу полесно се манипулира од страна на политичарите отколку другите основи на идентитетот (Хоровиц, 1998). Во прилог на теоријата за релативна депривација е и студијата на Алесина и Пероти на 71 земја во развој, во која утврдуваат поврзаност на доходовната нееднаквост со зголемување на политичката нестабилност и социјалното незадоволство. Аувинен и Нафзигер (1999) во истражувањето на 124 земји во развој утврдуваат дека длабоката нееднаквост на доходот е поврзана со политичкиот конфликт и хуманитарните неповолности, користејќи ја базата на податоци на Дејнинџер и Сквир (1996).

Теоријата за релативна депривација ќе привлече критика од Снајдер и Тили (1972): она што доведува до политички конфликти и револуции не се неправдите *per se*, туку мобилизацијата заснована на можности. Во прилог на т.н. теорија на рационален актер, според Тили (1978), луѓето ќе се мобилизираат во колективна акција, вклучително и бунт, само доколку проценат дека тоа е во нивни интерес и при расположливи ресурси, организација и можности. Како апологети на пристапот за мобилизација заснована на можности, Тили и Снајдер ја отфрлаат хипотезата за конфликтот заснован на перцепирана неправда и сметаат дека нееднаквоста и незадоволството се неизоставен дел на секое општество, според тоа, не постои конкретна врска помеѓу нив и колективното насилство (исто, Тили 1978, Скокпол 1979).

---

[66] Ted Gurr: *Peoples verus States, Minorities at Risk in the New Century*, United States Institute of Peace, Washington, 2000, стр.229

[67] Horowitz: *Ethnic Groups in Conflict*, University of California Press, Berkeley, 1985, стр.227

Дебатата помеѓу приврзаниците на теоријата за релативна депривација и оние на рационален актер кои се фокусираат на можноста за организирање бунт, односно побуна поради алчност, продолжува до крајот на осумдесеттите години на минатиот век[68], така што низ теоријата се исцртуваат пет возможни релации помеѓу економската нееднаквост и политичкиот конфликт: позитивна, негативна, конвексна (У-форма), конкавна (инверзна У-форма) и нулта.

Емпириската литература нуди примери за секоја од нив одделно (Линбах, 1989).

Линбах испитува 43 квантитативни студии на случај на овој нексус и меѓу нив идентификува 17 случаи со позитивна врска на нексусот, додека во неколку случаи врската е негативна. Исто така, Линбах идентификува шест случаи кои бележат курвилинеарна врска (од кои четири со конвексна, а две со конкавна), додека кај неколку од нив не наоѓа позначајна врска од ниту една од наведените.

И додека Алесија и Пероти (1996), Мулер (1997), Нафзигер и Аувинен (2002) и други имплицитно се сложуваат со тезата за линеарна врска меѓу економската нееднаквост и конфликтите, а други во форма на студии на случај ја подржуваат идејата за курвилинеарна врска (У-врска или обратна У-врска), постојат тврдења според кои нееднаквоста не е значајна причинска варијабла за конфликт.

Спротивно на теоријата за релативна депривација (Гур, Хоровиц), современите трендови во теоријата за граѓанска војна ги нагласуваат економските интереси на водечките елити како детерминанти на граѓанските војни - „додека лидерите се потпираат на дискурсот за етнички неправди и етничка солидарност, нивните основни двигатели може да се насочени кон борбата за моќ во рамките на етничката група"[69] и според тоа, неправдата на етницитетот се користи од прагматични мотиви за одржување на кохезија во рамките на групата.

---

[68] Мулер и Селигсон се помеѓу авторите кои прават обиди за интеграција на различните теории, обединувајќи го пристапот на теоријата за релативна депривација и пристапот на мобилизацијата заснована врз ресурси и можности. Според нив, високите нивоа на доходовна нееднаквост ја зголемуваат веројатноста дека барем некои дисидентни групи ќе можат да организираат колективна акција, но и дека нееднаквата дистрибуција на земјиштето е релативно неважна, освен при постоење на општа доходовна нееднаквост, која би овозможила мобилизацијата да биде поттикната во урбаните средини, за разлика од руралните средини кои многу потешко се мобилизираат.

[69] Paul Collier, Lani Elliot, Havard Hegre, Anke Hoeffler, Marta Reynal-Querol, Nicholas Sambanis: *Breaking the Conflict Trap*, Civil War and Development Policy, A copublication of the World Bank and Oxford University Press, 2003, стр.63

Следствено, во теоријата настанува дистинкција помеѓу т.н. бунт поради алчност и бунт поради неправда. Додека претставниците на теоријата за релативна депривација се фокусираат на мотивите на групите за промена на нивната положба, претставниците на рационалните теории се фокусираат на можностите за организација на бунт. Меѓу најистакнатите апологети на оваа дихотомија се Пол Колиер и Анке Хофлер од Светската банка. Иако тврдат дека на ниту еден модел не му даваат предност во однос на другиот, Колиер и Хофлер заклучуваат дека алчноста значително ја надминува неправдата.[70]

Во своите почетни формулации на „теоријата на алчноста", Колиер и Хофлер ја застапуваат перспективата на рационалниот актер, каде фокусот е на мотивите на побунетиот актер, а не на неправдите. Анализирајќи ја статистиката на граѓанските војни во периодот од 1965 до 1999, Колиер заклучува дека нееднаквоста, независно дали во доходите или средствата, нема видлив ефект врз појавата на граѓанска војна.

Истото го заклучува и за недостигот од демократски права, етничкиот и религискиот диверзитет. Наспроти нив, „економските карактеристики – зависноста од извозот на суровини, ниските средни приходи, слабиот раст и широките дијаспори – се значајни и моќни претпоставки за граѓанска војна".[71]

Во својата втора студија, Колиер и Хофлер развиваат економетриски модел за предвидување на граѓанскиот конфликт врз основа на 79 големи граѓански конфликти во периодот 1960 до 1999 година и покритие на 750 петгодишни епизоди за истиот период, проширувајќи ги објаснувачките варијабли од четири на поголем број потенцијални детерминанти. Прифаќајќи ја реториката на Гросман (1999), „појавата на бунтот не ја објаснува мотивот, туку атипичните околности кои генерираат профитабилни можности...оттука...две различни мотивации за бунт – неправда наспроти алчност – и две различни објаснувања – атипични неправди наспроти атипични можности."[72] Колиер и Хофлер повторно наоѓаат, дека повеќето причини за неправда (нееднаквоста, политичките права, етничката поларизација и религиозната фракционализација) се незначајни, додека можноста како објаснување на

[70] Gudrun Ostby: *Horizontal Inequalities and Civil Conflict: Do Ethnic Group Inequalities Influence the Risk of Domestic Armed Conflict?*, International Peace Research Institute, Oslo, 2003, стр.7

[71] Paul Collier: *Economic Causes of Civil Conflict and their Implications for Policy*, 2000, стр.21

[72] Paul Collier and Anke Hoeffler: *Greed and Grievance in Civil War*, Oxford Economic Papers 56, 2004, p.564

конфликтниот ризик е конзистентен со економската интерпретација на бунтот поради алчност. Наоѓаат уште и дека „е конзистентен со мотивацијата поради неправда, доколку перцепираните неправди се доволно раширени за да се сметаат заеднички за општествата и низ времето...но неправдите кои ги мотивираат бунтовниците можат значително да отклонуваат од широките општествени прашања на нееднаквоста, политичките права, етничкиот и религискиот идентитет."[73]

Во својата трета студија, Колиер и Хофлер ја формулираат „хипотезата за изводливост" поместувајќи го фокусот од традиционалното тежиште на мотивот за бунт, односно „онаму каде бунтот е изводлив, таму ќе се случи: мотивацијата е неодредлива, неа ја обезбедува агендата усвоена од првиот социјален претприемач за да го окупира доходовниот пазар или произлегува од можностите кои носат нелегален приход."[74]

По стапките на Колиер и Хофлер и една друга влијателна студија, изработена од страна на Ферон и Латин (2003), фрла сомнеж врз етничките и политичките неправди како објаснувачки причини за појава на граѓанските насилни конфликти.

Користејќи ја истата база на податоци на Дејнинџер и Сквир (1996), исто како и Аувинен и Нафзигер (1999), Ферон и Латин заклучуваат (во согласност со Колиер и Хофлер) дека факторите кои претставуваат ризик за граѓанска војна не се етничките или религиските карактеристики на земјата, туку условите кои допринесуваат за бунт.

Според Ферон и Латин, „граѓанските војни...имаат структурни корени, во комбинација со едноставна, воена технологија и деколонизација, кои создаваат меѓународен систем бројно доминантен со слаби нестабилни држави со ограничена административна контрола на нивните периферии."[75]

Последните претставуваат и клучни независни варијабли за бунт и се однесуваат на сиромаштијата, како обележје на финансиски и бирократски слаби држави и кои исто така, се потстрек за регрутирање на бунтовници - политичката нестабилност, грубиот терен и широките популации.

[73] Ibid, p.589

[74] Paul Collier and Anke Hoeffler: *Beyond Greed and Grievance: Feasibility and Civil War*, Oxford Economic Papers 61, 2009, p.24

[75] James D.Fearon & David D.Laitin: *Ethnicity, Insurgency and Civil War*, American Political Science Review 97, 2003, стр.88

Оттука, не се значајни изворите на агендата, туку расположливите можности за нивна трансформација во бунт. Според Латин, „токму факторите кои ги трансформираат латентните неправди во насилни дејствија, треба да се сметаат објаснувачки за насилството.“[76]

Овие, како и останати влијателни квантитативни студии, се согласни во одговорот дека нееднаквоста не го зголемува ризикот од граѓанска војна, односно дека нееднаквата дистрибуција на богатството помеѓу индивидуите немаат статистички значајно влијание врз појавата на граѓански конфликти (Колиер и Хофлер 2004, Ферон и Латин 2003, Хегер, Гисинџер и Гледиш).

Во текот на дводецениското емпириско истражување на нексусот (економска) нееднаквост и (насилен) конфликт, дебатата останува отворена, со спротивставени тврдења и ставови „за“ и „против“ постоење на каузална условеност во нексусот и со единствена констатација дека „ретко кога се открива цврста поврзаност помеѓу двете варијабли. Подеднакво ретко тој однос нурнува во црната дупка на беззначајноста.“[77]

[76] David D. Laitin: *Nations, States and Violence*, Oxford University Press, 2007, стр.23

[77] Manus I. Midlarsky: *Rulers and the Ruled: Patterned Inequality and the Onset of Mass Political Violence*, American Political Science Review 82, 1988, стр.492

### 2.2. Емпириски истражувања на хоризонталните нееднаквости и конфликтите

И покрај обемните и разновидни емпириски и теоретски трудови и обиди статистички да се одреди односот помеѓу нееднаквоста и конфликтите, како и некомпатибилните заклучоци кои ги продолжуваат дилемите за постоењето, односно непостоењето на причинска поврзаност во овој нексус, бројни истражувачи на нееднаквоста и конфликтите сметаат дека е прерано да се отфрли каузалната спрега помеѓу неправдите, нееднаквоста (поточно ХН-$^{ти}$) и конфликтот (Гудрун Озби, Френсис Стјуарт, Николас Самбанис, Кристофер Крамер, Ерик Чедерман и др.).

Иако Френсис Стјуарт е прва меѓу научните истражувачи која експлицитно го употребува терминот „хоризонтални нееднаквости", постојат обиди за проучување на структурните разлики меѓу етничките групи кои му претходат на концептот на ХН-$^{ти}$.

Економетриската студија на Бароус (1976) е од посебно значење, затоа што претставува прв обид за мерење на она што (многу подоцна) ќе биде опфатено со концептот на ХН-$^{ти}$, иако во студијата не се користи оваа терминологија.

Анализирајќи ја политичката нестабилност на 32 земји на Суб-Сахарска Африка, Бароус смета дека нееднаквоста е значаен причинител на политичката нестабилност при диспропорција на големината на групите и нивниот пристап до ресурсите, како што се политичката моќ, образованието и богатството, заклучувајќи дека „диспаритетите помеѓу етничките групи... го поттикнуваат натпреварот помеѓу нив, што често ерупира во насилство."[78] Забелешката која се упатува на студијата на Бароус е во субјективната проценка на избор, односно „неговата лична проценка е единствен извор за одредување на бројот на групна нееднаквост за секоја земја одделно."[79]

Користејќи ја базата на податоци на малцинства под ризик (МАР) за 202 политички активни комунални групи во осумдесетите години на претходниот век, Гур и Мур (1997) ги истражуваат меѓугрупните разлики низ повеќе политички и социо-економски димензии и наоѓаат индиректна позитивна врска помеѓу нив и

[78] Barrows W.L.: *Ethnic diversity and political instability in black Africa*, Comparative Political Studies 9, 1976

[79] Gudrun Ostby: *Horizontal Inequalities and Civil War, Do Ethnic Group Inequalities Influence the Risk of Domestic Armed Conflict?* International Peace Research Institute, Oslo (PRIO), 2003, p.46

етнополитичкиот бунт низ повисока етнополитичка мобилизација. Нешто подоцна, Гур изработува проект за анализа на статусот на политички активните комунални групи низ целиот свет, поточно за 275 етнички или комунални групи, во 116 од најголемите 161 земја во светот[80], со цел да ги документира трендовите на политичка активност на етничките и другите комунални групи во претходниот период, теоретски да ги скицира условите кои се поврзани со политичките барања на етничките и комуналните идентитети и да ги процени ризиците за идните етнополитички конфликти.[81] Гур исто како и Бароус не го користи називот „хоризонтална нееднаквост/и", но всушност тоа е предмет на неговото истражување, наведувајќи дека во „студијата на малцинствата, групната дискриминација се однесува на политички, економски и културни ограничувања кои индивидуално се наметнати на членовите на етничките, религиозните и другите комунални малцинства, како резултат на јавната политика или општествената практика."[82] Според Гур, економската и политичката дискриминација се поврзани со идното зголемување на протестите и дискриминацијата има поваќе индиректно отколку директно влијание врз политичката акција.

Од посебно значење за трудот, подолу се презентирани подетално емпириските резултати од истражувањата на Френсис Стјуарт, професор за развојна економија и раководител на Центарот за истражување на нееднаквоста, човековата безбедност и етницитетот (CRISE) и тимот од CRISE, и истражувањата на Гудрун Озби, Ларс Чедерман, Нилс Видман и Кристиан Гледиш, во рамки на Институтот за меѓународни мировни истражувања во Осло (PRIO).

[80] 275 етнички или комунални групи во студијата Малцинства под ризик се вклучени поради нивната непривилегирана положба во споредба со други групи во општествата (т.е. поради дискриминаторни практики) или се политички организирани со цел унапредување или одбрана на нивните колективни интереси. Малите групи се исклучени, како и групите во земјите со население помало од половина милион.

[81] Основната единица на набљудување во студијата Малцинства под ризик е етнополитичката група (оттука е изведен поимот за етнополитички конфликт – конфликт помеѓу етнополитички групи). Етнополитичките групи претставуваат идентитетски групи чиј етницитет има политички последици, кои резултираат во различен третман на членовите на групата или во политичка акција во име на интересите на групата. Концептот на етнополитичка група е во согласност со конструктивистичкиот пристап бидејќи го фокусира вниманието врз променливите околности во кои етничкиот идентитет станува основа за колективна политичка мобилизација и акција, за што ќе стане збор подолу во трудот.

[82] Ted R. Gurr: *Peoples verus States, Minorities at Risk in the New Century*, United States Institute of Peace, Washington, 2000, стр.106

### 2.2.1. Емпириски истражувања на Френсис Стјуарт и тимот соработници при Центарот за истражување на нееднаквоста, човековата безбедност и етницитетот (CRISE)

Центарот за истражување на нееднаквоста, човековата безбедност и етницитетот (CRISE)[83] првенствено има за цел да ја истражи хипотезата според која, постоењето на „хоризонталните нееднаквости", т.е. нееднаквостите помеѓу културно дефинираните групи, значително го зголемуваат ризикот од конфликт (Стјуарт, 2000).

Вака поставената хипотеза се протега меѓу двата доминантни аспекти во литературата за конфликт: од една страна лежи објаснувањето дека етничките (и/или религиски) разлики се во суштината на современите конфликти (застапувана од Хантингтон и др.), а од друга страна е тврдењето дека културните разлики се вештачки креирани и инструментализирани и она што е во суштина на проблемот се економските и политичките фактори (Колиер и Хофлер 2004, Ферон и Латин 1996, 2003, и други).

Согласно хипотезата за ХН-ти, комбинацијата на културните разлики и политичките и економските нееднаквости кои се протегаат вдолж културните разлики, е она што барем делумно, го објаснува современиот насилен конфликт.[84]

#### 2.2.1.1. Истражувачки дизајн во студиите на случај на CRISE

Во изборот за мерење на ХН-ти, Стјуарт и соработниците поаѓаат од мерките за мерење на вертикалната нееднаквост (коефициентот на варијација, Џини коефициентот, Теил индексот и др.), приспособувајќи ги на потребите за мерење на ХН-ти.

Но освен независноста на дистрибуцијата од просекот, т.е. аритметичката средина и принципот на трансфер[85], потребно е мерењето на ХН-ти да биде пред сé

[83] Центарот за истражување на нееднаквоста, човековата безбедност и етницитетот е формиран во 2003 година на Универзитетот во Оксфорд, од страна на Одделението за меѓународна соработка на Велика Британија со основна цел – да одговори на прашањето зошто многу мултиетнички општества се мирољубиви, додека други не, во партнерска соработка со локални истражувачи во три региони: Латинска Америка, Југоисточна Азија и Западна Африка.

[84] Frances Stewart: *Horizontal Inequalities as a Cause of Conflict: A Review of CRISE Findings*, World Development Report 2011, Background Paper, 2010, стр.1

описно, отколку вредносно, односно, вредносното да се сведе на најмало можно ниво и да се мери нееднаквоста *per se*, а не влијанието на нееднаквоста врз вкупните приходи или вкупната општествена благосостојба. Оттука, Стјуарт и соработниците (понатаму во текстот – „Стјуарт и ср.") го сведуваат изборот на три можни мерки за мерење на ХН-ти, и тоа:[86]

1. Групен коефициент на варијација (GCOV).

Коефициентот на варијација (или релативната стандардна девијација) како мерка ги мери отстапувањата од средината, давајќи им подеднаква тежина на редистрибуциите при различни нивоа на доход. За потребите на мерење на ХН-ти, Стјуарт го користи групниот коефициент на варијација, со кој се утврдуваат разликите помеѓу групите, а кој може да биде непондериран или пондериран за големината на популацијата на секоја од групите кои се предмет на мерење. Со употреба на непондерираниот коефициент на варијација, промените во положбата на многу мала група има подеднаков ефект како оние кои се однесуваат на поголема група (Стјуарт), затоа предност му дава на пондерираниот групен коефициент на варијација.

На овој начин, Стјуарт и ср. доаѓаат до најсоодветната емпириска мерка, бидејќи „ги мери отстапувањата, додека им придава повеќе значење на поголемите групи...но од политичка перспектива, релевантно е и како групите се споредуваат при различни точки на дистрибуција."[87] Овие разлики имаат, соодветно, различни политички импликации.[88]

Заради сумирање на овие разлики, се применува мерката на Џејмс Фостер, α – аритметичка средина, со која се пресметуваат групните аритметички средини за секоја

[85] Принципот на трансфер е воспоставен од страна на Хју Далтон (1920) по сугестија на Пигу, според кој трансферот на приходи од побогатите кон посиромашните , под услов да не го нарушува нивниот однос, води кон поголема еднаквост, па оттука е наречен Пигу-Далтонов принцип.

[86] Luca Mancini, Frances Stewart & Graham K. Brown: *Approaches to the Measurement of Horizontal Inequalities, Horizontal Inequalities and Conflict: Understanding Group Violence in Multiethnic Societies*, Palgrave Macmillan, 2010, стр.91

[87] Frances Stewart: *Bradford Development Lecture: Horizontal Inequalities as a cause of conflict*, 2009 p.41,42

[88] Разликите во дистрибуцијата се однесуваат на компаративно нееднаква распределба помеѓу групите, помеѓу елитите на секоја од групите со оние помеѓу остатокот на групите, или помеѓу врвот и дното кај секоја од групите, или др. Притоа, секој од нив има различно влијание врз перцепцијата на неправдите и мотивите за мобилизација.

од групите при различни точки на дистрибуција на доходите со примена на параметарски средини.

Вредноста на α параметарот одредува колку значење им се придава на различните делови од дистрибуцијата, оттука и проценката на XH-ти ќе варираат при различни вредности на параметарот α.

Или,

$$\text{Непондериран GCOV} = \frac{1}{y}\left(\frac{1}{R-1}\sum_{r}^{R}(\bar{y}_r - \bar{y})^2\right)^{\frac{1}{2}}$$

$$\text{Пондериран GCOV} = \frac{1}{y}\left(\sum_{r}^{R} p_r(\bar{y}_r - \bar{y})^2\right)^{\frac{1}{2}}$$

$$\alpha - \text{аритметичка средина} = \begin{cases} \bar{y}_{r\alpha} = \left(\sum_{i}^{n} y_{ir}^{\alpha}/n\right)^{\frac{1}{\alpha}} & \alpha \neq 0, \quad \alpha \in R \\ \bar{y}_{r\alpha} = \exp\left(\frac{\sum_i^n \ln(y_{ir})}{n}\right) & \alpha = 0 \end{cases}$$

Каде што, $\bar{y}_r = \frac{1}{n_r}\sum_i^{n_r} y_{ir}$ е аритметичка средина на групата $r$, $p_r$ е уделот во популацијата на групата $r$, $R$ е големината на популацијата на групата $r$, $y_{ir}$ е вредноста на $y$ за $i$-от член на групата $r$, $Y_r$ е вкупната вредност на групата $r$ за $y$, $Y$ е вкупната вредност на $y$ во примерокот/популацијата, а $\alpha$ е скалар.

2. Џини коефициент на групните приходи (GGINI).

Како што е напоменато понапред, една од основните критики на повеќето квантитативни истражувања на нееднаквоста и конфликтите е занемарувањето на групниот аспект на нееднаквоста, додека она што е потребно за анализа на конфликтите е хоризонтално мерење на нееднаквоста помеѓу групите, дефинирани по регион/етницитет/класа/религија, согласно најсоодветниот вид на групна идентификација во одредено општество (Стјуарт, 2000).

Џини коефициентот претставува нумеричко мерење на дистрибутивната нееднаквост на доходи или богатство, врз основа на Лоренцовата крива[89].

За потребите на мерење на ХН-ти, каде групирањето се врши врз основа на неекономски карактеристики, односно етницитет, но исто така и врз основа на религија, раса и други културни карактеристики, Стјуарт и ср. го дефинираат т.н. групен Џини коефициент, со кој секоја група се споредува со секоја друга група – предмет на мерење. Притоа и групниот Џини коефициент (GGINI) како и групниот коефициент на варијација (GCOV) содржат одреден степен на вреднување, така, групниот коефициент на варијација ги нагласува случаите подалеку од средната вредност, додека групниот Џини коефициент ја нагласува средната вредност на дистрибуцијата. Математички, GGINI се пресметува:

$$GGINI = \frac{1}{2\bar{y}} \sum_{r}^{R} \sum_{s}^{S} p_r p_s \left| \bar{y}_r - \bar{y}_s \right|$$

3. Групен Теил индекс (GTHEIL)

Групниот Теил индекс претставува алтернатива на претходните две мерки за мерење на групната нееднаквост, и како и GCOV, ја споредува секоја од испитуваните групи со аритметичката средина. Теил индексот претставува пондериран просек на нееднаквоста внатре во групите, плус нееднаквоста помеѓу групите[90]. Спротивно на Џини коефициентот, тој ја разложува вкупната вертикална нееднаквост на нееднаквост која се должи на внатре-групната нееднаквост и на онаа која се должи на нееднаквоста меѓу групите Но, Стјуарт и ср. „не се заинтересирани за примена на разложувачка мерка, бидејќи бараат независно мерење на ХН-ти."[91]

Математички тие го конструираат GTHEIL на следниот начин:

$$GTHEIL = \sum_{r}^{R} p_r \frac{\bar{y}_r}{\bar{y}} \, log\left(\frac{\bar{y}_r}{\bar{y}}\right)$$

[89] http://www.econweb.com/texts/current/Mansions/inequality-measure.html

[90] https://en.wikipedia.org/wiki/Theil_index

[91] Luca Mancini, Frances Stewart & Graham K. Brown: *Approaches to the Measurement of Horizontal Inequalities, Horizontal Inequalities and Conflict: Understanding Group Violence in Multiethnic Societies*, Palgrave Macmillan, 2010, стр.89

Освен наведените, Стјуарт и ср. вбројуваат и други алтернативни мерки, кои иако се дизајнирани заради испитување на одредени аспекти на групната нееднаквост, не се директно засегнати со мерење на истата (поларизациониот индекс на Естебан/Реј), или се поврзани со внатре-групната нееднаквост (индексот на Жанг/Канбур кој се темели на Теил индексот), или се ограничени само на две групи (непарната пропорција на Чакрабарти), како и други, па оттука не се компатибилни со основната истражувачка хипотеза на CRISE центарот. За таа цел, изборот го сведуваат на пондерираниот групен коефициент на варијација (GCOV) и Џини коефициентот на групните приходи (GGINI), во комбинација со α – аритметичката средина (која најцелисходно ги следи промените на ХН-$^{ТИ}$ при промени во различните сегменти на дистрибуција).

### 2.2.1.2. Избор на студии на случај

Стјуарт и тимот соработници (Лука Манцини, Арним Лангер, Граам Браун) од центарот за истражување CRISE, спроведуваат истражување на осум студии на случај, распоредени соодветно во осум земји, на три континенти, и тоа:

- Во Латинска Америка: Боливија, Гватемала и Перу;
- Во Југоисточна Азија: Малезија и Индонезија;
- Во Западна Африка: Брегот на слоновата коска, Гана и Нигерија.

Секоја од наведените земји има мултикултурен состав и по една земја од секој од наведените региони избегнува посериозен политички конфликт, додека останатите поминуваат низ насилен етнополитички конфликт во поблиското минато.[92] Притоа, секоја од наведените земји се соочува со сериозни ХН-$^{ТИ}$ во истражуваниот период (вдолж различни димензии), и тоа:[93]

---

[92] Нигерија избегнува насилен конфликт во текот на повеќе декади, Боливија, Малезија и Гана успеваат да останат претежно мирољубиви, додека Гватемала, Перу и Брегот на слоновата коска поминуваат низ сериозни насилни конфликти во поблиското минато (CRISE).

[93] Frances Stewart: *Bradford Development Lecture: Horizontal Inequalities as a cause of conflict*, 2009 стр.2; Frances Stewart, Graham K. Brown&Arnim Langer: *Major Findings and Conclusions on the Relationship Between Horizontal Inequalities and Conflict, Horizontal Inequalities and Conflict: Understanding Group Violence in Multiethnic Societies*, Palgrave Macmillan, 2010, стр.286

- Во Боливија, стапката на морталитет на домородното население е за 50% повисока отколку она на недомородното, исто така, домородното население има просечно четири години помалку образование;
- Во Перу, бројот на домородното население со средно образование изнесува една петтина од она на „белото" население, со просечно двојно времетраење на образованието од она на доомородното население;
- Во Гватемала, 20% од домородното население е под прагот на екстремна сиромаштија за разлика од само 5% од недомородното население (податоците се однесуваат за 2000-та година);
- Во Гана, стапката на смртност кај децата во северниот дел на Гана е речиси 2,5 пати поголема отколку на ниво на целата земја, а речиси три пати поголема од она во регионот на Големата Акра, додека пристапот до здравствените услуги во северниот дел е помалку од една четвртина од она во регионот на Големата Акра;
- Во Брегот на слоновата коска, стапката на писменост кај Северните Манди е 23%, т.е. половина од стапката кај Акан;
- Во Нигерија, стапката на смртност кај родилките во североисточниот дел на земјата е девет пати поголема од онаа на југозапад;
- Во Малезија, приходите на Кинезите се за 1.6 пати поголеми од оние на Малеите, иако се помалубројни од последните.

#### 2.2.1.3. Општи заклучоци за односот меѓу ХН-ти и конфликтите на CRISE

Врз основа на спроведеното истражување на осумте наведени студии на случај, како и врз основа на неколкуте анализи на ниво на држави во поширок опсег на земји, Стјуарт и ср. доаѓаат до следните десет општи заклучоци[94] за врската помеѓу ХН-ти и конфликтите, односно за причините за конфликт поврзани со постоењето на ХН-ти, и тоа:

[94] Frances Stewart: *Bradford Development Lecture: Horizontal Inequalities as a cause of conflict*, 2009 стр.7-24; Frances Stewart, Graham K. Brown&Arnim Langer: *Major Findings and Conclusions on the Relationship Between Horizontal Inequalities and Conflict, Horizontal Inequalities and Conflict: Understanding Group Violence in Multiethnic Societies*, 2010, Palgrave Macmillan, стр.287-300

1. ***Веројатноста за конфликт е повисока онаму каде што се поголеми социо-економските ХН-$^{mu}$.***

Првиот заклучок за врската помеѓу ХН-$^{TH}$ и конфликтите, всушност ја потврдува основната истражувачка хипотеза на CRISE и истата е потврдена од страна и на други истражувачи на овој нексус (Озби, Гур, Бароус, Вимер, Чедерман и Мин, Маршед и Гејтс и др.).

Овој заклучок во рамките на CRISE произлегува во најголем дел од истражувањето спроведено од страна на Лука Манцини на области во Индонезија.

Манцини изработува економетриска анализа со употреба на логистичка регресија за испитување на ефектот на ХН-$^{TH}$ врз веројатноста од етнички конфликти со човечки жртви. Индикаторите се калкулирани како пондерирани коефициенти на варијација, за пет социоекономски мерки: стапката на смртност кај децата, просекот на години на образование, процентот на земјоделски работници без сопственост на земја, просечниот приход на наемниот труд и процентот на невработени млади машки лица од 14-30 години. Контролирајќи бројни интервенирачки фактори, како што се економскиот развој, етничкиот диверзитет и големината на популацијата, Манцини доаѓа до заклучок дека ХН-$^{TH}$ имаат највисоко статистичко значење во стапките на смртност кај децата и нивната промена низ времето, т.е. се позитивно и значително поврзани со настанувањето на насилните етно-комунални конфликти, додека индикаторите на останатите димезнии на ХН-$^{TH}$ се исто така поврзани со зависната варијабла (насилниот конфликт), но со помало статистичко значење кога се испитуваат едновремено. Според Манцини, ваквиот заклучок има неколку објаснувања, имено, смртноста кај децата претставува исклучително видлива и вознемирувачка категорија, која воедно може да послужи и за мобилизација на незадоволството внатре во етничката група, но исто така е во тесна корелација со останатите димензии на ХН-$^{TH}$, како што се образованието, вработеноста и приходите. Оттаму, генерирањето и преносот на ефектите што го имаат ХН-$^{TH}$ во наведените димензии. Меѓутоа, не сите земји кои имаат високи вредности за ХН-$^{TH}$ доживуваат насилен конфликт.

Резултатите до кои што доаѓаат тимот на CRISE, како и останатите споменати автори, е всушност зголемената веројатност за појава на конфликт со зголемување на ХН-$^{TH}$.

Друга забелешка е дека не сите насилни мобилизации во земјите со високи ХН-ти се базирани на самиот дискурс на идентитетот[95], колку што политичката мобилизација и организација вдолж етничките линии често се идентификуваат како значајни допринесувачки фактори (Хоровиц, 1985).

Според Стјуарт, природата на политичките ХН-ти е еден од факторите кои одредуваат дали социоекономските ХН-ти ќе доведат до насилен конфликт.

*2. Конфликтот е поверојатен при високи и конзистентни ХН-ти.*

Објаснувањето што стои зад овој заклучок е следното: онаму каде што социоекономските ХН-ти се значајни и конзистентни, и лидерите и припадниците на обесправената група имаат мотиви за мобилизација во насилен конфликт, при што за првите мотивот се состои во политичката исклученост, т.е. политичките ХН-ти, а за вторите тоа е неповолната економска и социјална положба, односно постоењето на социоекономски ХН-ти. Исто така, онаму каде ХН-ти се движат неконзистентно, т.е. во различни насоки, веројатноста за насилен конфликт е помала.

Студиите на случај за Нигерија и Малезија се во прилог на овој заклучок. И во двете земји етничките групи кои се економски обесправени се истовремено и политички надмоќни - состојба која ги редуцира мотивите на владеачките елити за мобилизација на обесправеното членство во насилен конфликт.

Заклучокот ја нагласува улогата на елитите во мобилизирање на релативната депривација на групата во насилен политички конфликт. Оттука, елитите ја попримаат улогата на „претприемачи на конфликтот" (Брас).

Озби обезбедува богата економетриска поддршка за конзистентноста на социо-економските и политичките нееднаквости и нивната меѓузависност со насилниот политички конфликт.

*3. Инклузивните (power-sharing) влади водат кон намалување на веројатноста од конфликт.*

Ваквиот заклучок произлегува (се надоврзува) од претходниот, каде што политичката застапеност на обесправената група ја амортизира конзистентноста на различните ХН-ти како предуслов за насилен конфликт.

[95] Студиите на случај во Боливија, Гватемала и Перу укажуваат на слаба врска помеѓу еволуцијата на колективната акција (насилна или ненасилна) со етничките корени, поместувајќи го тежиштето на неуспехот од ефективно намалување на ХН-ти, кое е различно во сите три случаи, во зависност од различните историски наследства и политичките услови.

Социо-економските ХН-ти и во овој случај можат да егзистираат на значително ниво без мобилизација во насилен конфликт, но сè додека постојат социо-економските ХН-ти, постои и потенцијалот за вовед во насилен конфликт. Политичката исклученост се покажува како основен двигател на конфликтот во Брегот на слоновата коска, а политичката вклученост на елитата од обесправените групи, во превенирањето на граѓанска војна во Гана, Нигерија и Боливија. Како поддршка на овие заклучоци се и економетриските испитувања на причините за конфликт, кои укажуваат на важноста на политичката дискриминација во овој однос (Голдстон, Гур и Маршал, 2004).

Иако „power-sharing"-от како политичка вклученост на обесправената група игра голема улога во превенција на насилството (во согласност со економетриските истражувања на Липхард (1969) за формалните аранжмани во споделувањето на власта), долгорочно, нивната позиција е предизвикана од останатите претприемачи на обесправената група да испорача соодветен инклузивен развој.

4. ***Граѓанството може да биде важен извор на политичка и економска исклученост.***

Во согласност со теоретската елаборација на Гибни[96], Стјуарт и ср., наведуваат дека исклученоста од граѓанството е само по себе форма на хоризонтална нееднаквост и важен извор на нееднаквост и во другите сфери (на пр., лишеност од правото на работа, правото на земја, правото на државна помош, правото на користење низа услуги кои произлегуваат од статусот на граѓанин и др.).

Исклученоста/лишеноста од граѓански статус која поприма обемен број претставници од заедничка етничка или религиска група (кога исклученоста се преклопува со идентитетските расцепи), може да биде сериозна причина за социо-економски нееднаквости. Во услови на неможност за нивна институционална артикулација и политичко адресирање, а кога граѓанството е од значење за дистрибуција на политичките, социјалните и економските ресурси, оспорувањето на статусот на граѓанство може да испровоцира конфликт (на пример, случајот со Брегот на слоновата коска (Лангер, 2004), Нигерија (Надзор на човековите права, 2006), локални конфликти во Гана (Џонсон, 2006) и др.).

[96] За подетално види: Matthew J. Gibney: *Who Should be Included? Noncitizens, Conflict and the Constitution of the Citizenry, Horizontal Inequalities and Conflict: Understanding Group Violence in Multiethnic Societies*, Palgrave Macmillan, 2010, стр.25-39

Во потврда на значењето на граѓанскиот статус во етнички поделените општества е присуството на широка дебата во академските кругови кои предлагаат различни модели за намалување на нагласеноста на етничките идентитети (Дорф, 2004), реорганизација на политичките институции околу нив (Липхарт, 1977) или изборни иницијативи над етничките поделби (Хоровиц, 1991).

5. ***Нееднаквоста на културното признавање помеѓу групите е дополнителна мотивација за конфликт и културните „настани" можат да претставуваат тригери на конфликт.***

Нееднаквоста на културното признавање (културната нееднаквост) претставува дополнителна мотивација за конфликт - „културата игра фундаментална улога во врамување на социоекономските и политички нееднаквости, бидејќи заедничката култура или идентитет е она што ја врзува групата заедно,"[97] но и поради ефектот на прелевање на една форма на нееднаквост во друга. Така, „политичките нееднаквости се често одговорни за нееднаквост на културниот статус; а нееднаквостите на културниот статус можат да бидат извор на политички и социоекономски нееднаквости."[98]

Обемот во кој практиките и обичаите на културните групи се различно признаени во и од страна на државата, претставуваат значаен линк помеѓу културата и групната мобилизација. Притоа, треба да се нагласат, освен државата и другите актери поврзани со државата и недржавните актери, како што се медиумите кои допринесуваат за различен третман на културните групи, но и граѓанското општество воопшто.[99] Лангер и Граам издвојуваат три аспекти на нееднаквост на културниот статус: признавање на религиозни практики и обреди, јазични права и признавање на јазикот и признавање на етнокултурни практики.

Религијата и перцепираните религиозни навреди се особено погодни за групна мобилизација поради силната вредност на симболи која ја имаат за нивните приврзаници. Јазикот пак, го симболизира почитувањето за луѓето кои го зборуваат,

[97] Arnim Langer and Graham K. Brown: *Cultural Status Inequalities: An Important Dimension of Group Mobilization, Horizontal Inequalities and Conflict: Understanding Group Violence in Multiethnic Societies*, Palgrave Macmillan, 2010, стр.42

[98] Ibid, стр.45

[99] Лангер и Граам (2010) ја нагласуваат улогата на граѓанското општество како круцијална во настанување, осуда и разбирањето на ХН-ти во јавноста. Оттука, граѓанското општество може да претставува феномен кој ги премостува разликите, но и платформа за исклученост и нетоleranција.

нивната култура и нивната целосна вклученост во општеството (Извештај за човеков развој, 2004). Етнокултурните практики и обреди се исто така значаен сегмент на културниот статус, дури и во државите каде нивното практикување е предмет на толеранција. Имено, нееднаквоста во културниот статус може да произлезе од привилегирање на доминантната културна група, кога нејзините културни обележја и практики се инкорпорирани во симболите на државата, државните празници, имињата на училиштата, улиците, хероите итн. Со еден збор, кога „групите воспириемаат дека нивниот идентитет е недоволно признаен, поверојатно е нивното отуѓување од државата и да се одлучат на мобилизација, која може да се преобрази во насилна."[100]

***6. Перцепциите на ХН-ите влијаат врз можноста од конфликт.***

Една од основните компоненти на концептот на ХН-ти е перципираната (субјективна) колективна неправда, а не единствено објективната (мерлива) неправда (Стјуарт, Лангер). Според тоа, индивидуите/групите превземаат дејствија поради перципираните неправди, а не поради статистички измерените нееднаквости за кои може и да не знаат и кои нужно не се преклопуваат со субјективните (перципирани, доживеани) неправди.

Во рамките на CRISE извршени се истражувања на перцепциите во Гана и Нигерија преку структурирани прашалници за тоа како испитаниците гледаат на сопствените идентитети и степенот на доминација врз државните институции од одредена етничка или религиска група/и. Притоа, избрани се статистички репрезентативни локации, со што е изоставена поширока национална претставеност.

Резултатите на CRISE од истражувањето на перцепциите во Гана и Нигерија фрлаат светлина на причините зошто одредени идентитети полесно се политизираат од другите. Во двете земји перцепциите на различниот пристап се заснова на можностите и искуствата на локално ниво, на тој начин отстапувајќи значително од објективните разлики кои се мерат на регионално ниво. Поврзан со степенот на образование е заклучокот според кој „повисокиот степен на образование не ја намалува тенденцијата за размислување во етнички рамки... " и истото е „позитивно поврзано со поизразени етнички идентитети и перцепции за фаворизирање врз етничка основа...што е веројатно

[100] Arnim Langer and Graham K. Brown: *Cultural Status Inequalities: An Important Dimension of Group Mobilization, Horizontal Inequalities and Conflict: Understanding Group Violence in Multiethnic Societies*, Palgrave Macmillan, 2010, стр.53

поради тоа што оние со повисоко образование се натпреваруваат за подоходовни работни места и деловни можности и оттука, знаат каде „се тесни чевлите"".[101]

Етницитетот е перцепиран како причина за нееднаков пристап до јавните добра, додека религиската припадност како позначајна во приватната сфера (општествените односи). Овие заклучоци претежно се однесуваат на студијата во Нигерија, за разлика од Гана каде идентитетот на националната припадност е позначаен од етничкиот.

Разликите пак, во компаративните перцепции на идентитетите и државата во двете земји можат да помогнат во објаснувањето зошто Нигерија поминува низ повеќе внатре-етнички конфликти во споредба со Гана.

Не треба да се занемари и фактот дека каузалната спрега го подразбира и обратното влијание, имено, „од понасилно окружување до поизразени перцепции на етничките обележја и дискриминацијата."[102]

7. ***Присуството на природни ресурси може да биде значајна причина за сепаратистички конфликт, преку влијанието што го има врз ХН-ти.***

Истражувањата на CRISE сугерираат дека конфликтниот потенцијал на природните ресурси е честопати помогнат од нивното влијание врз ХН-ти, кое може да земе форма на сепаратистички борби или конфликти на локално ниво (Браун, 2008, Тацоедин, 2007).

Овие истражувања се надоврзуваат на бројните економетриски истражувања на нексусот природни ресурси и конфликти, за кои во литературата не постојат јасни каузални механизми (Хамфри, 2003)[103], а освен тоа и различните видови на природни ресурси имаат различни импликации врз страните во конфликтот (Мајкл Рос, 2003).[104]

---

[101] Arnim Langer and Ukoha Ukiwo: *Ethnicity, Religion and State in Ghana and Nigeria: Perceptions from the Street, Horizontal Inequalities and Conflict: Understanding Group Violence in Multiethnic Societies*, Palgrave, Macmillan, 2010, стр.225

[102] Ibid

[103] Почнувајќи од теоријата на алчност на Колиер и Хофлер , според која можноста која произлегува од располагањето со природни ресурси е помеѓу причините за насилен конфликт, Макартан Хамфри аргументира дека не постои јасен механизам за објаснување на овој линк, наведувајќи најмалку осум ривалски механизми помеѓу природните ресурси и конфликтите и нивното траење (за подетално види: Macartan Humphreys: *Economics and Violent Conflict*, Harvard University, 2003)

[104] Мајкл Рос илустрира четири различни импликации врз основа на 15 студии на случај, и тоа: 1) ресурсите имаат остри различни ефекти во сепаратистичките конфликти за разлика од несепаратистичките; 2) влијанието на одреден ресурс во голема мерка зависи од тоа дали е лесно отуѓлив; 3) отуѓливите ресурси – како дијамантите и дрогата претставуваат мала закана за

Во анализите на сепаратистичките движења во Југоисточна Азија, Браун ја потврдува посредничката улога на природните ресурси меѓу ХН-ти и конфликтот.

Така, во студијата на Ацех, просторните ХН-ти кои осцилираат околу потенцијалното богатство на провинцијата како производител на природни добра, резултираат со појава на сепаратистичко движење во крајот на 70-тите години на минатиот век, чија активност ги зацврстува нееднаквостите помеѓу етничките Ацехнези и имигрантската популација на Јаванезите.

Резултатите укажуваат дека природните ресурси можат да генерираат остри разлики во регионалната нееднаквост, така да, онаму каде се преклопуваат со етничките или религиозните линии, можат да доведат до сепаратистички конфликти.

Овде повторно, посредничката улога на ХН-ти лежи во компонентата на нивната перцепирана вредност, „чувството на релативна депривација искусено од маргинализираната етничка периферија наспроти оддалечениот и непосетен главен регион, на пример, може да биде од многу помало политичко значење отколку нееднаквостите кои се однесуваат на локалните жители на кои се гледа како на „претставници" на доминантната етничка група, иако овие нееднаквости може да се помалку изразени."[105]

### *8. Државното уредување е значаен фактор во ерупцијата и перзистентноста на сериозниот конфликт.*

За врската помеѓу државното уредување (видот на режимот) и насилниот конфликт постојат опсежни истражувања.[106]

---

сепаратистички конфликти, но се поверојатна причина за несепаратистички конфликти – еднаш штом започнат тешко се разрешуваат; 4) неотуѓливите ресурси, како што се нафтата и минералите претендираат да произведат сепаратистички конфликти (подетално: Michael L.Ross: *Oil, Drugs and Diamonds: The Varying Roles of Natural Resources in Civil War*, The Political Economy of Armed Confict , IPA, 2003)

[105] Ibid, стр.262

[106] Хегр, Елингсен, Гејтс и Гледиш демонстрираат дека веројатноста за граѓански конфликт е најниска во добро функционирачки демократии и перфектни автократии, а Хегр (2001) ја изведува емпириски инверзната У-форма помеѓу нивото на демократија и појавата на граѓанска војна, заклучувајќи дека полудемократиите се најчувствителни на насилен конфликт. Иако автократиите имаат тенденција да ја зголемуваат нееднаквоста (Роговски и Мекрае, 2004), демократските режими се поотворени на артикулацијата на неправдите, што од друга страна не претставува доволен аргумент да се тврди дека демократијата е способна за решавање и/или избегнување на сите потенцијални конфликти, особено во земјите во развој - колку е подемократски режимот, посилен е и ефектот на ХН-ти врз можноста од настанувањето на (насилен) конфликт (Озби).

Иако, од една страна репресивните режими можат да превенираат ескалација на конфликтот потпирајќи се на контролата на безбедносните структури, агресивното поведение на државите од друга страна го подгрева, засилува и одржува потстрекот за насилен конфликт.

Компаративниот преглед на сепаратистичките конфликти во Југоисточна Азија (Браун, 2010) укажуваат на акомодирачкиот став на државата (Малезија) како основна разлика за спречување на сепаратистичките тенденции. Во три од вкупно четирите студии на случај (Индонезијската провинција Ацех, јужен Тајланд и регионот Миндао во јужните Филипини) предусловот за сепаратистички конфликти е резултат на комбинацијата на демографска трансформација и просторни и етнички ХН-ти, но „пресвртот во насилство најмногу зависи од самата држава, и особено, од начинот на кој таа одговара на протестите и ненасилната мобилизација."[107]

Во секој случај, „мобилизацијата на масовна поддршка за одредено сепаратистичко движење е поврзано со промени во владината политика кои се интерпретирани од страна на засегнатите етнички малцинства како директна државна дискриминација."[108] Односот на локалните инситуции во справување со конфликтите исто така се од големо значење во одредување на „траекторијата на насилството".

### 9. *Одредени ХН-ти се многу перзистентни и можат да траат и со векови.*

Сите студии на случај истражувани од CRISE укажуваат на колонијалниот фактор како еден од изворите на ХН-ти, кој во синергија со мноштво други елементи условуваат нивна перзистентност во подолг временски период.

Во Западна Африка ХН-ти се делумно резултат на географските и климатски разлики, но истите се влошени со колонијалните економски полтитики.

Постколонијалните политики и програмите за структурно прилагодување исто така не успеваат да ги корегираат овие нееднаквости. Во Латинска Америка нееднаквостите се цементираат со првобитната поделба на ресурсите од страна на привилегираните населувачи и одржување на привилегираната распределба со понатамошна дискриминација и нееднаков пристап до различните видови на капитал.

[107] Graham K.Brown:*Horizontal Inequalities and Separatism in Southeast Asia: A Comparative Perspective, Horizontal Inequalities and Conflict: Understanding Group Violence in Multiethnic Societies*, Palgrave Macmillan, 2010, стр.281

[108] Ibid, стр.279

Перзистентноста на ХН-ти се должи на кумулативните и засилувачки нееднаквости кои произлегуваат од нееднаквиот пристап до капиталот (финансиски, образовен и социјален) и особено од асиметриите на социјалниот (општествен) капитал, за што стана збор претходно во трудот.

***10. Меѓународните политики и статистики се честопати „слепи“ за феноменот на ХН-пш, додека националните политики се понапредни во оваа смисла.***

Последниот заклучок на Стјуарт и ср., се однесува на вниманието што го има прашањето за ХН-ти во меѓународната политика и програмите на меѓународните институции. Според ова, меѓународната заедница придава малку внимание на ХН-ти, фокусирајќи се на програмите за намалување на сиромаштијата и унапредување на економскиот раст, кои се однесуваат претежно на „макро политики дизајнирани да обезбедат економска стабилност и отвореност, и микро политики за поддршка на економската инфраструктура и зацврстување на улогата на пазарот во подобрување на ефикасноста“.[109] Иако, „донаторските агенции почнуваат да придаваат повеќе значење на ХН-ти во анализите на состојбите изложени на конфликт (Светска банка 2005, ОЕЦД 2001, ДФИД 2005)... ХН-ти не претставуваат системски дел на извештаите и ретко завземаат место во политичките извештаи, вон регионалните димензии.“[110]

Јасното адресирање пак, на ХН-ти во националните политики (кои се во голема предност во споредба со меѓународните во адресирањето на ХН-ти) понекогаш се предмет на критика од страна на меѓународните донатори како редуцирачки за ефикасноста. Истовремено, на политичко ниво, се промовираат институциите на повеќепартиската демократија, игнорирајќи ги политичките ХН-ти[111], освен во пост-конфликтните општества, каде се применува концептот на институционален аранжман на *"power sharing"*. Но и во тие случаи, често недостига препознавање на потребата за

---

[109] Frances Stewart: *Horizontal Inequalities as a Cause of Conflict: A Review of CRISE Findings*, World Development Report 2011, Background Paper, 2010, стр.21

[110] Ibid, стр.22

[111] Повикувајќи се на Чедерман, Вимер и Мин (2010), во Извештајот за конфликт, безбедност и развој (2011) на Светската Банка, се нагласува значењето на политичката исклученост како мотив за веројатност од насилен бунт.

предизајнирање на демократскиот систем во склад со спецификите на мултиетничкото окружување.[112]

Заклучните согледби на Стјуарт и ср. се следните:[113]

- **Конфликтот е поверојатен онаму каде постојат позначајни политички или економски ХН-ти, или и двете;**
- **Политичката мобилизација е особено веројатна каде што ХН-ти се перзистентни;**
- **Нееднаквостите во културното признавање или статус се исто така провокативни.**

Во дополнение, ги наведуваат и следните фактори од значење за настанување на конфликтот: уредувањето на државата и нејзините реакции, улогата на локалните институции во смирување или динамизирање на веќе започнатиот конфликт, присуството на природни ресурси преку ефектот што го имаат врз ХН-ти, како и улогата на меѓународната заедница преку економските и политичките политики.

### 2.2.2. Емпириски истражувања на Гудрун Озби од Институтот за меѓународни мировни истражувања во Осло

Гудрун Озби од Институтот за меѓународни мировни истражувања во Осло е помеѓу најистакнатите истражувачи на нексусот ХН-ти и конфликтите.

Врз основа на резултатите на Бароус, Гур и Стјуарт за односите помеѓу ХН-ти и конфликтите, Озби врши тестирање на систематската веродостојност на ваквите заклучоци во низа емпириски испитувања, проширувајќи го опфатот на истражување во полето на квантитативните студии, врз основа на систематски податоци за ХН-ти на национално ниво, во обид да изврши воопштување на заклучокот за односите помеѓу ХН-ти и конфликтот.

---

[112] Во истиот Извештај (2011) Светската Банка подетално укажува на улогата на институционалните дефицити во повторувачкото насилство, но ги признава и спецификите на секоја одделна земја во изборот на дизајнот нужен за разбивање на магичниот круг на насилството, а кој треба да биде најсоодветен на локалните политички услови и истиот да ја запази пред сѐ функцијата, наместо формата (World Development Report 2011: *Conflict, Security and Development*, World Bank, 2011).

[113] Frances Stewart, Graham K. Brown&Arnim Langer: *Major Findings and Conclusions on the Relationship Between Horizontal Inequalities and Conflict, Horizontal Inequalities and Conflict: Understanding Group Violence in Multiethnic Societies*, Palgrave Macmillan, 2010, стр.300

Предмет на истражување во нејзините студии се односите меѓу структурните нееднаквости помеѓу етничките групи, т.е. $ХН^{-ти}$ и граѓанскиот (насилен) конфликт, тестирајќи ги можните врски на каузалност помеѓу конфликтот, етницитетот и вертикалната нееднаквост и понатаму, помеѓу различните димензии на $ХН^{-ти}$ и конфликтот, како и интеракциите помеѓу вертикалната нееднаквост и $ХН^{-ти}$ и конфликтот.

#### 2.2.2.1. Истражувачки студии за етницитетот, $ХН^{-ти}$ и граѓанскиот конфликт

Студијата на Озби за $ХН^{-ти}$ и граѓанската војна, односно за тоа дали нееднаквостите помеѓу етничките групи влијаат врз ризикот од вооружен конфликт (2003), претставува прва меѓународна квантитативна студија за $ХН^{-ти}$ изработена врз основа на систематски и објективни податоци и во која непосредно се истражува ефектот на $ХН^{-ти}$ врз веројатноста од граѓански конфликт.

Врз основа на податоците од 43 земји во развој за периодот 1986-2001 година од програмата на Демографски и здравствени истражувања (ДХС)[114], Озби генерира агрегатни макро-индикатори за $ХН^{-ти}$ помеѓу двете најголеми етнички групи во секоја одделна земја, вдолж три димензии на $ХН^{-ти}$ (економски, социјални и здравствени)[115].

Мерките за етницитетот (независните варијабли: етничката фракционализација и етничката поларизација) се исто така генерирани врз основа на ДХС програмата, односно врз основа на податоците за етничката припадност, и тоа:

- За мерење на етничката поларизација Озби ја користи формулата на Монталво и Рејнал-Керол (2002):

$$RQ_i = 1 - \sum_{i=1}^{N} \left\{ \frac{\frac{1}{2} - p_i}{1/2} \right\}^2 p_i$$

[114] ДХС претставува тековен истражувачки проект, инициран од УСАИД и според тековните состојби, програмата ДХС располага со прецизни и репрезентативни податоци за населението, здравството, ХИВ и исхраната во повеќе од 90 земји, собрани и анализирани во преку повеќе од 300 истражувања. (подетално: http://www.measuredhs.com). Податокот за 43 земји во развој се однесува за периодот на студијата.

[115] Изборот на Озби е компатибилен со социо-економските индикатори опфатени со ХДР (УНДП, 2001).

Каде, $p_i$ го означува уделот на популацијата на етничката група "i" во земјата.

- За мерење на етничката фракционализација ја користи формулата на Ферон (2002):

$$F = 1 - \sum_{i=1}^{N} p_i^2$$

И во двете формули уделот на етничката група во вкупната популација е означен како $p_1, p_2, p_3, \ldots, p_n$.

Податоците за граѓанскиот конфликт[116] како зависна варијабла (во два модели: како почеток на граѓански конфликт (conflict onset) и како појава на конфликт (conflict incidence) во дадена година) се генерирани од базата на податоци на ПРИО/Упсала, креирана од истражувачите на Универзитетот на Упсала и Институтот за меѓународни мировни истражувања во Осло (2002).

Со цел расветлување на односот помеѓу нееднаквоста и конфликтот, Озби вклучува и неколку контролни варијабли кои се однесуваат на можните причинители за појава на конфликтот, по примерот на Хегр, Гисинџер и Гледиш (2003) и Колиер и Хофлер (2002), и тоа:

- БДП по жител;
- растот на БДП;
- видот на уредување во државата (режимот);
- транзиција на уредувањето (режимите во транзиција и институционално неконзистентните режими);
- големината на населението и
- зависноста од природни ресурси.

Озби применува модел на логистичка регресија, а анализите се вршени во статистичката програма СТАТА 7.0.

Друга студија на Гудрун Озби во оваа област е студијата врз основа на податоците од 36 земји во развој за периодот 1986-2004 година, за ефектот на социо-економската поларизација и ХН-ти врз веројатноста од започнување на граѓански конфликт на национално ниво (2008). За потребите на студијата се користени исто така

[116] Озби ги има предвид минорните (мали) вооружени конфликти согласно базата на податоци за вооружени конфликти на Упсала/ПРИО, каде овие конфликти се категоризирани како конфликти со најмалку 25 човечки жртви настрадани во судир, на годишно ниво.

податоците од програмата за ДХС за повеќе од 70 земји во развој, од кои податоци за етничката припадност содржат 39 од нив, врз основа на што се конструирани индикатори за ХН-ти и социо-економска поларизација за 36 од нив (три од нив се изземени поради конфликти кои се веќе во тек во целиот период).

Зависната варијабла во истражувачкиот дизајн во оваа студија е почетокот на граѓански конфликт (civil conflict onset) согласно базата на податоци за вооружени конфликти за периодот 1946-2001 на Гледиш, Валенстин, Странд и др.(2002).[117]

Независни варијабли во истражувачкиот дизајн се етницитетот и социо-економската дистрибуција, за чие тестирање Озби користи и конструира повеќе показатели, и тоа:

- За мерење на етничката поларизација (ethnic polarization) ја користи формулата на Монталво и Рејнал-Керол (2005) наведена во претходната студија;
- За мерење на социо-економската поларизација ги користи индексите за средствата на домаќинствата и стекнатото образование врз основа на ДХС базата на индивидуални податоци за нив, врз кои конструира две чисти мерки за поларизација, социјална и економска поларизација со примена на формулата на Естебан и Реј (1994):

$$ER = K\sum_{i=1}^{n}\sum_{j=1}^{n}\pi_i^{1+\alpha}\pi_j|y_i - y_j|$$

Каде, $\pi_i$ и $\pi_j$ ги означуваат големините на групите i и j, а $y_i$ и $y_j$ го означуваат уделот на средства на домаќинствата (или годините на образование) во сопственост на групата.

- Мерките за ХН-ти (хоризонтална економска нееднаквост и хоризонтална социјална нееднаквост) се конструирани врз основа на етничката припадност и индикаторите за благосостојба (индексите за средства за

[117] Во претходната студија (2003) Озби го објаснува изборот на зависната варијабла (почеток на конфликтот) како погодна за споредба со резултатите на други студии (Колиер и Хофлер, 2002, Хегр, Гисинџер и Гледиш, 2003), но и поради фактот што операционализацијата со појавата на конфликт (conflict incidence) не ги раздвојува конфликтите кои започнале во одредена година од оние кои траат од претходната година/и. Исто така, Озби поаѓа од претпоставката дека конфликтите со вака низок праг на жртви (мин. 25) се поверојатни за ХН-ти кои се манифестираат претежно на локално ниво (Озби, 2003).

домаќинствата и стекнатото образование) на двете најголеми етнички групи во земјата,[118] со употреба на следната формула за двете варијабли:

$$HI = 1 - exp\left\{-\left|1n\left\{\sum_{i=1}^{M}\frac{A_{i1}/A_{i2}}{M}\right\}\right|\right.$$

Каде, M е бројот на средства во домаќинството (односно, број на години на стекнато образование кај хоризонталната социјална нееднаквост), а $A_{i1}$ се однесува на уделот на групата 1 (најголемата етничка група) која ги поседува средствата (образованието) i, а $A_{i2}$ се однесува на уделот на групата 2 (втората по големина етничка група).

Со цел да ги запази податоците за состојбите и на помалите етнички групи (оние со минимално учество од 1% од вкупната популација), Озби ги конструира мерките за економска/етничка поларизација и социјална/етничка поларизација, како хибридни мерки за поларизација кои ги комбинираат етничкиот и социо-економскиот аспект, според формулата на Естебан и Реј (1994).

Бројот на контролни варијабли во оваа студија е ограничена на три варијабли: економскиот развој (преку лог-трансформиран БДП по жител), големината на населението (преку изолирана големина на население) и историјата на конфликт.

Применува модел на логистичка регресија со стандардни грешки, групирани по земји, екстензија на робусна варијансна проценка.

Во првата студија за етницитетот ХН-ТМ и граѓанскиот конфликт, Озби доаѓа до невоедначени резултати.

**Хоризонталната социјална нееднаквост во студијата покажува значителни позитивни ефекти во двата испитувани модели, односно, врз почетокот на конфликт и врз појавата на конфликт, додека хоризонталната економска нееднаквост покажува позитивен ефект само кога изборот на зависната варијабла е појавата на конфликт.**

Хоризонталната здравствена нееднаквост, од друга страна, не покажува статистички значаен резултат во ниту еден од моделите.

Понатаму, ефектот на контролните варијабли Озби го оценува како значително нестабилен, со повремени ефекти на статистичко значење за големината на

[118] Изборот на двете најголеми етнички групи за секоја земја одделно Озби го оправдува со претпоставката дека двете најголеми групи ги рефлектираат ХН-ТМ во земјата.

популацијата, транзицијата на режимот (кај вториот модел) и зависноста од природните ресурси, додека останатите варијабли остануваат во најголем дел незначајни.

Етничкиот идентитет (мерено преку поларизацијата и фракционализацијата) нема позитивно влијание врз ризикот од конфликт, посебно во моделот на појава на конфликт (првиот модел).

Во согласност со теоријата на Галтунг за структурна релативна депривација, Озби емпириски заклучува дека земјите со неконзистентни ХН-ти имаат поголемо влијание врз можноста од граѓански конфликт (само во вториот модел), отколку земјите со конзистентни или земјите без ХН-ти. Иако со недоволна статистичка сигурност, меѓусебниот ефект на зависност помеѓу ХН-ти и вертикалната нееднаквост, со најголем насилен потенцијал при комбинација на слаби внатре-групни нееднаквости и силни меѓу-групни нееднаквости, укажува дека „групната димензија на ХН-ти треба да се додаде на индивидуалната, наместо истата да ја замени."[119]

Во втората студија на Озби, повторно, хоризонталната социјална нееднаквост се потврдува како убедливо позначајна причина[120] за појава на конфликт од хоризонталната економска нееднаквост, која иако позитивна, статистички е незначајна во моделот.

Заклучокот е во согласност со студиите на случај на Стјуарт (2002), кои исто така предупредуваат на острите социјални нееднаквости помеѓу етничките групи (како што е пристапот до образованието) како можни причинители за граѓански конфликт.

Според Озби, „социјалните варијабли, како што е образованието, е поверојатно да резултираат од системската групна дискриминација, отколку од групните разлики во економските средства".[121]

[119] Gudrun Ostby: *Horizontal Inequalities and Civil War, Do Ethnic Group Inequalities Influence the Risk of Domestic Armed Conflict?* International Peace Research Institute, Oslo (PRIO), 2003, стр.113

[120] Со оглед на големината на испитуваниот примерок, Озби ги смета за убедливи резултатите на ниво од 10%. Дополнително, маргиналниот ефект е исто така силен, па при зголемување на нивото од 5% на 95%, а задржување на останатите варијабли на нивната средна вредност, веројатноста за конфликт во моделот се зголемува за повеќе од двојно (од 1.79% на 3.7%).

[121] Gudrun Ostby: *Polarization, Horizontal Inequalities and Violent Civil Conflict*, Journal of Peace Research 2008, IPRI, Oslo, стр.155

Ефектите од економската/етничка поларизација и социјалната/етничка поларизација се исто така позитивни, но не многу значајни.

Од контролните варијабли, БДП по жител покажува негативна, но не многу значајна врска со конфликтот, поради ограниченоста на примерокот на земји во развој.

Што се однесува до врската помеѓу етничката поларизација и конфликтот, Озби заклучува дека „иако споделениот етницитет може да се смета за релевантен во формирање на групниот идентитет, не произлегува дека разликите меѓу етничките групи, сами по себе, се извор на отуѓеност или непријателство помеѓу групите."[122]

Општиот заклучок од втората студија на Озби е дека **„иако податоците страдаат од недостатоци и мора да се земе како прелиминарна, студијата демонстирира дека е прерано да се отфрли нексусот на нееднаквост-конфликти"**[123], односно дека е избрзано да се прифатат заклучоците од останатите студии (Колиер и Хофлер, 2004, Ферон и Лаитин, 2003, Хегр, Гисинџер и Гледиш, 2003) за непостоење на каузална спрега помеѓу нееднаквоста и конфликтите.

#### 2.2.2.2. Студија за ефектите на ХН-ТИ врз веројатноста од конфликт во зависност од политичките услови

Во фокусот на оваа студија повторно е нексусот на ХН-ТИ и конфликтите, но во зависност од политичкото окружување, односно политичките услови.

Врз основа на податоците за 55 земји во развој за периодот 1986-2003 година, во студијата се испитуваат независните и интерактивни ефекти на социо-економските хоризонтални нееднаквости и режимот на уредување на државата, избирачкиот систем и политичката исклученост на малцинствата.

Како во претходните студии, и во оваа студија податоците за појава на конфликтите (зависната варијабла) се генерирани од базата на податоци на ПРИО/Упсала и се однесуваат на секој вооружен конфликт помеѓу владата на државата и организирана опозициска група, кој причинил најмалку 25 човечки жртви настрадани во судир, на годишно ниво (Гледиш, 2002).

[122] Ibid, стр.154

[123] Ibid, p.157

Мерките за ХН-ти се конструирани врз основа на индикаторите за благосостојба (индексите за средства за домаќинствата и стекнатото образование) преку три различни групи на идентификатори: етницитетот, религијата и регионот на живеење.

Пресметката на социо-економските диспаритети се утврдува за двете најголеми етнички групи, потоа за двете најголеми религиски групи и најпосле како степен на благосостојба помеѓу регионот каде се наоѓа главниот град и остатокот од земјата, со употреба на следната формула (Озби, 2008):

$$HI = 1 - exp\left\{-\left|1n\left\{\sum_{i=1}^{M}\frac{A_{i1}/A_{i2}}{M}\right\}\right|\right.$$

Каде, М е максималниот број на средства во домаќинството, $A_1$ се однесува на средниот удел во средствата на групата 1 (главниот регион), а $A_2$ се однесува на средниот удел на групата 2 (остатокот од земјата).

На сличен начин се мери и образовната нееднаквост.

Индикаторите за мерење на режимот на уредување на државата, избирачкиот систем и политичката исклученост на малцинствата се конструирани врз основа на: базата на податоци на Полити IV, 2003 (за типот на политичкиот режим), податоците на Голдер, 2005 (за избирачкиот систем) и податоците за дискриминација од Проектот малцинства под ризик (за политичката исклученост на малцинствата).

Изборот на контролни варијабли е сведен на три: природниот лог на населението, природниот лог на БДП по жител и времето изминато од претходниот конфликт (Хегр и Самбанис, 2006), врз основа на податоците на Светската банка, 2004.

Озби и во оваа студија применува модел на логистичка регресија, додека статистичките анализи се вршени во статистичката програма СТАТА 8.2.

Еден од основните заклучоци на студијата е дека социоекономските ХН-ти се во позитивна корелација со конфликтот преку сите три типа на групни идентификатори (етнички, религиски и регионални групи). Иако резултатите укажуваат на предоминантна позитивна врска помеѓу ХН-ти и конфликтите кај регионалните групни идентификатори[124], сепак податоците се „премногу ограничени за да убедливо се заклучи дека регионалните нееднаквости се позначајни за конфликт отколку ХН-ти

[124] Моделите кои ги испитуваат интер-регионалните ХН-ти укажуваат на силен маргинален ефект врз ризикот од конфликт и кај економските и кај социјалните индикатори на ниво на значајност од 1%: со зголемување на интер-регионалните ХН-ти на 95% при одржување на останатите варијабли на нивната средна вредност, веројатноста од конфликт се зголемува од 3.8% на 9.5%.

помеѓу етнички или религиски групи."[125] Веродостојноста на заклучокот во изборот на групниот идентификатор, освен од обемноста и расположливоста на податоците, зависи и од податокот за тоа кој групен идентификатор, односно кои групи се значајни за распределбата на богатството и конфликтниот потенцијал во секое одделно општество (Стјуарт). Понатаму, со студијата е утврдено дека односот меѓу конфликтот и регионалната (образовна) нееднаквост е под влијание на режимот на уредување на државата, избирачкиот систем, како и од нивото на политичката исклученост на малцинствата во општеството. Оттаму, при ниски нивоа на хоризонтална образовна нееднаквост ризикот од конфликт е најмал кај демократиите, а најголем кај автократиите, додека со растот на нееднаквоста се забележува обратен тренд - со највисок ризик од конфликт во демократиите со високи ХН-ти.

Ефектот на политичката исклученост исто така има позитивен ефект врз ризикот од конфликт при регионални образовни ХН-ти, но истиот е позначаен кај регионалните ХН-ти на средствата (економските ХН-ти). Најпосле, врската помеѓу образовните ХН-ти и ризикот од конфликт е во позитивна корелација со изборната вклученост.

Општиот заклучок на студијата е дека **„земјите со остри социо-економски нееднаквости, и покрај демократскиот режим и инклузивниот политички систем, може да се особено ризични за конфликт."**[126]

### 2.2.3. Емпириски истражувања на хоризонталните нееднаквости и етно-националните граѓански војни од Чедерман, Видман и Гледиш, при Институтот за меѓународни мировни истражувања во Осло

Поаѓајќи од мултидимензионалната природа на ХН-ти (Стјуарт), Чедерман, Видман и Гледиш во своите студии се фокусираат на ефектот на структурните асиметрии врз веројатноста од етно-националните граѓански конфликти преку низа каузални механизми, сместувајќи ги во фокусот на своите истражувања политичките и економските димензии на ХН-ти, како концептуално издвоени компоненти.

[125] Gudrun Ostby: *Inequalities, the Political Environment and Civil Conflict: Evidence from the 55 Developing Countries: Understanding Group Violence in Multiethnic Societies*, 2010, стр.149

[126] Ibid, стр.155

Процесот на трансформацијата од структурни асиметрии во насилен конфликт се одвива во две фази, и тоа: трансформација на ХН-ти во чувство на обесправеност[127] преку процесите на меѓугрупна споредба, предводени од чувството на колективна припадност и второ, трансформација на чувството на обесправеност во колективна акција, преку процесот на колективна мобилизација. Ваквите теоретски согледби сепак остануваат надвор од постоечките емпириски истражувања на авторите, кои истите ги фокусираат на собирање и анализа на податоците кои се однесуваат на структурните податоци за економските и политичките ХН-ти.

Со цел надминување на проблемот на расположливост на податоците потребни за испитување на ХН-ти, кои вообичаено се однесуваат на нееднаквата покриеност и несоодветната споредливост на резултатите од истражувањата, но и заради проценка на ефектот на меѓугрупната нееднаквост врз етно-националните граѓански конфликти на глобално ниво, авторите изведуваат комбинирање на гео-кодираните податоци за етничките групи, т.н. GeoEPR[128] збир на податоци, со мерките за просторната распространетост на богатството на Нордхаус (2006), односно G-Econ[129] податоците, исто така со глобален опфат. За кодирање на конфликтот на групно ниво, односно за целосен примерок на групите кои учествуваат во конфликт е користена базата на податоци за недржавни актери (NSA) која ги идентификува организациите кои учествуваат во граѓански војни (согласно конфликтните податоци на Упсала/ПРИО).

[127] Поимот "grievance" најчесто се преведува како чувство на неправда, причина за поплака поради незадоволство од одредена состојба или приговор (Merriam-Webster); или силно чувство кое произлегува од неправеден третман (Cambridge Dictionary); сметам дека во трудот најсоодветен е преводот како чувство на обесправеност.

[128] GeoEPR збир на податоци ги гео-кодира сите релевантни политички етнички групи од EPR (односи на етничката моќ) збирот на податоци. GeoEPR и доделува на секоја политички релевантна група (за политички релевантни групи се сметаат сите етнички групи за кои постои најмалку една политичка организација која промовира етнички ориентирана политичка агенда или е предмет на политичка дискриминација) една од шест модели на населеност, и доколку е можно обезбедува полигон кој ја опишува нивната локација на дигитална мапа. GeoEPR полигоните се во WGS84 координатниот систем. (подетално: http://www.icr.ethz.ch/data/data/geoepr)

[129] G-Econ (Географско базирани економски податоци) претставуваат истражувачки проект наменет за развивање на географски базиран збир на податоци за економската активност низ целиот свет, врз основа на регионалниот еквивалент на бруто домашниот производ како основна метрична единица. G-Econ збирот на податоци ги собираат најдобрите расположливи податоци за локалната економска активност во државите за клетките на координатната мрежа и истите ги конвертира во споредливи бројки во паритет на куповната моќ, со цел изведување на веродостојни компарации. (подетално: http://gecon.yale.edu)

Линкот меѓу NSA и EPR е обезбеден преку изворот на конфликти NSA2EPR, кој ги идентификува организациите кои се борат за, или се регрутирани од одредена EPR група.[130]

G-Econ податоците овозможуваат изведување на групно-ориентирани економски мерки по жител, кои понатаму можат да се споредуваат со производот по жител на привилигираната група и/или со производот *per capita* на ниво на државата.

Со вкрстување со податоците за просторната/географската распространетост од базата на GeoEPR, G-Econ податоците понатаму овозможуваат проценка за просторната разместеност на групната економска благосостојба.

Операционализацијата на ХН-ти е изведена со две групни мерки на нееднаквоста, и тоа:

1. **симетрична лог форма**, индикатор кој ја дефинира нееднаквоста како квадратен корен од логоритамскиот сооднос на БДП по жител (GDP per capita) на етничката група – *g* и просекот на БДП по жител на сите групи во земјата – *G*:

   $lineq2 = \{log(g/G)\}^2$

и

2. **асиметрична не-лог форма**, индикатор кој ја дефинира нееднаквоста асиметрично со две варијабли кои кореспондираат со две групи - посиромашни и побогати од просекот во земјата, соодветно:

   *низок_сооднос:* $= G/g$ *ако* $g<G$, во спротивно 0

   *висок_сооднос:* $= g/G$ *ако* $g>G$, во спротивно 0

Варијаблите кои се однесуваат на политичките ХН-ти се изведени од не-просторниот збир на податоци на EPR. Дополнително, рамнотежата на демографската моќ на групата е пресметана врз основа на EGIP (влијателни/моќни етнички групи) како удел во поделената популација.

Примерокот е ограничен на 450 политички релевантни етнички групи по година за периодот од 1991 година до 2005 година, со вкупно 52 започнати конфликти.

Емпириските анализи авторите ги ограничуваат на периодот по Студената војна, иако презентираат и дополнителни резултати наназад сé до 1946 година,

[130] Lars-Erik Cederman, Nils B.Weidmann & Kristian Skrede Gleditsch: *Horizontal Inequalities and Ethno-Nationalist Civil War: A Global Comparison*, 2010, стр.17

сметајќи дека „релативните нееднаквости, спротивно на апсолутните мерења на богатството, се карактеризираат со значајна инертност, (поради што) овие претпоставки се чинат веродостојни.“[131]

На овој начин, Чедерман, Видман и Гледиш ја изведуваат првата студија на споредба на ХН-ти (економските) и етно-национални граѓански војни на глобално (светско) ниво.

Основниот резултат на студијата е дека „етничките групи над и под државниот просек на доход по жител се во голем број присутни во граѓанските конфликти, потврдувајќи го истото што претходните студии во еден поограничен обем го потврдуваат врз основа на истражувања на студии на случај, податоци и други извори,“[132] како и детекција на силно влијание на политичките ХН-ти.

Студијата на Чедерман, Видман и Гледиш, во линија со Стјуарт го потврдува мултидимензионалниот карактер на ХН-ти, феномен што не треба да се занемари при анализата на современите конфликти со етнички предзнак, кои во голема мера содржат и политички и економски неправди, меѓусебно поврзани и во комплексна врска со фрустрациите кои ја придвижуваат етно-националната мобилизација.

Иако анализата презентирана во студијата се потпира на теоретска интерполација во обид да ги поврзе структурните нееднаквости и насилството на колективно (етничко) ниво, сепак не обезбедува директен доказ и неприкосновен заклучок за оперативноста на овој однос.

Наместо тоа, како и други истражувачи на овој нексус (Стјуарт, Озби), авторите укажуваат на постоење на каузалност помеѓу структурните нееднаквости и почетокот на граѓанските војни, оттука и нивниот заклучок дека е **„прерано да се отфрлат објаснувањата врз основа на чувството за обесправеност.“**[133] Ова, како и согледбите за неодвоивост на економските фактори од комплексниот конфликтен микс кои произлегуваат од резултатите на односната студија, имаат „значително теоретско значење и директна политичка релевантност“.[134]

---

[131] Lars-Erik Cederman, Nils B.Weidmann & Kristian Skrede Gleditsch: *Horizontal Inequalities and Ethno-Nationalist Civil War: A Global Comparison*, 2010, стр.14

[132] Ibid, стр.25

[133] Ibid.

[134] Ibid.

## 2.3. Недостатоци и предизвици на емпириските истражувања на хоризонталните нееднаквости и конфликтите

Наведените емпириски истражувања на нексусот ХН-ти – конфликти укажуваат на постоење на каузална поврзаност, но различните методолошки пристапи во истражувањата, оттука и проблемот на нивната споредливост, како и често некомпатибилните заключоци, укажуваат на прелиминарниот карактер на резултатите од истражувањата на овој феномен и мноштвото прашања и дилеми кои произлегуваат од ваквата невоедначеност.

ХН-ст е релативно нов концепт и не само што неговото мерење е отежнато поради недостиг од податоци за **релевантните етнички групи**, туку отсуствува и реален теоретски консензус за негово стандардизирано мерење.[135]

Самото прашање за **изборот на релевантните групи** претставува предизвик во епистемолошка смисла, но и сериозен методолошки проблем, бидејќи „квантифицирањето налага редукција на етницитетот на една исцрпна и взаемно исклучителна категоризација“[136], фактор кој е неопходно да се земе предвид при интерпретација на заклучоците од квантитативните мерења на ХН-ти.

**Утврдувањето на релевантните групи на идентитет подразбира одредување на границите на групите кои се значајни за самите групи, како и границите на дискриминацијата или привилегираноста (Стјуарт), што претставува дополнителен предизвик кога границите не се јасно оцртани.** Тоа се должи пред сѐ на природата на етничките групи/етничките идентитети, како „лизгави“ категории кои се преклопуваат, обликуваат и менуваат со текот на времето, односно претставуваат социјално конструирани феномени (Хобсбаун, Андерсон), или контекстуално флуктуирачки и концептуално променливи (Брубејкер). Но иако општествено конструирани и флуидни, „категоризацијата треба да е чувствителна колку што е возможно и на сопственото позиционирање на луѓето (но и како другите во

---

[135] Syed Mansoob Murshed & Mohammed Zulfan Tadjoeddin: *Revisiting the Greed and Grievance Explanations for Violent Internal Conflict*, стр.15

[136] Graham K. Brown & Arnim Langer: *Horizontal inequalities and conflict: a critical review and research agenda*, Routledge, London, 2010, стр.36

општеството нив ги позиционираат)"[137] и „потребно е да се испита дали примената на различни критериуми при категоризацијата ги менуваат резултатите."[138]

Имајќи предвид дека групната диференцијација честопати е конструирана или креирана поради етнополитичка мобилизација, „идентификацијата на групите со цел мерење на ХН-ти може да е не само отежнато, туку и да ја промени состојбата на терен, или преку зацврстување на разликите, или преку создавање на одредени политички предности во нови алијанси и групирања."[139]

Најпосле, и **самите тврдења за постоење на ХН-ти можат да влијаат конфликтно провокативни**. Доколку пак, постојат повеќе прикази на етничките групи во една земја, треба да се внимава да не се избере кодирањето кое најдобро ја поддржува избраната теорија (Ферон, 2003).

Во изборот на релевантните групи неопходно е да се имаат предвид групите кои се значајни од аспект на дистрибуцијата на богатството, како и од аспект на конфликтниот потенцијал во секое одделно општество. Така, одредени студии ги проучуваат нееднаквостите помеѓу етничките групи (Озби, 2008) или нееднаквостите помеѓу различни региони (исто, Озби, 2005), а други се фокусираат на нееднаквостите помеѓу религиските групи (Браун, 2005).

**Бројот на групите како и нивната бројност ги прават уште покомплексни за испитување на спрегите меѓу нив.**

Додека Озби (2003) ги избира двете најголеми етнички групи,[140] Поснер (2004) препорачува да се изберат единствено групите кои се политички конкурентни, оттука политички релевантни, што пак внесува значителен политички суд во изборот.

[137] Luca Mancini, Frances Stewart and Graham K. Brown: *Approaches to the Measurements of Horizontal Inequalities, Horizontal Inequalities and Conflict: Understanding Group Violence in Multiethnic Societies*, Palgrave Macmillan, 2010, стр.86

[138] Arnim Langer and Frances Stewart: *Horizontal Inequalities and Violent Conflict: Conceptual and Empirical Linkages*, CRFD Working Paper No.14, Leuven, 2013, стр.5

[139] Frances Stewart: *Crisis Prevention: Tackling Horizontal Inequalities*, Oxford Development Studies, Vol.28, No.3, 2000, p.255

[140] Озби нагласува дека изборот на двете најголеми етнички групи не ги одразува неизбежно ХН-ти, ризикувајќи да исклучи голем дел од населението во земјата, како и можноста двете групи да имаат сличен пристап до ресурсите, а истовремено да бележат изразена нееднаквост во споредба со останатите помали групи. Од друга страна, со ваквиот избор Озби го тестира влијанието на конзистентноста на ХН-ти низ различни димензии.

Стјуарт (2010) ја нагласува **потребата од синтетизирано мерење** кое ќе ги вклучи сите групни нееднаквости во една пондерирана мерка на ХН-ТИ.[141] **Како да се мерат ХН-ТИ на начин кој е споредлив помеѓу земјите и со тек на времето претставува друг технички проблем**, за кој повеќе автори (Браун, Лангер, Манцини, Стјуарт) заклучуваат дека пондерираниот коефициент на варијација, иако со проблеми, нуди најдобро решение за попречните анализи од голем формат.

Имајќи предвид дека секоја група е составена пред сè од индивидуи, односно два или повеќе идентитети се преклопуваат, **дистрибуцијата внатре во групата исто така е од значење, како и онаа меѓу групите**, па оттука е неодвоива од вкупната дистрибуција на нееднаквоста.

Нејзиното мерење во контекст на мерењето на ХН-ТИ, претставува **методолошки проблем**, бидејќи ги спојува прашањата за внатре-групните и меѓу-групните нееднаквости, за што идеална формула сè уште не постои,[142] но и избор кој зависи од целта на мерењето. Така, за мерење на праведноста во едно општество од перспектива на групата, соодветен е изборот на пристапот на $\alpha$ – аритметичката средина, додека од перспектива на согледување како ХН-ТИ варираат во дистрибуцијата, корисен е пристапот на $q$ – аритметичката средина, кој се состои од поделба на дистрибуцијата (на приходите) на секоја група во $n$ квантили и споредување на средните вредности на групите за секој квантил.[143] Различните комбинации и оттаму нивните интеракции, остануваат предизвик за идните истражувања.

**Предизвик останува и „испитувањето на конфликтниот потенцијал на "расцепите" кои се преклопуваат** – не само во однос на различните димензии, туку и во однос на различните групни идентификатори" (етницитет, религија, регион, итн.).[144]

---

141 Понапред во трудот е наведен изборот на трите мерки: групен коефициент на варијација, Џини коефициент на групните приходи и групен Теил индекс.

142 Односите на влијание меѓу внатре-групните и меѓу-групните нееднаквости се теоретизирани од Брадел (2003) и Стјуарт (2000, 2002) и споредувани преку алтернативни пристапи на мерење на групната нееднаквост (Манцини, Стјуарт и Браун, 2008) и др.

143 Основната разлика помеѓу α и q пристапот е во тоа што q – средните вредности се пресметуваат на деловите на групната дистрибиција на приходите, додека α – средните вредности се пресметуваат на целокупната дистрибуција на групата, но со различно пондерирање на различните делови, во зависност од вредноста на α.

144 Gudrun Ostby: *Horizontal Inequalities and Political Violence, A dissertation for the degree of PhD*, Department of Political Science, University of Oslo, 2010, стр.60/61

Поврзано со изборот на релевантните групи е и **недостигот на конзистентни и систематски податоци** за нив. Една од причините поради кои и ХН-ти привлекуваат малку внимание во истражување на конфликтите е токму тој недостиг или отсуството на податоци. Стјуарт оваа состојба ја именува како *квака 22*[145], или „основна причина за недостигот на податоци е недостигот на фокус на прашањето за групната нееднаквост."[146]

Во согласност со мултидинезионалната природа на ХН-ти, а имајќи предвид дека прибирањето на податоци за секоја одделна димензија на ХН-ти е нималку едноставно (особено како нестабилни и променливи категории во функција на времето), како и фактот дека во зависност од специфичноста на земјата, ХН-ти за сите групи во земјата не се особено релевантни[147], се чини позначајно е да се имаат предвид „**преовладувачките дистрибутивни диспаритети на групите** во однос на најзначајните елементи на секоја димензија, кои може да се разликуваат од едно општество до друго."[148] **Политичката чувствителност на податоците** е друг фактор кој влијае врз прибирањето на податоците за ХН-ти и оттука, на обемот на расположливост.[149]

Проблемот на недостиг на релевантни податоци се усложнува со т.н. **феномен на „клуч и канделабра"** (Озби), според кој во услови на слаба покриеност на конфликтните подрачја со податоци за нееднаквост (што е вообичаено), може пристрасно и погрешно да се заклучи врз основа на постоечките податоци, дека врската меѓу нееднаквоста и конфликтите е исклучително слаба.

145 Изразот "Квака 22" симболизира парадоксална ситуација од која индивидуата нема излез поради правилото на контрадикторност.

146 Frances Stewart: *Bradford Development Lecture: Horizontal Inequalities as a cause of conflict*, 2009 стр.39

147 Агрегатното мерење на ХН-ти за сите групи е од значење за компаративното мерење на ХН-ти помеѓу земјите и со текот на времето.

148 Arnim Langer and Frances Stewart: *Horizontal Inequalities and Violent Conflict: Conceptual and Empirical Linkages*, CRFD Working Paper No.14, Leuven, 2013, стр.5

149 Одредени земји избираат да ги исклучат информациите за етничката припадност и религијата како особено експлозивни фактори (Странд и Урдал, 2005) и во такви околности се користат други карактеристики како детерминанти на етнокултурните разлики (на пример, регионот или јазикот (Стјуарт, 2010), кога постои преклопување на овие карактеристики и групниот идентитет).

Имено, „клучот за нексусот нееднаквост-конфликти не е веројатно да се најде со податоци за претежно мирни и развиени земји во западниот свет...и покрај подоброто „светло"...вистинскиот метод е внимателно да се бара нексусот нееднаквост-конфликти онаму каде е поверојатно да постои: во регионите во светот кои страдаат од силни конфликти и влошени економски услови."[150]

**Различни истражувачи користат различни бази на податоци, со низа предности и недостатоци за секоја од нив.**

Базата на податоци на Тед Гур, Малцинства под ризик (1993)[151] е првата база на податоци за групна нееднаквост на глобално ниво. Историски, фокусот на МАР се малцинствата под ризик, т.е. комунално или културно дефинираните групи „под ризик" на прекршување на човековите права и/или продолженото конфликтно однесување.

Изборот на етничките групи во МАР е заснован на критериуми кои се поврзани со можноста од конфликт, фокусирајќи се на дискриминираните политички мобилизирани малцинства и/или групи, кои како такви „тендираат повеќе да бидат вклучени во насилство отколку немобилизираните малцинства."[152]

Од вака поставените критериуми произлегува и основната концепциска забелешка која упатува на пристрасност во изборот на зависната варијабла, имено групите „под ризик" кои не ги вклучуваат групите со многу низок или занемарлив ризик од војна (Самбанис). Следствено и резултатите од податоците на МАР не можат да се воопштат врз етничките групи во целост.[153]

За оваа цел е дизајниран проектот АМАР (2015) како прв обид за конструирање на листа на етнички групи кои не се дефинирани според политички критериуми, како „под ризик", туку според општествената релевантност без неопходноста од нивна

---

[150] Gudrun Ostby: *Horizontal Inequalities and Political Violence, A dissertation for the degree of PhD*, Department of Political Science, University of Oslo, 2010, стр.7

[151] Проектот МАР е универзитетски истражувачки проект кој го следи и анализира статусот и конфликтите на политички активните комунални групи во сите земји со население од најмалку 500.000 жители. МАР е фокусиран на етнополитичките групи кои имаат политичко значење, односно бележат колективна добивка или губиток како резултат на системска дискриминација наспроти други групи во општеството и каде групата претставува основа за политичка мобилизација и колективна акција во одбрана или промоција на сопствените интереси. Проектот е развиен низ 4 фази, при што последната покрива 284 групи за периодот од 1998-2003 година.

[152] http://www.cidcm.umd.edu/mar/amar_project.asp

[153] Ibid.

политичка активација,[154] според која „луѓето ги восприемаат и условуваат нивните дејствија според етничките разлики во секојдневниот живот" (Ферон, 2006).

Според новите критериуми, AMAP вклучува 1.195 етнички групи, од кои 900 не се опфатени со првичната база на податоци на MAP.[155]

Гудрун Озби ја користи базата на податоци од проектот на Демографски и здравствени истражувања (ДХС)[156] како „најветувачка за целта на мерење на ХН-ст, бидејќи нуди информации за етницитетот и за општата благосостојба на индивидуално ниво...обезбедувајќи конструкција на описни мерки на ХН-те наместо еволутивни."[157]

Воедно, податоците на ДХС делумно го неутрализираат приговорот за пристрасност во прибирање на податоците, меѓу другото и поради фактот дека оригиналната замисла за проектот на ДХС не е проценка на социо-економските нееднаквости помеѓу етничките групи, оттука и „истражувачите не мора да се потпираат на својот личен суд како основен извор во оценка на групната нееднаквост (што е случај на пример, со кодерите во проектот Малцинства под ризик)."[158]

Во корист на високата веродостојност на податоците на ДХС се и големината на примероците, случајниот избор на примероци и стандардизираните прашалници (Милер, 1993). Но и покрај овие погодности како и можноста за изведување на варијабли за социо-економските димензии врз основа на податоците на проектот, постојат низа приговори во врска со валидноста на ваквите податоци, дури и од истражувачите кои ја користат оваа база на податоци.

---

[154] Општествената релевантност на идентитетот не се однесува на политичката мобилизација и не повлекува политички конотации, туку се однесува само на значењето на идентитетот во одредување на активностите во животот на индивидуата. Подетално за инклузивните критериуми на општествената релевантност на веб страната: http://www.cidcm.umd.edu

[155] Во рамки на AMAP проектот, избран е случаен примерок од 74 нови групи (вон првичниот MAP) кодирани на сите варијабли во MAP и со соодветно статистичко пондерирање, комбинирани со оригиналните податоци од MAP за создавање на новата база на податоци – AMAP, како непристрасен репрезентативен примерок за општествено релевантните етнички групи на глобално ниво, која база на податоци во времето на подготовка на трудот се уште не е јавно публикувана.

[156] Подетално понапред во трудот (види стр.66) како и на веб страната http://www.measuredhs.com

[157] Gudrun Ostby: *Horizontal Inequalities and Civil War, Do Ethnic Group Inequalities Influence the Risk of Domestic Armed Conflict?* International Peace Research Institute, Oslo (PRIO), 2003, стр.51

[158] Ibid, стр.114

Во таа смисла, Озби ги наведува изборот на двете најголеми етнички групи кој не секогаш е избор на најрелевантните групи во поглед на дистрибутивните нееднаквости, потоа, операционализацијата на варијаблите од постоечките социо-економски индикатори, т.е. средства на домаќинствата кои не ги отсликуваат во целост структурните економски нееднаквости (со оглед на разликите во релевантноста на изборот на одредени средства во една земја во споредба со друга), како и отсуството на бројни релевантни индикатори, како оние за вработеноста, односно невработеноста, пристапот до здравствена нега и здравствени установи, итн.

Проблемот на воопштување на резултатите изведени врз основа на податоците од ДХС, освен поради слабата операционализација на одредени варијабли, се должи и на изборот на претежно земји во развој и фактот дека информацијата за етничката припадност или географската разместеност е ограничена, односно достапна само во одредени испитувања (како оние на Озби или Болдвин и Хубер). Дополнително, и покрај директното таргетирање на благосостојбата, можноста за потенцијално свесна или несвесна пристрасност во одговорите при прибирање на податоците останува присутна, поради што одредени автори заклучуваат дека „сумирано, податоците од истражувањата можат да бидат корисни за многу цели, но ДХС податоците не обезбедуваат веродостојна алтернатива за оценка на улогата на ХН-ти на глобално ниво“[159], поради што предност им даваат на G-Econ податоците со глобален опфат. Но и покрај широкиот опфат, G-Econ податоците бележат неколку значајни недостатоци, како што се мерењето на економската продуктивност како мерка „во тек“ односно недоволна за проценка на вистинското ниво на благосостојба , како и невоедначениот квалитет на податоците во различни земји, кои на тој начин го потценуваат опсегот на нееднаквоста во земјите со слаба покриеност на податоци (Чедерман, Видман и Гледиш), но уште посериозно, зачестеноста на овој проблем во земјите во развој (каде што и повеќето конфликти се случуваат) и големиот удел на неформалната економија во овие земји, која не е опфатена со податоците на Нордхаус (Озби).

[159] Lars-Erik Cederman, Nils B.Weidmann & Kristian Skrede Gleditsch: *Horizontal Inequalities and Ethno-Nationalist Civil War: A Global Comparison*, 2010, стр.13

Иако авторите имаат спротивставени ставови околу обемот (на земји) со слаба покриеност на податоци, сепак се единствени во заклучокот дека „точноста од истражувачките извештаи може да се доведат во прашање."[160]

Разлики постојат и во пристапот во истражувањето, **квантитативен наспроти квалитативен пристап**. Квантитативните истражувања, кои се фокусираат на голем број случаи, низ широк спектар на контексти, во одреден временски пресек, овозможуваат воопштување на заклучоците за испитуваниот однос помеѓу испитуваните феномени.

Бројноста на случаите и достапноста на податоците (кои се на агрегатно ниво - на ниво на држави), воедно и споредливи, ги прават нив (заклучоците) веродостојни.

Една од основните забелешки за квантитативниот пристап во истражувањето на нексусот ХН-ти – конфликти е во занемарувањето на потесните, локалните карактеристики на нексусот, кои се специфични за одделните конфликти, односно за ХН-ти кои нив ги детерминираат. Она што е негативност за квантитативниот пристап е предност за квалитативниот пристап.

Студиите на случај нудат основа за длабинска анализа на конфликтите кои се вкоренети во локален/регионален контекст и се од значење за расветлување на каузалните механизми кои ги поврзуваат. И обратно, невоедначеноста на испитуваните нееднаквости и разликите во зависната варијабла, оневозможуваат споредливост и генерализација на резултатите од квалитативните истражувања.[161]

[160] Ibid, стр.14

[161] Френсис Стјуарт не ги испитува истите видови нееднаквост во поединечните студии на случај, освен тоа наведува и различни зависни варијабли: комунални и сепаратистички конфликти и граѓански војни.

## 3. ТРАНСМИСИОНИОТ МЕХАНИЗАМ ВО НЕКСУСОТ ХОРИЗОНТАЛНИ НЕЕДНАКВОСТИ – НАСИЛЕН КОНФЛИКТ

Политичкото насилство...е специфичен вид на одговор на специфични услови на општествената егзистенција.[162]

Современите конфликти именувани како социјални конфликти на идентитети, етнополитички конфликти или уште не-меѓудржавни конфликти, засновани на револуција/идеологија и/или на идентитет/сецесија, се последица на „комплексни интеракции помеѓу колективните искуства, нормативните задолженија, борбата за моќ и стратешките проценки како најдобро да се унапредат личните и колективните интереси...", и мотивациски „микс од обесправеност, сентимент, солидарност, амбиција и калкулација".[163] Овие конфликти понатаму, немаат јасен почеток и крај и содржат мноштво каузални фактори и динамики, кои се рефлектираат во променливи цели, актери и насоки (Азар, 1990). Со други зборови, не продолжуваат секогаш по истата траекторија, од една до друга фаза, кон вообичаен предетерминиран исход.[164]

Една од задачите на овој труд е **да го концептуализира начинот на кој ХН-ти се трансформираат во насилен конфликт и да го разложи „трансмисиониот механизам" (Крамер) кој овозможува нееднаквостите помеѓу идентитетските групи во релативно мирољубивите општества да прераснат во насилен конфликт, односно да одговори на прашањето: Каде и како ХН-ти преминуваат во насилен конфликт?**

Во еден труд за научна филозофија, Николас Решер го именува Дарвин како „обезбедување на камен-темелник за развојот на модерната биологија; (притоа) камен-темелникот не е податокот кој недостасувал, туку чекорот кој недостасувал во каузалното заклучување."[165]

[162] Ted Robert Gurr: *Why Men Rebel?*, Fortieth Anniversary Edition, London, 2011, стр.317

[163] Ted Gurr: *Peoples verus States, Minorities at Risk in the New Century*, United States Institute of Peace, Washington, 2000, стр.66

[164] Charles Cater: *The Political Economy of Conflict and UN Intervention: Rethninking the Critical Cases of Africa, The Political Economy of Armed Conflict, Beyond Greed and Grievance*, (Karen Ballentine&Jake Sherman), International Peace Academy, 2003, стр.29

[165] Timothy J.McKeown: *Case Studies and the Statistical Worldview: Review of King, Keohane and Verba's Designing Social Inquiry: Scientific Inference in Qualitative Research*, стр.174

Во истражувањето на ХН-ти, проблемот на изборот на релевантните групи и недостигот на конзистентни и систематски податоци за нив се помеѓу основните проблеми кои го отежнуваат воопштувањето и споредувањето на резултатите од емпириските истражувања на нексусот ХН-ти – конфликти, особено од аспект на квантитативните истражувања, додека фокусирањето на студиите на случај, пак, претставуваат избори кои раскажуваат за тоа како „посебните околности кои се однесуваат на случајот ги прават претходно замаглените теоретски односи доволно јасни" (Мичел, 1984).

Одговорот на прашањето каде и како ХН-ти преминуваат во насилен конфликт делумно може да се најде и преку емпириските ограничувања, во расветлување на теориската меѓузависност на факторите кои го условуваат нексусот како чекор кој недостасува во каузалното заклучување.

### 3.1. ХН-ти преку призмата на продолжениот социјален конфликт

Меѓу најзначајните аспекти на ХН-ти кои воедно го чинат и јазолот на нивното разрешување, се нивната меѓузависност и перзистентност низ подолги временски периоди,[166] но она што е помалку јасно е првичната нееднаквост – почетокот на *магичниот круг на нееднаквоста*, "првичниот шок" (Фигуероа, 1996) или "тригер настанот" (Стјуарт, 2000), кој вообичаено „произлегува од промена во релативниот пристап до било кој значаен ресурс...или поради ендогени или политички промени:"[167]

Повеќето ХН-ти својот првичен шок го имаат во колонијалните политики со кои одредени групи се привилегирани и системски е инсталирана нееднаквоста преку дискриминација и политичка исклученост врз основа на групна (етничка) припадност.

Основната хипотеза на концептот на ХН-ти е дека насилната мобилизација е најверојатна кога група која споделува нагласен идентитет се соочува со силно изразени нееднаквости од различен вид, т.е. ХН-ти.

[166] За изворите на перзистентноста и меѓузависноста на различните димензии подетално во 1.3 од трудот.

[167] Frances Stewart: *Crisis Prevention: Tackling Horizontal Inequalities*, Oxford Development Studies, Vol.28, No.3, 2000, стр.252

Ако нагласеноста на идентитетот и неповолностите кои произлегуваат од ХН-ти обезбедуваат основа за насилни конфликти, прашањето е како да се идентификуваат изворните причинители на конфликтите?

Ова прашање е окарактеризирано од Стивен Седмен како прашање за „јајцето и кокошката" во објаснување на потеклото на етнополитичкиот конфликт воопшто.

Токму взаемно засилувачката динамика е таа којашто генерира продолжени или повторливи етнополитички конфликти, кои еднаш штом поминат низ повеќе циклуси, стануваат самогенерирачки.[168] Поаѓајќи од корените на концептот на ХН-ти како синтеза на теоријата на социјалниот идентитет и теоријата на релативна депривација, онаму каде нееднаквостите се преклопуваат со идентитетските расцепи, етничките идентитети и чувствата на обесправеност меѓусебно се засилуваат (Гур, 1993), односно ХН-ти ја зголемуваат перцепцијата за заедничкиот идентитет и чувството на обесправеност на непривилегираната група (Озби, 2003).

**Цикличноста и перзистентноста, нагласеноста на комуналната категорија и неповолностите кои произлегуваат од депривацијата, како и некои останати фактори, го категоризираат концептот на ХН-ти како феномен на продолжен социјален конфликт.**

Во најопштата формулација, продолжениот социјален (општествен) конфликт (Protracted social conflict) се однесува на состојбата кога одредени групи/заедници се лишени од задоволување на основните потреби врз основа на (или поради) нивната групна припадност/идентитет. Но освен тоа, „лишеноста е резултат на комплексен каузален синџир кој ја вклучува улогата на државата и шема на меѓународни врски.

Почетните услови (колонијалното наследство, внатрешните историски околности и мултигрупната природа на општеството) играат значајна улога во обликување на изворот на продолжениот социјален конфликт."[169] Дополнително, фактот дека повеќето држави во својот состав имаат заедници од соседните држави, како мнозински или политички доминантни, им припишува на овие конфликти прекуграничен карактер, кој може да се протега на регионално и пошироко ниво,

[168] Ted Gurr: *Peoples verus States, Minorities at Risk in the New Century*, United States Institute of Peace, Washington, 2000, стр.74

[169] Edward Azar: *The Management of Protracted Social Conflict: Theory and Cases*, Brookfield, 1990, стр.12

формирајќи т.н. регионални конфликтни комплекси.[170] Феноменот на формирање на регионални конфликти (Рубин) се однесува на транснационални конфликти кои продуцираат продолжени и вкоренети конфликти, градејќи четири вида на меѓусебно засилувачки врски низ цели региони: економски, политички, воени и социјални.

Продолжените конфликти ги изобличуваат општествата, економиите и регионите во кои се ситуирани, создавајќи комплексни вонредни состојби потхранувани од една страна од локалните борби, а од друга страна од глобалните фактори како што се трговијата со оружје и поддршката од надворешни држави на режимот или бунтовниците.[171] Нагорната комплексност која произлегува од различните институционални логики придвижувајќи ги различните актери во различни правци, им придава на овие конфликти хаотичен карактер (Ричиглиано, 2001).

Азар наведува четири основни предуслови за настанување на продолжените социјални конфликти, и тоа:

1. **Комуналната содржина** – основната единица во анализата на продолжениот социјален конфликт е идентитетската група (расна, религиозна, етничка, културна и др.) и нејзината специфичност (големина, политичка мобилизација итн.).

Во суштината на конфликтот се односите помеѓу групите на идентитет и државата, односно посредувањето на државата во задоволување на социеталните потреби на индивидуите, како членови на општествени групи (потребата за безбедност, признавање, културен статус итн.). Онаму каде државата е раководена од страна на една или повеќе комунални/идентитетски групи кои ги занемаруваат потребите на другите групи во општеството, таму настанува „развлекување на општественото ткиво и евентуално доведува до фрагментација и продолжен социјален конфликт."[172]

2. **Лишеноста од човечките потреби (или депривација)** претставува подслоен извор на продолжениот социјален конфликт, а чувството на обесправеност кое произлегува од таквата лишеност вообичаено се изразува колективно. Неуспехот на правилно адресирање на овие неправди од страна на државата, според Азар, обезбедува плодна почва за продолжен социјален конфликт.

---

[170] Од 103 конфликти анализирани од страна на Валенстин и Соленберг во периодот од 1989 до 1997 год., изразена регионална динамика и регионално прелевање се забележани кај 55% од нив.

[171] Hugh Miall: *Transforming Ethnic Conflict;Theories and Practices, Facing Ethnic Conflicts*, 2004, стр.161

[172] Oliver Ramsbotham, Tom Woodhouse & Hugh Miall: *Contemporary Conflict Resolution*, 2005, стр.86

3. **Улогата на државата** е критичен фактор за задоволување на индивидуалните потреби и потребите на идентитетските групи или продуцирање на фрустрација од неуспехот на нивното задоволување, што е случај кај слаби и авторитарни држави, земји со брз развој на населението и ограничени ресурси, со институционален и политички дефицит. Монополизацијата на моќта од доминантната група/и и ограничувањето на пристапот за другите групи, условува криза на легитимноста и почеток на продолжен социјален конфликт.

4. **Меѓународната поврзаност**, особено политичко-економските релации на економска зависност во рамки на меѓународниот економски систем се последниот предуслов на продолжениот социјален конфликт. Формирањето на домашниот општествен и политичко-институционален капитал (особено кај младите, слаби држави) се под големо влијание на меѓународниот систем.

Продолжените социјални конфликти имаат широка фронтална линија, која се протега на целото општество, вклучувајќи ги економските, политичките и социјалните системи. Хоризонталната нееднаквост на средствата, можностите за вработување или пристапот до јавните услуги ѝ служат на оваа функција. Во практика, можностите и чувствата на обесправеност се нераскинливо поврзани.[173]

Во консонантен однос со пристапот на продолжениот социјален конфликт е и оној на Роберт Гур, според кој, чувството на обесправеност ерумпира само како „кулминација на долгорочен тренд на растечки комунално-заснован протест“ (Гур, 2000). Анализите на податоците за малцинствата од осумдесеттите години на претходниот век, укажуваат дека дискриминацијата ѝ претходи на артикулацијата на обесправеност врз основа на групната припадност; обесправеноста ја забрзува мобилизацијата; мобилизацијата води кон политичка акција (Гур, 1993).

Истражувањата на политичкото насилство подвлекуваат три опсежни предуслови за групата да се мобилизира во насилство: заеднички идентитет, фрустрација и можност.[174] По стапките на Елингсен, истите фактори Озби ги инкорпорира во синтетизираниот пристап на ХН-ти како основни предуслови за насилен конфликт преку нивната меѓузависна поврзаност (Озби, 2003).

[173] John Bray, Leiv Lunde & S.Mansoob Murshed: *Nepal:Economic Drivers of the Maoist Insurgency, The Political Economy of Armed Conflict, beyond greed and grievance*, International Peace Academy, 2003, стр.116

[174] Tanja Ellingsen: *Colorful Community or Ethnic Witches' Brew? Multiethnicity and Domestic Conflict During and After the Cold War*, Journal of Conflict Resolution, Vol.44, No.2, University of Oslo, 2000, стр.229

Пред Озби, Гур идентификува четири групи на ризични фактори или видови на услови кои треба да бидат исполнети, за комуналната група да започне политичка акција[175]:

1. Нагласеност на групниот (етно-културен) индентитет за членовите и лидерите на групата;
2. Опсег на колективните мотиви за политичка акција;
3. Опсег на капацитетот на групата за колективна акција;
4. Расположливост на (надворешни) можности во политичкото окружување на групата кои ги зголемуваат шансите за постигнување на целите на групата преку политичка акција.

На графикот бр. 3 е прикажан детализиран приказ на Гуровите согледби за етиологијата на етнополитичкиот конфликт.

Од сето наведено, произлегуваат извесни преклопувања на предусловите кај наведените автори (делумно изменети или дедуктивно изведени) со оние на продолжениот социјален конфликт на Азар.

Со цел објаснување на концептот на ХН-ти низ призмата на социјалниот продолжен конфликт, подетално ќе обрнеме внимание на овие преклопувања како на значајни фактори во објаснување на некусот ХН-ти – конфликти, но ќе додадеме и уште еден фактор – оној за наративите, или како што следи:

1. Нагласеност на комуналната содржина/етнокултурниот идентитет
2. Обесправеност поради лишеност од основните човечки потреби
3. Улогата на државата како катализатор на ХН-ти
4. Наративите како комплементарен фактор на ПСК

[175] Гур наведува дека од овие услови и од природата на групните интереси, ќе зависат колективните одлуки за изборот на мобилизацијата во протест или бунт.

График 3. Етиологија на етнополитичкиот конфликт[176]




[176] Ted Gurr: *Peoples verus States, Minorities at Risk in the New Century*, United States Institute of Peace, Washington, 2000, стр.70

### 3.1.1. Нагласеност на комуналната содржина/етнокултурниот идентитет

Најопшто дефиниран, етницитетот подразбира чувство за групно припаѓање врз основа на идеи за заедничко потекло, историја, култура, јазик, искуство и вредности (Андерсон, 1983, Бејтс, 2004, Хоровиц, 1985 и др.). „Неговата најтесна политичка смисла...се поврзува со барањата кои се појавуваат на јавната сцена, за признавање на специфичен идентитет.“[177]

Етницитетот разбран како културен феномен и форма на идентитет е предмет на опсежни истражувања и полемики во повеќе научни области, од антропологија и историја до политички науки, социологија и меѓународни односи, меѓутоа, останува и понатаму еден од силно оспоруваните концепти (Браун и Лангер, 2010) и еден од најеластичните општествени концепти (Елер, 1997), во голем дел и поради неговата „пластична и прилагодлива општествена конструкција“ (Хол, Балибар и Валерстеин) како и проблематична (Најџел, 1994) и лизгава (Ферон, 2003) природа.

Неговата академска популарност кулминира со појавата на етнонационалните конфликти како доминантна форма на политичко насилство, поточно со т.н. „нови војни“ мобилизирани најчесто околу етничките идентитети, во смисла на нивното етничко етикетирање, со што започнува и растечкиот тренд на политичкото значење на етницитетот. Во зависност од значењето и карактерот кои му се припишуваат на етницитетот, во литературата се диференцираат три аналитични пристапи: примордијализам, инструментализам и конструктивизам.

Во сржта на примордијализмот се етничките идентитети како суштински и надмоќни во споредба со останатите идентитети, како и ставот за нивната непроменлива природа како резултат на биолошки разлики издиференцирани во еден долг временски период. Според нив, конфликтот е вкоренет во самите етницитети и произлегува од разликите меѓу нив. Меѓутоа, примордијализмот не нуди објаснување за преовладувачката мирољубива коегзистенција помеѓу различните идентитети и за променливоста на етничките групи низ времето и како таков, е предизвикан од инструменталистите, според кои, идентитетот е вкоренет во премисата за рационална пресметка на општествената акција.

[177] Шикова Наталија: *Самоопределувањето на народите во услови на глобализација*, Магор, Скопје, 2009

Инструменталистите ги нагласуваат етничките врски во зависност од севкупните општествено-политички и економски услови и особено ја истакнуваат улогата на елитите во овие констелации на односи, во кои, етницитетот и етничките симболи се користат како ресурс за зацврстување на етничките идентитети и групната диференцијација, често повикувајќи се на историски сеќавања, а со цел манипулација и реализација на одредени политички или економски агенди во одговор на специфичните можности или закани.[178] Од оваа перспектива, етницитетот може да се разгледува како избор или стратегија, чија вредност варира зависно од ситуацијата.[179]

Перспективата на „ситуациониот избор" подразбира перцепции и избори во зависност од врамувањето на проблемот, нагласувајќи ја улогата на теоријата на рационалниот избор,[180] односно употреба на етницитетот како „стратегија која ги користи моќта на симболизмот, историјата, интерпретацијата и реториката,"[181] но и на факторите кои вообичаено се означуваат како културни.

Перспективата на конструктивистите ја завзема највлијателната позиција во истражувањата на етницитетот од почетокот на осумдесеттите години на минатиот век.

Наспроти примордијализмот, конструктивистите се фокусираат на процесите преку кои настануваат етничките групи и добиваат општествено значење (Укиво, 2005). Додека примордијалистите ги интерпретираат современите конфликти како обновување на старите антагонизми, конструктивистите настојуваат да ја објаснат промената (Бејтс, 2005).

И покрај одредени сличности со инструменталистите[182], конструктивистите се разликуваат во ставот според кој етничките идентитети не се целосно променливи и

---

[178] Руанда, Косово и поранешна Југославија се меѓу бројните примери каде лидерите одигруваат критична улога во нагласување на одредени идентитети наспроти останатите, најчесто преку масовните медиуми во насока на нивна инструментализација од прагматични мотиви.

[179] Robert H.Bates: *Ethnicity*, Ethnicity Paper, Harvard University, 2005, стр.7

[180] Доминантоста на одредени идентитети во зависност од ситуацијата ја потврдуваат повеќе одминати истражувања на оваа проблематика (Мичел 1956, Епстајн 1958, Глукман 1960, Мелсон 1971, Мелсон и Волп 1970, Андерсон 1967 и др.).

[181] Robert H.Bates: *Ethnicity*, Ethnicity Paper, Harvard University, 2005, стр.10

[182] Конструктивистите како и инструменталистите, сметаат дека етницитетите се предмет на инструментализација за остварување на политички цели.

истите се „поврзани со мноштво социјални искуства, колективни мемории и норми кои следат сопствени логики и инертност" (Вирџинија Тили).

Иако идентитетите можат да се менуваат, тоа е можно само по значајна цена (Бејтс, 2004). Како такви, „етничките идентитети се долготрајни општествени конструкции...кои не се примордијални, но се засноваат на заеднички верувања, вредности и искуства, не се инструментални, но се подложни на повикување од лидерите и нивна употреба за одржување на социјални движења кои се поотпорни и попостојани отколку движењата кои се базираат единствено на материјални и политички интереси."[183]

Еден од позначајните критичари на литературата за етницитетот, Роџерс Брубејкер го критикува онтолошкиот статус кој му се припишува на етницитетот и етничките групи како социјален феномен. Во нивната употреба, линијата помеѓу „идентитетот" како категорија на анализа и како категорија на практика е често замаглен.[184]

Брубејкер се залага за анализа на „етницитетот без групи", како социјални процеси на етнизација, социјална мобилизација и организација, преместувајќи го фокусот од идентитетот на идентификациите, од групите како ентитети на процесот на создавање групи, од споделената култура на категоризацијата, во обид етницитетот „да се концептуализира не како...ентитет или организам или колективна индивидуа како метафора на апстрактна, конкретна, опиплива, ограничена и трајна група...туку во контекст на функционални, процесни, динамични, исполнети со настани и поединечни услови."[185] Со други зборови, да се аргументира етнизацијата како политички, социјален, културен и психолошки процес, во контекст на практични категории, културни идиоми, когнитивни шеми, дискурсни врамувања, организациони рутини, институционални форми, политички проекти и случајни настани (Брубејкер).

Но и инструменталистите и конструктивистите се согласуваат во ставот дека мора да постојат почувствувани културни разлики за диференцирање на етничките атрибути по пат на инструментализација.

---

[183] Ted Gurr: *Peoples verus States, Minorities at Risk in the New Century*, United States Institute of Peace, Washington, 2000, стр.5

[184] Rogers Brubaker & Frederick Cooper: *Beyond "identity"*, Theory and Society 29, 2000, стр.7

[185] Rogers Brubaker: *Ethnicity without groups*, Arch.europ.sociol.XLIII, 2002, стр.167

Комуналните идентитети по својата природа се мултидимензионални, општествено или лично повеќе или помалку значајни, иако културниот идентитет претенедира да биде посилен и потраен од останатите идентитети.[186] Опсегот во кој припадниците на една комунална група културно се разликуваат од припадниците на другите комунални групи со кои секојдневно се во интеракција е првиот фактор кој ја детерминира промената во нагласеноста на етнокултурниот идентитет (Гур, 2000), но она што овој труд го подразбира како нагласеност на етнокултурниот идентитет, се всушност разликите кои поседуваат силно општествено значење.

Групните идентитети се формираат делумно од сопствените перцепции на идентитетската поврзаност со одредена група, но исто така се условени и од перцепциите на оние надвор од групата. Токму фактот што „идентитетот не се храни преку фактите туку преку перцепциите...не од хронолошката/фактичка историја туку од сетилната/почувствувана историја,"[187] е она што ги прави групните идентитети моќни алатки за акција.

Независно дали групите се инструментализирани или не, ефектот е во промена на перцепциите, правејќи ги разликите вистински за припадниците на групите.[188]

Кохезијата на идентитетите може да биде иницирана од страна на лидерите на групата или од други, вклучително и од државата, категоризирајќи ги идентитетите во групи (Барт 1969, Брубејкер и Купер 2000). Во таков случај, она што припадниците на групите го чувствуваат за сопствените идентитети може да е неважно во споредба со она што другите го мислат за нив (Стјуарт).

Вториот фактор на детерминација на промените во нагласеноста на етнокултурниот идентитет е опсегот во кој припадниците на етнокултурната група се привилегирани или дискриминирани во однос на останатите групи.

Во такви констелации на односи, етнокултурниот идентитет претставува извор на индивидуални разлики во статусот, економската благосостојба, како и пристапот до

---

[186] Споделените физички карактеристики, лингвистичките и религиските разлики се помеѓу главните маркери на групниот идентитет.

[187] Walker Connor: *A Few Cautionary Notes on the History and Future of Ethnonational Conflicts, Facing Ethnic Conflicts*, Oxford, 2004, стр.31

[188] Frances Stewart:*Horizontal Inequalities and Conflict: An Introduction and some Hypotheses, Horizontal Inequalities and Conflict: Understanding Group Violence in Multiethnic Societies*, Palgrave Macmillan, 2010, стр.9

политичката моќ во однос на другите, компаративно привилегирани или дискриминирани групи.

Третиот фактор на детерминација на промените во нагласеноста на етнокултурниот идентитет е интензитетот на минатите или тековни конфликти со ривалските групи и државата, кои се користат од страна на етнополитичките лидери или т.н. културни претприемачи, кои креираат етнички-центриран историски наратив, населен со внатрешни херои и надворешни непријатели заради оправдување на одредена политичка акција.

Од перспектива на ХН$^{-ти}$, а врз основа на претходната аргументација, може да сумираме дека, групите помеѓу кои се мерат нееднаквостите, можат да бидат флуидни и поместувачки, во функција на времето и политичките околности.

### 3.1.2. Обесправеност поради лишеност од основните човечки потреби

Лишеноста од човечките потреби (или депривација) како подслоен извор на продолжениот социјален конфликт, произлегува од премисата на релативната депривација како утврдена причина за револт (Дејвис, 1962, Гур, 1970). Но селективната, наречена уште таргетирана неправда (Зартман , 2004) е во основата на конфликтите базирани на идентитет. „Кога депривацијата се однесува на идентитетни делови од населението или кога тие се перцепираат како селективни цели..., дискриминацијата се користи како причина за солидарност."[189]

Во анализата на насилните конфликти, од кои повеќето се внатре-државни конфликти, но и внатрешни граѓански немири, Извештајот за човеков развој, помеѓу мноштвото фактори кои ги условуваат, издвојува една заедничка карактеристика: „од политиките на исклученост и елитните барања за рента до неадресираните општествени обесправености, сите допринесуваат за општествен раздор"заклучувајќи дека „нееднаквоста во пристапот до ресурсите и резултатите кои коинцидираат со културните разлики можат да станат мобилизирачки средства кои завршуваат во низа политички побуни и немири".[190] Извештајот имено, ја потврдува премисата дека

[189] William Zartman: *Sources and Settlements of Ethnic Conflicts, Facing Ethnic Conflicts*, Oxford, 2004, стр.143

[190] Human Development Report 2014 - *Sustaining Human Progress: Reducing Vulnerabilities and Building Resilience*, стр.78/79

перцепираните колективни потреби чие задоволување е оневозможено, претставуваат основен предуслов за конфликт.

Колективно продуцираните нееднаквости на тој начин не само што ја засилуваат нагласеноста на идентитетот, туку ги потхрануваат и чувствата за колективна депривација, а колку е поголем интензитетот и обемот на релативната депривација[191] меѓу членовите на одреден колективитет, поголем е потенцијалот за колективно насилство, вклучително и политичко насилство (Гур, 1970), оттаму што, според Гур, дискриминацијата ѝ претходи на артикулацијата за обесправеност, а обесправеноста ја забрзува мобилизацијата. Колку е поголема дискриминацијата и колку е поголемо чувството за неправда и обесправеност, толку е полесно за лидерите на групата да ги убедат во придобивките од колективна акција. Во согласност со аргументацијата на Гур, ХН-ТИ ја зголемуваат перцепцијата за заедничкиот идентитет и чувството на обесправеност на дискриминираната група. И лидерите и следбениците се силно мотивирани за мобилизација од поширок обем онаму каде постојат „изразени и перзистентни економски, општествени и политички разлики помеѓу културно дефинираните групи, именувани како мултидимензионални нееднаквости."[192]

Оваа претпоставка го рефлектира тврдењето дека нееднаквоста е повеќе дестабилизирачка кога е општествено вградена (Стјуарт, 2000, Фигуроа, 2003).

Обесправеноста базирана на депривација и дискриминација, продуцира политички претприемачи кои ги артикулираат барањата и ги мобилизираат групите во конфликт (Зартман, 1995, Браун, 1996, Хол, 1997 и др.), додека продолжената дискриминација е пропратена со пресврт во нивната агенда, од барања за адресирање на обесправеноста кон процедурални барања за контрола на алокативниот систем, што

---

[191] Гур наведува три модели на нерамнотежа: намалувачка депривација – во која вредносните очекувања на групата остануваат релативно константни, но вредносните можности се перцепираат како опаѓачки; аспирирачка депривација – во која можностите остануваат релативно статични додека очекувањата се зголемуваат или интензивираат; и прогресивна депривација, во која постои значително и истовремено зголемување на очекувањата и намалување на можностите. Сите три модели Гур ги наведува како предусловни фактори за појава на политичко насилство.

[192] Frances Stewart:*Horizontal Inequalities and Conflict: An Introduction and some Hypotheses, Horizontal Inequalities and Conflict: Understanding Group Violence in Multiethnic Societies*, Palgrave Macmillan, 2010, стр.12

претставува паралела на трансформацијата на причините за конфликт означени како потреба-кредо-алчност.[193]

Поаѓајќи од ХН-ти како синтетизиран пристап во објаснувањето на насилните конфликти како резултат на обесправеност и можности (Озби, 2010), односно како фактор кој влијае истовремено на двата предуслови на конфликтите, ваквата паралела на трансформација едновремено ги објаснува ХН-ти како механизам на трансмисија на продолжениот социјален конфликт.

### 3.1.3. Улогата на државата како катализатор на ХН-ти

За државното уредување и ризикот од конфликт веќе стана збор во заклучоците на CRISE за ХН-ти и конфликтите. Овде, акцентот е врз улогата на државата како поттикнувачки фактор во одржување на ХН-ти како дел од продолжениот социјален конфликт, преку продуцирање на нееднаквоста во културниот статус.

Импликацијата на една компаративна студија за граѓанска побуна (Гур, 1968) е дека незадоволствата во современиот свет не се од политичка природа, туку се исполитизирани. Според авторот, „незадоволството е веројатно да се исполитизира во обемот во кој режимот се ефектуира или се смета дека има потенцијал да се ефектуира врз животите на повеќето или на сите свои жители“[194]

Друга компаративна студија (студија на случај на ХН-ти во Југоисточна Азија од Граам Браун) случајно ја потврдува оваа импликација, заклучувајќи дека „додека ХН-ти генерираат понекогаш насилни комунални тензии, насилната антидржавна мобилизација е директно поврзана со политизацијата на ХН-ти и нивната асоцијација со државата како држава, отколку со другата етничка група.“[195]Разликите во статусот доделен на различните култури од страна на државата, имплицитно или експлицитно, како и популарните перцепции на разликите во културниот статус, кои ја

[193] Кога потребата е нееднакво и неправедно распоредена овозможува таргентираните групи да се мобилизираат (кредо) и да се натпреваруваат за ресурсите за потребите на движењето и за политичките претприемачи (алчност) – (Колиер и Хофлер, 1999, Зартман, 2000).

[194] Ted Robert Gurr: *Why Men Rebel?*, Fortieth Anniversary Edition, London, 2011, стр.181

[195] Graham K. Brown: *Horizontal Inequalities and Separatism in Southeast Asia: A Comparative Perspective, Horizontal Inequalities and Conflict: Understanding Group Violence in Multiethnic Societies*, Palgrave Macmillan, 2010, стр.279

конституираат третата димензија на ХН-ти, т.е. нееднаквост во културниот статус, ја дефинираат државата како главен протагонист на културната нееднаквост, што ја прави особено потентна за групна мобилизација поради непосредната поврзаност со групниот идентитет.

Иако, социоекономските ХН-ти можат да постојат долг временски период, преку повеќе декади без насилен одзив, промените во културниот статус можат да претставуваат политизација на постоечките нееднаквости и фактор за групна мобилизација во насилен конфликт (Браун и Лангер). Едновременото присуство на значителна културна нееднаквост покрај политичката и социоекономската нееднаквост, претставува експлозивен микс, состојба во која исклучените политички елити не само што се силно мотивирани да го мобилизираат своето членство по културни расцепи, туку и лесно да ја добијат поддршката (Лангер 2007), од причина што, онаму каде државата им доделува инфериорен статус на одредени културни групи/идентитети, самата нееднаквост на културниот статус станува значајна причина за чувство на обесправеност врз групна идентитетска основа.

Дополнително, ваквите чувства на обесправеност се засилени за време на настаните со културни обележја кои се повторуваат и кои како такви се вкоренуваат во културните практики на односните групи, односно во наративите, припишувајќи им на тој начин карактер на продолжени конфликти.

### 3.1.4. Наративите како комплементарен фактор на продолжениот социјален конфликт

Кога прашањето на идентитетот и конфликтите се вкрстуваат, разликите помеѓу реалните состојби и нивната перцепцијата веќе не се ограничени единствено на прашањето на идентитетот, туку ги опфаќа и сите аспекти на етничкиот конфликт, формирајќи нов субјективен фронт, при што во судир доаѓаат носечките перспективи и верувања на идентитетските групи.

Последното го чини „доменот на наративите, фронталната линија на идентитетските конфликти."[196]

[196] Christian Noll: *Narratives: The Front Line of Identity Confiicts*, InterCulture 5.1., 2008, стр.43

Наративите, наједноставно кажано, се разбираат како раскажување на приказни, но такви кои создаваат социјално значење базирано врз т.н. „наративна вистина".

Наративната вистина пак, се фокусира на конструкција на приказни околу одредени настани и емотивните реакции на нив, како и врската и смислата која тие ја добиваат за индивидуата (Лундби, 2005). Истото се однесува и на групните наративи.

Овие вистини не се однесуваат на нешто објективно вон општествениот контекст, напротив, вистината и реалноста се конструирани во социјалната интеракција и се потпираат на историскиот и културен контекст во кој се конструирани. Како такви, наративите ја опишуваат и креираат општествената стварност (Евик и Силби, 1995).

Во конфликтите, наративите го рефлектираат развојот на борбата меѓу конфронтираните страни. Оттука, наративната теорија го позиционира конфликтот помеѓу приказните (Винслејд и Монк, 2008). Минатото на страните се реинтерпретира, а иднината се измислува, согласно потребата на општеството да ја осмисли реалноста (Доналд Брајд, 1996). Споделеното разбирање на настаните во наративите, во одговор, ќе ја одреди интерпретацијата и реакцијата на идните настани на групата, а поради улогата на реинтерпретација, објективната причина за конфликт станува замаглена.

Врз основа на согледбите на Гур (1970) како и оние на Мичел (1981), Азар го трасира процесот во кој меѓусебно исклучивите искуства и верувања генерираат реципроцитетни негативни слики кои ги забрзуваат комуналните антагонизми и го зацврстуваат продолжениот социјален конфликт.

Наративната теорија може да ја дополни онаа за продолжениот социјален конфликт преку обезбедување на додатно ниво за анализа, опишувајќи како маргинализираните групи можат да развијат идентитети кои се поларизирани, цементирани и взаемно исклучиви и кои на тој начин водат до продолжување на конфликтот долго откако економските, политичките и социјалните нееднаквости се разрешени (Нол).

Културата има моќно влијание врз динамиката на еден конфликт, преку врамување на социоекономските и политичките нееднаквости, како и пристапот кон конфликтот и интерпретацијата на акциите на другите.[197]

[197] Како поткрепа на фактот за моќноста на културите како рамка на насилното конфликтно однесување меѓу бројните примери, ќе ги наведеме оние во Руанда, Босна и Шри Ланка.

Културата игра фундаментална улога бидејќи, како што видовме, заедничката култура или идентитет е она што ја врзува групата заедно. Културното насилство е содржано во наративите, како резултат на процесот на социјализација и обезбедува рамка за разбирање (или толкување), како и избор на правец за акција.

Културата помага да се конструираат, произведат и одржат културните разлики, дури и ако настојува да ја објасни и разбере оваа разлика, односно, културната диференцијација е резултат на дискриминаторски практики. „Од една страна, културните норми споделени од групата се менуваат со директното и структурното насилство...од друга страна, културното го засилува структурното и директното насилство"[198], трасирајќи го на тој начин магичниот круг на продолжениот социјален конфликт.

## 3.2. Хоризонталните нееднаквости од фактор на неправда до мобилизирачки фактор

Трансформацијата на предусловите на продолжените социјални конфликти во отворен насилен конфликт, според Азар, зависи од три групи на детерминанти:

- комунални акции и стратегии (процеси на формирање на групен идентитет, организација и мобилизација и др.);
- акции и стретегии на државата (репресија или прилагодување) и
- вградени механизми на конфликт.

ХН-ти можат да влијаат врз можностите за групна мобилизација преку комбинираниот ефект на идентитетот и фрустрацијата потребни за групна кохезија и нагласеност на групниот идентитет, како и преку нивото на конзистентност меѓу различните видови на ХН-ти.

Пресекот на перспективата на ХН-ти и конструктивистичката теорија на етницитетот ја нагласува потенцијалната улога која нееднаквостите ја имаат во зголемување на нагласеноста на етничката поделба.[199]

---

[198] Cecile Mouly: *Peace Constituencies in Peacebuilding: The Mesas de Concertacion in Guatemala, Whose Peace? Critical Perspectives on the Political Economy of Peacebuilding*, 2008, стр.304

[199] Graham K. Brown & Arnim Langer: *Horizontal Inequalities and Conflict: A Critical Review and Research Agenda*, Routledge, London, 2010, стр.35

Од оваа перспектива, ХН-ти можат да се набљудуваат како значаен процес во формирање и мобилизација на етничките идентитети, особено онаму каде овие идентитети настануваат како замислена спротивност на другите.[200] Оваа интерпретација е конзистентна со студиите на случај кои се предмет на истражување во CRISE.

Во суштина, концептот на хоризонтална нееднаквост е конзистентен на сличните концепти (како општествено вградена нееднаквост (Фигуероа, 2003, Могу и Картер, 2004), меѓугрупна нееднаквост (Гур, 1993), постојана нееднаквост (Тили, 1999)) во премисата: перцепираната релативна неправда меѓу културно дефинирани групи во економската, социјалната и политичката сфера е потпора на групниот идентитет и кохезијата во неговата трансформација во моќно мобилизирачко средство.

Од фактор на неправда, ХН-ти на овој начин стануваат мобилизирачки фактор (ХДР 2014, Озби, Стјуарт, Браун и Лангер), особено моќен токму поради границите на групите кои се сметаат за непропустливи и каде мобилноста е ограничена (Стјуарт, 2002, Елемерс, Вилке и Ван Кипенберг, 1993).

Во прилог на постоењето на ХН-ти (нееднаквости во политичката, економската и социјалната позиција на групите), Стјуарт наведува четири дополнителни елементи кои имаат улога во стимулирање на (насилен) конфликт[201]: перцепции, приватни (лични) трошоци и придобивки, неуспех за спречување и финансиски средства и можности.

Перцепираната (субјективна) колективна неправда, а не единствено објективната (мерливата) неправда (Стјуарт, Лангер), како што напоменавме и понапред, е една од основните компоненти на концептот на ХН-ти и еден од најзначајните фактори за можноста од насилен конфликт помеѓу заклучоците од истражувањата на CRISE.

Студиите на случај на ХН-ти и етничкото насилство (Укиво, 2008) укажуваат на постојаноста и перцепциите на ХН-ти како клучни во разбирање на трансформацијата на конфликтните односи во отворено насилство, односно насилната група мобилизација се случува кога: постојат преклопувања помеѓу чувствата на отуѓеност и

[200] Ibid.

[201] Frances Stewart: *Crisis Prevention: Tackling Horizontal Inequalities*, Oxford Development Studies, Vol.28, No.3, 2000, стр.250

нееднаквост и општествените класи и групи, прецепирани како влијателни врз сите членови на одредена обесправена заедница, кога државната интервенција е перцепирана како преносител за одржување или отстранување на ХН-ти во корист на една група наспроти друга, кога исклученоста и нееднаквоста се легитимизираат преку општествениот дискурс (културно насилство) и др.

Истражувањето на објективните и перцепирани нееднаквости во студиите на случај, како оние во Нигерија и Гана (Лангер и Укиво, 2008) ја потврдуваат премисата за доминантноста на перцепцијата над објективната состојба, т.е. заклучокот дека „стојалиштето го детерминира видливото".[202]

Перцепциите на ХН-ти како комплексен феномен и односите на меѓузависност, во кој објективните ХН-ти се ефектуираат како врз перцепциите на нееднаквоста, така и на политичката нагласеност на групните идентитети, притоа нагласувајќи ја и поврзаноста на последните две, сликовито се прикажани на следниот график:




График 4. Шематски приказ на конфликтно-поттикнувачки елементи на ХН-ти [203]

[202] 202 Arnim Langer and Ukoha Ukiwo: *Ethnicity, Religion and the State in Ghana and Nigeria: Perceptions from the Street, Understanding Group Violence in Multiethnic Societies*, Palgrave Macmillan, 2010, стр.226

[203] Frances Stewart, Graham K. Brown and Arnim Langer: *Policies towards Horizontal Inequalities: Horizontal Inequalities and Conflict: Understanding Group Violence in Multiethnic Societies*, Palgrave Macmillan, 2010, стр.302

Прашањето за можностите како фактор за трансформација на нееднаквоста во насилен конфликт е во согласност со теоријата за рационален актер (Колиер, Хофлер, Тили и др.), која ја нагласува врската помеѓу групната мобилизација и рационалните калкулации. Меѓутоа, мобилизацијата на групите врз основа на идентитетска припадност се разликува од колективните интереси како мотив за групна мобилизација во концептот за политичките можности на Тили, пред сѐ поради подложноста на ХН-ти за групна мобилизација поради непосредната поврзаност со групниот идентитет, каде е присутен исклучително субјективниот елемент на солидарност и лојалност кон групата.

Концептот за ХН-ти има синтетизиран пристап, според кој, ХН-ти можат да оперираат преку трите предуслови (идентитет, фрустрација и можности) и на тој начин да влијаат врз калкулацијата на групата за сопствената сила и да служат како индикатор за внатрешните можности на групата да се мобилизира (Озби, 2003).

Можностите се однесуваат како на факторите на рационален избор (приватни или индивидуални трошоци и придобивки)[204], така и на финансиските извори (домашни и меѓународни) и можности во поширока смисла на зборот.[205]

Начинот на кој идентитетот, мотивите и можностите се трансформираат во етнополитичка акција е комплесен и е во тесна меѓузависност со поширокиот политички културен контекст.

На график 5 е прикажан моделот на очекувани интеракции на трите концепти (идентитет, фрустрација и можност) во моделот на ефекти на ХН-ти врз внатрешниот вооружен конфликт, изработен од Гудрун Озби, а инспириран од моделот на Елингсен за граѓанска војна[206]:

---

[204] Калкулацијата на трошоци и придобивки може да е различна за лидерите и следбениците, но и за оние кои се активно вклучени во конфликтот и за останатите. Дополнително, т.н. „пазари на насилството" (Елверт, 1999) креираат сопствена динамика и услови за натамошно насилство и политичка економија на грабеж и војна, со нова структура на мотиви и интереси. Пристапот до вредни суровини кои може да се шверцуваат (како крвавите дијаманти), регрутацијата на нови борци, наплатата со ограбената сопственост и меѓународните пакети за помош се помеѓу изворите на средства кои секнуваат со разрешување на насилните конфликти.

[205] Гур (2000) разликува две аналитички поделби на можностите: долготрајни/постојани и преодни/времени фактори на можност, и, домашни и меѓународни структури на можности.

[206] Моделот на Елингсен содржи други варијабли на местото од ХН-ти и тоа: мултиетничност, вид на политичкиот режим и социо-економско ниво.




График 5. Модел на теоретски очекувања на ефектите на ХН-ТИ врз внатрешниот вооружен конфликт.

Стрелките на моделот помеѓу идентитетот и фрустрацијата ја симболизираат очекуваната засилена врска, како резултат на ХН-ТИ.

Колективната групна депривација ја засилува групната кохезија која понатаму ги зголемува можностите за мобилизација. Со еден збор, „ХН-ТИ го опфаќаат колективниот аспект на релативната депривација која може да ја забрза мобилизацијата за конфликт".[207]

Во еден од своите рани трудови, Гур (1970) нуди каузален модел[208] (График 6) на социетални детерминанти на потенцијалот за колективно насилство, според кој општата проценка на потенцијалот за колективно насилство на било која група, теоретски може да се направи преку одредување на стапката на промена во апсолутниот удел во секоја класа на вредности; обемот во кој другите групи во општеството искусуваат позабрзано зголемување на вредносната позиција; обемот во кој вредностите се, или се сметаат за растегливи; и бројот на алтернативни текови на активности за зголемување на вредноста отворени за членовите на групата[209]; како и (поедноставен) каузален модел (График 7) на социетални детерминанти на потенцијалот за политичко насилство.

[207] Gudrun Ostby: *Polarization, Horizontal Inequalities and Violent Civil Conflict*, Journal of Peace Research 2008, IPRI, Oslo, стр.148

[208] На График 6 и График 7 се прикажани поедноставените каузалните модели. Подетално за аналитички разложените модели, види кај: Robert Gurr: *Why Men Rebel*, Fortieth Anniversary Paperbook Edition, London, 2011, стр.324 и 328, соодветно.

[209] Robert Gurr: *Why Men Rebel*, Fortieth Anniversary Paperbook Edition, London, 2011, стр.325




График 6: Поедноставен каузален модел на социетални детерминанти на потенцијалот за колективно насилство (незадоволство) во било која субнационална група.




График 7: Поедноставен каузален модел на социетални детерминанти на потенцијалот за политичко насилство.

Неуспехот на државата за спречување на насилството (последниот дополнителен елемент во стимулирање на конфликтот на Стјуарт), се однесува пред сé на способноста или слабоста на државата да го превенира, елиминира или намали конфликтот во неговата насилна форма. Структурите на политичките можности ги ублажуваат односите помеѓу економската нееднаквост и насилниот политички конфликт, чии ефекти се позасилени во слабите држави (Шок, 1996).

Она што меѓутоа, е првенствено за превенција и елиминација на конфликтот во неговата структурна форма, е легитимноста на државата.[210] Ваквиот аргумент е во согласност со заклучокот илустриран на график 7, според кој „колку поефикасни се режимите во одговорот на релативната депривација, поголема е легитимноста на режимот и помал е потенцијалот за политичко насилство."[211]

Кохезивните општества претендираат за поголем успех во сите аспекти на човековиот развој од помалку кохезивните општества (Извештај за човеков развој, 2014).

Во еден поширок контекст, политичкото, социјалното и економското ривалство се дел од развојните процеси во едно општество. „Дали овие ривалства ќе се претворат во насилни, зависи од капацитетите на државните институции да ги артикулираат интересите и аспирациите на различните групи, да арбитрираат помеѓу нив и да посредуваат во конфликтот. Сето ова зависи од постоење на институции кои се перцепирани како легитимни и одговорни." (Извештај за човеков развој, 2005)

Нееднаквоста ја слабее политичката легитимност и ги кородира институциите.

Обесправените групи се обесправени делумно поради слабиот политички глас, а имаат слаб политички глас затоа што се обесправени. Онаму каде политичките институции се перцепирани како средства за одржување на неправедни нееднаквости или унапредување на интересите на елитите...создаваат услови за распаѓање на државата.[212]

---

[210] Легитимноста во оваа смисла се однесува на одговорноста на институциите и претставува краток назив за капацитетот, инклузивноста и одговорноста на државата (Извештај за светски развој, 2011). Значајните врски помеѓу институционалните слабости, управувањето и насилството се опфатени со концептот на „кршливост" (fragility).

[211] Robert Gur: *Why Men Rebel*, Fortieth Anniversary Paperbook Edition, London, 2011, p.327

[212] Human Development Report 2005: International Cooperation at a Crossroads, Aid, Trade and Security in an Unequal World, UNDP, 2005, стр.53/54

Легитимноста на државата претставува своевиден „диференцијал“[213] за преносот на „општествениот договор“ до членовите на сите групи во општеството, како што недоволната легитимност претставува „диференцијал“ на трансмисиониот механизам во нексусот ХН-ти - конфликти.

Независно кои фактори и мотиви се во позадината на можноста од мобилизација, присуството или перцепцијата на остри ХН-ти обезбедуваат општ мотив за политичка мобилизација, но за алчноста или неправдата да преминат во широкоопфатно насилство, т.е. во насилен политички конфликт, неопходно е присуство на слабеење на „општествениот договор“, кој инаку би бил „доволен да го ограничи или елиминира опортунистичкото однесување...и насилното изразување на чувството на обесправеност.“[214]

[213] Функцијата на диференцијалот како уред ми се чини соодветна за оваа споредба поради улогата на уредот да доведува еднаква сила (еднаков обртен момент) до секое тркало, а притоа да им овозможува да се вртат со различна брзина.

[214] Syed Mansoob Murshed & Mohammed Zulfan Tadjoeddin: *Revisiting the Greed and Grievance Explanations for Violent Internal Conflict*, p.18

**ЗАКЛУЧОК**

Основната цел на магистерскиот труд е да истражи како и на кој начин нееднаквоста, поточно хоризонталната нееднаквост, разбрана преку нејзините економски, социјални и политички димензии, влијае врз појава на конфликтите, односно врз нивната насилна модификација, а во одговор на сé погласното именување на современите конфликти како етнички и нивната популаризација како безбедносен проблем во глобални рамки, особено во периодот по крајот на Студената војна.

За реализација на целта и задачите на трудот и проверка на поставените хипотези, во рамките на трудот се анализирани податоци од научната литература и документи на меѓународните институции и истражувачи надлежни во истражуваната проблематика.

Компаративната анализа на студиите на случај и економетриските истражувања на повеќе автори (Гур, 2000, Стјуарт, 2001; 2008, Озби, 2003; 2005; 2008, Манцини, 2005, Чедерман, Видман и Гледиш, 2010) го потврдуваат постоењето на каузална спрега помеѓу структурните нееднаквости и почетокот на насилните конфликти, а природата на ХН-ти како мултидимензионални, меѓузависни и перзистентни - карактеристики кои се од суштинско значење во анализата и објаснувањето на современите внатре-државни конфликти со етнички предзнак.

Во првиот дел од трудот, извршено е концептуално дефинирање на хоризонталните нееднаквости и нивно поимно разграничување од вертикалната нееднаквост и укажано е на мултидимензионалната и меѓузависна природа на ХН-ти и на изворите на нивната временска и системска перзистентност.

Поаѓајќи од дефиницијата на Стјуарт за ХН-ти како системски нееднаквости помеѓу културно оформени групи и перспективата на Галтунг за структурната неправда, направен е обид за набљудување на ХН-ти од перспективата на структурното насилство. Иако приближувањето на овие концепти е забележано во литературата (на пример, Озби, 2003), во трудот е направен обид за нивно суштинско поистоветување.

Во вториот дел од трудот, анализирана е емпириската поврзаност на ХН-ти и конфликтите и направен е краток преглед на литературата за нексусот помеѓу конфликтите и нееднаквоста пошироко, и меѓу конфликтите и ХН-ти во потесна смисла на зборот, преку резимирање на резултатите на неколку позначајни истражувања на

оваа проблематика, во прв ред на истражувањата на Центарот за истражување на нееднаквоста, човековата безбедност и етницитетот (CRISE) предводени од Френсис Стјуарт и тимот соработници, истражувањата на Гудрун Озби од Институтот за меѓународни мировни истражувања во Осло и истражувањата на Чедерман, Видман и Гледиш, исто така од Институтот во Осло.

Авторите се едногласни во укажувањето за постоење на каузалност помеѓу структурните нееднаквости и почетокот на насилните конфликти, како и во заклучокот дека е прерано да се отфрлат објаснувањата врз основа на чувството за обесправеност, потврдувајќи го со тоа теоретското значење и политичката релевантност на резултатите од спроведените истражувања.

Едновременото присуство на (хоризонталната) нееднаквост преку повеќе димензии, засилувачките циклуси на привилегија и депривација кои ја објаснуваат перзистентноста и цикличноста на ХН-ти, политичката нагласеност на групните идентитети и перцепциите на ХН-ти како комплексен и колективен феномен, во содејство со уредувањето, улогата и реакцијата на државата, како и односите на нивната меѓузависност и прелевање, ја потврдуваат основната хипотеза на трудот - хоризонталната нееднаквост, како нееднаквост на економски, социјални, политички и културно статусни димензии, помеѓу културно дефинирани групи е фактор кој придонесува за политичка мобилизација на натпреварувачките групи, кои се мобилизираат околу колективниот идентитет и кои, во услови на објективна и субјективна (перципирана) нееднаква распределба по етнички расцепи, можат да ја засилат кохезијата на групата и да прераснат во насилен политички конфликт.

Во однос на поединечните хипотези, изразената хоризонтална социјална нееднаквост се потврдува како убедливо позначајна причина за појава на конфликт од хоризонталната економска нееднаквост, која иако позитивна, статистички е помалку значајна (Стјуарт, Озби).

Во рамки на трудот направен е и обид за дескрипција трансформацијата на хоризонталната нееднаквост во насилен конфликт.

Начинот на кој идентитетот, мотивите и можностите се трансформираат во етнополитичка акција е комплесен и е во тесна меѓузависност со поширокиот политички и културен контекст, а пред сé со способноста или слабоста на државата да го превенира, елиминира или намали структурниот конфликт помеѓу различните културни групи, но и самата негова трансформација во насилен конфликт.

Цикличноста и перзистентноста на ХН$^{-ти}$, нагласеноста на комуналната категорија и неповолностите кои произлегуваат од депривацијата, како и улогата на државата како медијатор и алокатор на средствата, ги категоризираат ХН$^{-ти}$ како феномен на продолжениот социјален конфликт.

Преку призмата на продолжениот социјален конфликт и наративите како дополнителен фактор, трудот ги анализира предусловите за нивно настанување и го разложува трансмисиониот механизам преку кој нееднаквостите помеѓу идентитетските групи можат да прераснат во насилен конфликт.

Државата се јавува како главен протагонист на културната нееднаквост, како кај ХН$^{-ти}$, така и кај продолжениот социјален конфликт, преку разликите во културниот статус кои имплицитно или експлицитно им ги доделува на различните културни групи во општеството. Културната нееднаквост во содејство со политичката и социо-економската нееднаквост, го чинат експлозивниот микс, состојба во која ХН$^{-ти}$ се особено погодни за групна мобилизација по културни расцепи, со силна мотивациска спрега на страната на исклучените политички елити, но и на (релативно) обесправеното членство. Во трансформацијата на конфликтните односи во отворено насилство, т.е. преминот на структурното насилство во директно, или уште трансформација на продолжениот социјален конфликт во повисоки нивоа на интензитет, повторно, државата има клучна улога, како во објективната, така и во перципираната улога на носител на ХН$^{-ти}$ и нивното нивелирање или одржување во корист на една наспроти друга група, кога исклученоста и нееднаквоста се легитимизираат преку општествениот дискурс, во вид на културно насилство.

Најпосле, во зависност од легитимитетот и капацитетот со кој таа располага да ги артикулира интересите и аспирациите на различните групи, да посредува и арбитрира помеѓу нив, ќе зависи и нејзината улога во трансформација на конфликтите.

Недоволната легитимност и недоволниот капацитет, оттаму, претставуваат „диференцијалот" на трансмисиониот механизам во нексусот ХН$^{-ти}$ – конфликти, од каде што ХН$^{-ти}$ како микс од политички, социјални, економски и културни неправди, меѓусебно поврзани и во комплексна спрега со фрустрациите кои произлегуваат од нив, со перцепциите, но и со можностите, го црпат своето синтетизирано теоретско значење во објаснување на етно-политичката мобилизација.

Во одговор на поставените задачи, трудот укажува на актуелните методолошки и епистемолошки проблеми и ограничувања во емпириските истражувања на нексусот

ХН-ти – конфликти, и тоа: недостиг од конзистентни и систематски податоци за релевантните етнички групи, изборот на релевантните групи, нивните граници и бројност, дистрибуцијата внатре во групите и нејзината интерполација со меѓугрупните нееднаквости, политичката чувствителност на податоците, дилемите за потребата од синтетизирано мерење, различните бази на податоци и разликите во методолошкиот пристап (квантитативен наспроти квалитативен метод на истражување).

Трудот понатаму ги нагласува и актуелните предизвици за натамошните испитувања на нексусот нееднаквост-конфликти. Идните испитувања на нексусот треба да го зголемат фокусот на истражување, со проширување на пристапот во истражување и на останатите, недржавни фактори на медијација во нексусот, но и длабински, во натамошно развивање на дијалектичкиот јазол на ХН-ти, идентитетите и конфликтите и разложување на социјалните процеси кои служат како преносни тркала за прелевање на ефектите во конфликтниот микс. Предизвик останува и потенцијалното влијание на ХН-ти врз различната артикулација на политичкото насилство.

Концептот на ХН-ти, иако се чини неприменлив во општествата кои имаат хомогено избалансирана структура по линија на одделните димензии на нееднаквоста во однос на различната идентитетска припадност, т.е. онаму каде што не постои нееднаква распределба по етнички/идентитетски расцепи, не треба да се занемари и дерогира конфликтниот потенцијал на ХН-ти во контекст на пошироките предуслови кои можат да го трансформираат од латентна во насилна форма.

Поради општествената вграденост на концептот и моќта на перцепциите врз конфликтните динамики, и релативно малите промени можат да се перцепираат како многу значајни, и оттаму да влијаат врз мотивите за групна мобилизација.

Затоа, ХН-ти треба да се разберат од перспектива на нивниот развој и динамика, а нивното таргетирање во разрешување на структурното насилство и превенција на неговата трансформација во директно насилство, т.е. во насилен политички конфликт.

**БИБЛИОГРАФИЈА**


1. Akerlof A.George abd Kranton E.Rachel: *Economics and Identity*, The Quarterly Journal of Economics, Vol.CXV, Issue 3, 2000
2. Anderson Benedict: *Imagined Communities: Reflections on the Origin and Spread of Nationalism*, London, 1983
3. Annan Kofi A.: *We the Peoples. The Role of the United Nations in the 21 Century*, United Nations, 2000
4. Aristotle: *Politics*, 350 B.C.
5. Azar Edward: *The Management of Protracted Social Conflict: Theory and Cases*, Brookfield, 1990
6. Ballentine Karen and Nitzschke Heiko: *Beyond Greed and Grievances. Policy Lessons from Studies in the Political Economy of Armed Conflict*, IPA Policy Report, Lynne Rienner Publishers, 2003
7. Ballentine Karen & Sherman Jake: *The Political Economy of Armed Conflict. Beyond Greed & Grievance*, A Project of the International Peace Academy, Lynne Rienner Publishers, Inc., London, 2003
8. Barrows W.L.: *Ethnic Diversity and Political Instability in Black Africa*, Comparative Political Studies 9, 1976
9. Bates H.Robert: *Ethnicity*, Ethnicity Paper, Harvard University, 2005
10. Borjas J.George: *Ethnic Capital and Intergenerational Mobility*, The Quarterly Journal of Economics, Vol.107, No.1, 1992
11. Bray John, Lunde Leiv and Murshed S.Mansoob, Nepal: *Economic Drivers of the Maoist Insurgency, The Political Economy of Armed Conflict. Beyond Greed and Grievance*, International Peace Academy, London, 2003
12. Brown K.Graham & Langer Arnim: *Horizontal Inequalities and Conflict: A Critical Review and Research Agenda*, Routledge, London, 2010
13. Brown K.Graham & Langer Arnim: *Conceptualizing and Measuring Ethnicity*, JICA-RI Working Paper No.9, JICA Research Institute, 2010
14. Brubaker Rogers: *Ethnicity without Groups*, Arch.europ.sociol., XLIII, 2 (2002), University of California, 2002
15. Brubaker Rogers and Cooper Frederick: *Beyond "Identity"*, Theory and Society 29, Kluwer Academic Publishers, 2000

16. Brubaker Rogers and Laitin D.David: *Ethnic and Nationalist Violence*, Annual Review of Sociology, Vol.24, Annual Reviews, 1998
17. Cederman Lars-Erik, Weidmann B.Nils and Gleditsch Skrede Kristian: *Horizontal Inequalities and Ethno-Nationalist Civil War: A Global Comparison*, Presentation Paper for the Annual Meeting of the American Political Association, University of Maryland, 2010
18. Chua Amy: World on Fire, How Exporting Free Market Democracy Breeds Ethnic Hatred and Global Instability, Anchor Books, New York, 2004
19. Collier Paul and Hoeffler Anke: *On Economic Causes of Civil War*, Oxford University Papers 50, Oxford University Press, 1998
20. Collier Paul: *Economic Causes of Civil Conflict and Their Implications for Policy*, 2000
21. Collier Paul, Elliot Lani, Hegre Havard, Hoeffler Anke, Reynal-Querol Marta and Sambanis Nicholas: *Breaking the Conflict Trap*, Civil War and Development Policy, A copublication of the World Bank and Oxford University Press, 2003
22. Collier Paul and Hoeffler Anke: *Greed and Grievance in Civil War*, Oxford Economic Papers 56, 2004
23. Collier Paul, Hoeffler Anke and Rohner Dominic: *Beyond Greed and Grievance: Feasibility and Civil War*, Oxford Economic Papers 61 (2009), Oxford University Press, 2008
24. Cramer Christopher: *Economic Inequalities and Civil Conflict*, Center for Development Policy and Research, Discussion Paper 1501, University of London, 2001
25. Cramer Christopher: *Does Inequality Cause Conflict?*, Journal of International Development 15, 2003
26. Cramer Christopher: *Inequality and Conflict, A Review of an Age-Old Concern*, Identities, Conflict and Cohesion Programme Paper Number 11, UNRISD, 2005
27. DAC Guidelines: *Helping Prevent Violent Conflict*, OECD, 2001
28. Davies C.James: *Toward a Theory of Revolution*, American Sociological Review, Vol.27, No.1, 1962
29. Ellingsen Tanja: *Colorful Community or Ethnic Witches' Brew? Multiethnicity and Domestic Conflict during and after the Cold War*, Journal of Conflict Resolution, Vol.44, No.2, Sage Publications, 2000

30. Esteban Joan and Ray Debraj: *On the Salience of Ethnic Conflict*, American Economic Review Vol.98, No.5, 2008

31. Esteban Joan and Ray Debraj: *A Model of Ethnic Conflict*, Journal of the European Economic Association 9(3), 2011

32. Fearon D. James and Laitin D. David: *Violence and the Social Construction of Ethnic Identity*, International Organization Vol.54, No.4, Autumn 2000

33. Fearon D. James and Laitin D. David: *Ethnicity and Civil War*, The American Political Science Review, Vol.97, No.1, 2003

34. Fearon D. James and Laitin D. David: *Ethnicity, Insurgency and Civil War*, American Political Science Review 97, 2003

35. Galtung Johan: *Cultural Violence*, Journal of Peace Research, Vol.27, No.3, Sage Publications, 1990

36. Gleditsch Nils Petter, Wallensteen Peter, Eriksson Mikael, Sollenberg Margareta and Strand Havard: *Armed Conflict 1946-2001: A New Dataset*, Journal of Peace Research, vol.39, no.5, Sage Publications, 2002

37. Green Elliot: *The (Mis)use of Ethnicity in Current Political Economy Literature: Conceptual and Data Issues*, Paper for UNU WIDER Conference on Making Peace Work, Helsinki, 2004

38. Gurr Ted: *Why Men Rebel*, Princeton University Press, Princeton, 1970

39. Gurr Ted Robert: *Peoples Versus States, Minorities at Risk in the New Century*, United States Institute of Peace, Washington, 2000

40. Gurr Ted Robert: *Why Men Rebel*, Fortieth Anniversary Edition, Paradigm Publishers, London, 2011

41. Horowitz, Donald L.: *Ethnic Groups in Conflict*, University of California Press, Berkeley, 1985

42. Human Development Report 2005: *International Cooperation at a Crossroads, Aid, Trade and Security in an Unequal World*, UNDP, 2005

43. Human Development Report 2014: *Sustaining Human Progress: Reducing Vulnerabilities and Building Resilience*, UNDP, 2014

44. Human Security Report 2005: *War and Peace in the 21 Century*, University of British Columbia, Oxford University Press, 2005

45. Humphreys Macartan: *Economics and Violent Conflict*, Harvard University, 2003

46. Kaldor Mary: *New&Old Wars*, Organized Violence in a Global Era, Stanford University Press, Stanford, 2007
47. Laitin D.David: *Nations, States and Violence*, Oxford University Press, 2007
48. Langer Arnim and Stewart Frances: *Horizontal Inequalities and Violent Conflict: Conceptual and Empirical Linkages*, CRPD Working Paper No.14, Centre for Research on Peace and Development, Leuven, 2013
49. Lichbach Mark Irving: *An Evaluation of "Does Economic Inequality Breed Political Conflict?" Studies*, World Politics, Vol.41, no.4, 1989
50. Mancini Luca: *Horizontal Inequality and Communal Violence: Evidence from Indonesian Districts*, CRISE Working Paper No.22, University of Oxford, 2005
51. McKeown J. Timothy: *Case Studies and the Statistical Worldview: Review of King, Keohane and Verba's Designing Social Inquiry: Scientific Inference in Qualitative Research*
52. Meesenburg Anna W., Dolberg Lisbeth C. & Viffeldt Tina S.: *Narrative Theory*, 2011
53. Midlarsky I.Manus: *Rulers and the Ruled: Patterned Inequality and the Onset of Mass Political Violence*, American Political Science Review 82, 1988
54. Milanovic Branko: *The Inequality Possibility Frontier: The Extensions and New Applications*, World Bank, 2012
55. Murshed Syed Mansoob & Tadjoeddin Mohammed Zulfan: *Revisiting the Greed and Grievance Explanations for Violent Internal Conflict*, Centre for the Study of Civil War, PRIO, Oslo
56. Nagel J.: *Inequality and discontent: A non-linear hypothesis*, World Politics, Vol.26, 1974
57. Noll Christian: Narratives: *The Front Line of Identity Conflicts*, InterCulture 5.1, 2008
58. Ostby Gudrun: *Horizontal Inequalities and Civil War, Do Ethnic Group Inequalities Influence the Risk of Domestic Armed Conflict?*, International Peace Research Institute, Oslo, 2003
59. Ostby Gudrun: *Horizontal Inequalities and Civil Conflict*, PRIO, 2005
60. Ostby Gudrun, Nordas Ragnhild and Rod Jan Ketil: *Regional Inequalities and Civil Conflict in 21 Sub-Saharan African Countries, 1986-2004*, Polarization and Conflict Project, 2006

61. Ostby Gudrun: *Polarization, Horizontal Inequalities and Violent Civil Conflict*, Journal of Peace Research, vol.45, no.2, Sage Publications, 2008

62. Ostby Gudrun: *Horizontal Inequalities and Political Violence*, Introduction of a dissertation for the degree of PhD, Department of Political Science, University of Oslo, 2010

63. Parvin Manoucher: *Economic Determinants of Political Unrest: An Econometric Approach*, Journal of Conflict Resolution 17, 1973

64. Pugh Michael & Cooper Neil: *War Economies in a Regional Context, Challenges of Transformation*, A Project of the International Peace Academy, Lynne Rienner Publishers, London, 2004

65. Pugh Michael, Cooper Neil and Turner Mandy: *Whose Peace? Critical Perspectives on the Political Economy of Peacebuilding*, Palgrave Macmillan, 2008

66. Ramsbotham Oliver, Woodhouse Tom and Miall Hugh: Contemporary Conflict Resolution, The Prevention, Management and Transformation of Deadly Conflicts, Polity Press, 2005

67. Ross L.Michael: *Oil, Drugs and Diamonds: The Varying Roles of Natural Resources in Civil War*, The Political Economy of Armed Confict , IPA, 2003

68. Sambanis Nicholas: *Do Ethnic and Non-Ethnic Civil Wars Have the Same Causes?A Theoretical and Empirical Inquiry (Part I)*, The World Bank, 2001

69. Sandole J.D.Dennis: *Capturing the Complexity of Conflict – Dealing with Violent Ethnic Conflicts of the Post-Cold War Era*, New York, 1999

70. Sandole J.D.Dennis: *Extending the Reach of Basic Human Needs: A Comprehensive Theory for the Twenty-first Century*, Conflict Resolution and Human Needs in Theory and Practice, Routledge, 2013

71. Schock Kurt: *A Conjunctural Model of Political Conflict, the Impact of Political Opportunities on the Relationship between Economic Inequality and Violent Political Conflict*, Journal of Conflict Resolution, Vol.40, No.1, Sage Publications, 1996

72. Sigelman and Simpson: *A Cross-National Test of the Linkage Between Economic Inequality and Political Violence*, Journal of Conflict Resolution 21, 1977

73. Stewart Frances: Crisis Prevention: *Tackling Horizontal Inequalities*, Oxford Development Studies, Vol.28, No.3, 2000

74. Stewart Frances: *Social Exclusion and Conflict: Analysis and Policy Implications*, 2004

75. Stewart Frances and Langer Arnim: *Horizontal Inequalities: Explaining persistence and change*, CRISE Working Paper, No.39, University of Oxford, 2007

76. Stewart Frances: *Horizontal Inequalities as a Cause of Conflict*, Bradford Development Lecture, 2009

77. Stewart Frances: *Horizontal Inequalities as a Cause of Conflict:A Review of CRISE Findings*, Centre for Research on Inequality, Human Security and Ethnicity, Overview, Number 1, 2010

78. Stewart Frances: *Horizontal Inequalities as a Cause of Conflict:A Review of CRISE Findings*, World Development Report 2011, Background Paper, 2010

79. Stewart Frances: *Horizontal Inequalities and Conflict, Understanding Group Violence in Multiethnic Societies*, Palgrave Macmillan, 2010

80. Stewart Frances: *Global Horizontal (or Social) Inequalities*, University of Oxford, 2013

81. Stewart Frances: *Sustainability and Inequality*, CRISE Working Paper No.80, CRISE, 2014

82. Stiglitz E.Joseph: *Globalization and Its Discontents*, W.W.Norton & Company, 2003

83. Stiglitz E.Joseph: *Macroeconomic Fluctuations, Inequality, and Human Development, Journal of Human Development and Capabilities*, Vol.13, No.1, Routledge, 2012

84. Young Crawford: *Explaining the Conflict Potential of Ethnicity, Contemporary Peacemaking*, Palgrave Macmillan, 2008

85. Wimmer Andreas, Cederman Lars-Erik and Min Brian: *Ethnic Politics and Armed Conflict. A Configurational Analysis of a New Global Dataset*, American Sociological Review, 74(2), 2009

86. Wimmer Andreas, Goldstone J.Richard, Horowitz L.Donald, Joras Ulrike and Schetter Conrad: *Facing Ethnic Conflicts, Toward a New Realism*, Rowman&Littlefield Publishers, Inc., Oxford, 2004

87. World Development Report 2006, *Equity and Development*, World Bank, 2004

88. World Development Report 2011: *Conflict, Security and Development*, World Bank, 2011

89. Георгиева Лидија: *Творење на мирот, Мирот, безбедноста и конфликтите по Студената војна*, Филозофски факултет – Скопје, 2007

90. Фити Таки: *Кејнзијанската економска филозофија*, МАНУ, Економски факултет – Скопје, 2011

91. Шикова Наталија: *Самоопределувањето на народите во услови на глобализација*, Магор, Скопје, 2009

Web:

http://www.crise.ox.ac.uk

http://www.jstor.org

http://www.measuredhs.com

http://www.icr.ethz.ch

http://gecon.yale.edu

http://www.cidcm.umd.edu